**Институт за филозофија**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

# ФИЛОЗОФИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## Теориска и практична надградба на предметните програми од филозофскиот корпус предмети (Филозофија, Логика, Етика, Естетика) за средно образование

## СТУДИЈА

**Дејан Донев**

**Јасмина Поповска**

**Марија Тодоровска**

**Иван Џепароски**

**Ана Димишковска**

*ФИЛОЗОФИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО - Теориска и практична надградба на предметните програми од филозофскиот корпус предмети (Филозофија, Логика, Етика, Естетика) за средно образование*

Дејан Донев, Јасмина Поповска, Марија Тодоровска, Иван Цепароски, Ана Димишковска

**Издавач**
Филозофски факултет – Скопје

**За издавачот**
Проф. д-р Ратко Дуев, Декан на Филозофскиот факултет – Скопје

**Рецензенти**
Проф. д-р Мирко Ѓошевски
Проф. д-р Денко Скаловски

**Лектура**
д-р Вангелија Десподова

**Компјутерска обработка:** МАР-САЖ, Скопје

**Печати:** МАР-САЖ, Скопје

**Тираж:**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД....5
1. Компаративна анализа: Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Бугарија....9
1.1. ФИЛОЗОФИЈА....9
1.1.1. Општи податоци за предметот Филозофија....9
1.1.2. Цели на предметот Филозофија....11
1.1.3. Содржини на предметот Филозофија....22
1.1.4. Методи на предметот Филозофија....53
1.1.5. Заклучок....54
1.2. ЛОГИКА....56
1.2.1. Општи информации за предметот Логика....56
1.2.2. Цели на предметот Логика....57
1.2.3. Содржини на предметот Логика....60
1.2.4. Методи на предметот Логика....64
1.2.5. Заклучок....65
1.3. ЕТИКА....67
1.3.1. Општи информации за предметот Етика....67
1.3.2. Цели на предметот Етика....68
1.3.3. Содржини на предметот Етика....71
1.3.4. Методи на предметот Етика....82
1.4. ЕСТЕТИКА....83
1.4.1. Општи податоци за предметот Естетика....83
1.4.2. Цели на предметот Естетика....84
1.4.3. Содржини на предметот Естетика....86
1.4.4. Методи на предметот Естетика....92
2. Емпириски податоци од истражувањето....93
2.1. Анкета....93
2.1.1. ФИЛОЗОФИЈА....95
2.1.2. ЛОГИКА....111
2.1.3. ЕТИКА....126
2.1.4. ЕСТЕТИКА....135
2.2. ФОКУС-ГРУПИ....143
2.2.1. Фокус-група - Филозофија....144
2.2.2. Фокус-група – Логика....152

2.2.3. Фокус-група – Етика ........................................................................ 157
2.2.4. Фокус-група – Естетика ................................................................ 162
3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ ..................................................................... 165
3.1. Генерални заклучоци што се однесуваат на секој предмет поединечно ............................................................................................................. 165
3.1.1.Филозофија............................................................................................ 165
3.1.2. Логика................................................................................................... 168
3.1.3. Етика..................................................................................................... 170
3.1.4. Естетика................................................................................................ 171
3.2. Генерални заклучоци што се однесуваат сите предмети ................... 172
ПРИЛОЗИ......................................................................................................... 175
Библиографија................................................................................................. 227

# ВОВЕД

Предметните програми во средните училишта се документи во кои се дефинираат корпусот знаења кои учениците треба да ги научат, вештините и компетенциите со кои треба да се стекнат, вредностите кои треба да ги усвојат и начинот на кој треба да се спроведе наставата по еден предмет. Од исклучително значење за успешно спроведување на целите на наставата на еден предмет е постоење на добро осмислени предметни програми кои ќе го следат современиот развој на генеричката дисциплина од која произлегуваат, но и ќе го имаат предвид контекстот во кој се спроведуваат. Во таа смисла, предметните програми треба да бидат постојано теориски и практично надградувани, особено за предметите чиј досег ги надминува чисто познавателните цели и има далекосежни општествени и личносни импликации.

Институтот за филозофија од Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е носител на проектот „Теориска и практична надградба на предметните програми од филозофскиот корпус предмети (Филозофија, Етика, Логика, Естетика) за средно образование“ во 2018 година добиен во рамки на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти за 2017/2018 година. Координатори на проектот се: проф. д-р Дејан Донев, проф. д-р Јасмина Поповска, проф. д-р Марија Тодоровска. Главната цел на проектот е унапредувањето на предметните програми на предметите од филозофскиот корпус (филозофија, етика, логика, естетика), суштинско за одржување на современо филозофско образование за средношколската популација, и за подобрување на условите за творење, формулирање и пренесување на содржините, со што се очекуваат и подобри резултати во совладувањето на материјалот и особено, овозможување на учениците да добијат современи знаења од дисциплини пресудни за зачувување на човечкото, разумното, благородното и исправното во човекот во време на доминација на технолошки развој, нестабилност и отуѓување. Што подобро формулирани и посовремени програми кои ги опфаќаат најновите проблеми, прашања и можни пристапи во филозофските дисциплини, толку полесно справување со предизвиците на вредностите и очекувањата на денешницата за учениците и нивна подобра подготвеност да станат логички мислители, вљубеници во мудроста, а потем и добри професионалци во животните патеки

што ќе ги одберат по завршувањето на средното образование, способни за аргументација со почит, за донесување на информирани одлуки, за чесен третман на другите, за подобрување на светот во кој ќе живеат и работат.

Повеќе разлози го поттикнаа Институтот да го спроведе овој проект. Прво, да се направи иницијален чекор во процесот на мапирање на состојбата на филозофското и воопшто, хуманистичкото, образование во Македонија. Имено, да се направи исчекор во истражувањето на тоа дали светскиот тренд на сè позачестеното намалување на статусот на хуманистичкото образование може да се забележи и кај нас, и доколку е присутен, како тој тренд да се намали. Второ, многу од предметните програми по овие предмети не се променети веќе петнаесет години (предметната програма по Филозофија – задолжителен предмет - е изработена во 2002 година; по Филозофија – изборен предмет – во 2003 година; по Логика во 2003 година; по Етика – и за II и за III година – во 2003 година; по Естетика во 2007 година). Тоа значи дека предметните програми една и пол деценија не комуницираат ниту со најновите развојни промени во рамки на дисциплините, ниту со современите дидактички методи за спроведување на наставата. Трето, да се зајакне мрежата на наставниците кои ги предаваат овие предмети како платформа и за други видови иницијативи кои ги засега оваа група образовни работници. Континуираното професионално надградување на наставниците ќе придонесе за поголем квалитет на наставата по овие предмети.

Методологијата на спроведеното истражување беше оформена, имајќи предвид два исклучително значајни аспекта: искуствата на конципирањето предметни програми по овие предмети во средношколските системи во други држави со општествен контекст сличен на нашиот, како и искуствата на оние кои најнепосредно се соочуваат со предметните програми - наставниците. Во таа смисла, методологијата се темели на два типа анализи: 1. компаративна анализа на предметните програми од филозофскиот корпус предмети во земјите: Македонија, Србија, Црна Гора, Бугарија и Хрватска; и 2. анализа на собраните емпириски податоци (анкета и фокус-групи) добиени во рамки на организираниот семинар за наставници. На него учествуваа 45 наставници од 29 средни училишта од Македонија. И двете анализи се конципирани врз основа на 5 целини кои ги опфаќаат содржините на предметните програми: 1. основни информации за предметот, 2. место на предметот во останатиот курикулум и претходни знаења на ученикот, 3. цели и задачи на предметот (очекуван усвоен основен концептуален корпус на знаења, функционални и позна-

вателни компетентности на ученикот), 4. содржина на предметот, 5. начини и методи на спроведување на предметот [материјални услови, ресурси за реализација, дидактички препораки, проверување и оценување, процентна распределба на видовите часови (предавање, повторување, часови за слободен избор) во годината, наставни средства и помагала]. Деталните методолошки алатки се објаснети подолу. Анализата и заклучоците за секој предмет поединечно ги спроведуваа: Филозофија (задолжителен и изборен предмет) – проф. д-р Јасмина Поповска и проф. д-р Марија Тодоровска; Логика – проф. д-р Ана Димишковска; Етика – проф. д-р Дејан Донев; и Естетика – проф. д-р Иван Џепароски.

Постигнување оптимална синхронизација на високите цели кои си ги поставува наставата по Филозофија, Логика, Етика и Естетика, и контекстот во кој тие се спроведуваат е навистина тешка задача. Со едно истражување е невозможно да се најде начинот на кој оваа синхронизација може да постигне, но секако е значен чекор во увидување на состојбите и предлагање одредени решенија за подобрување на овој процес, особено затоа што ова е прво спроведено истражување за надградување на наставата по овие предмети. Како што многу често се случува, во текот на истражувањето, истражувачите се соочија со одредени ограничувања, кои главно се должат на логистички предизвици, ограничувања кои можат да влијаат на намалување на аподејктичноста на одредени заклучоци.

# 1. Компаративна анализа: Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Бугарија

Анализата на спроведувањето на наставата по филозофските предмети во други национални контексти е особено значајна пред какво какво преземање акција за надградба на предметните програми по филозофскиот корпус предмети во Р. Македонија. Ваква компаративна анализа ќе биде особено информативна доколку нејзин предмет се националните курикулуми на земјите со близок или сличен општествен контекст. Водејќи се од принципот компарацијата да не опфаќа премногу предметни програми, но сепак да бидат доволни за да дадат соодветни информации, истражувачите одлучија анализата да ја спроведат имајќи ги предвид предметните програми во средношколските курикулуми на Република Македонија, Република Србија, Република Црна Гора, Република Хрватска, Република Бугарија.

Компарацијата ќе биде структурирана низ следниве точки:

1. Општи податоци за предметот;
2. Цели на предметот;
3. Содржини на предметот;
4. Методи на предметот.

## 1.1. ФИЛОЗОФИЈА

### 1.1.1. Општи податоци за предметот Филозофија

Предметот Филозофија во **Р. Македонија** се изучува во средните училишта, како задолжителен во гимназиското образование во четврта година со 3 часа неделно (93 часа годишно), и во четврта година во стручно-уметничкото образование со 2 часа неделно (72 часа годишно), а како изборен во гимназиското образование во четврта година со 2 часа неделно (66 часа годишно). Задолжителниот предмет следи историски пристап, а изборниот предмет има проблемски пристап. Од Министерството за образование и наука на Р. Македонија е препорачан само еден учебник како основно наставно средство за реализација на наставата.[1]

[1] Темков, К. С. Сидовски. *Филозофија за IV година*. Скопје: Просветно дело.

Предметот Филозофија во **Р. Србија** се изучува како задолжителен во природно-математичките гимназии со 2 часа неделно (64 часа годишно), во гимназиите од општ тип и од општествено-јазична насока со по 3 часа неделно (96 часа годишно). Од Министерството за просвета, наука и технолошки развој на Р. Србија се препорачани пет учебници како основни наставни средства за реализација на наставата.[2]

Во **Р. Црна Гора**, предметот Филозофија е задолжителен во гимназиското, стручното и стручно-уметничкото средно образование. Во гимназиите се изучува во четврта година со по 2 часа неделно (66 годишно); во стручното образование во трета или четврта година со 2 часа неделно (70 часа во трета година, односно 64 часа во четврта година); и во стручно-уметничкото образование со 3 часа неделно (105 часа во трета година, односно 96 во четврта година). Во предметната програма не се препорачува ниеден учебник, но предложени се две хрестоматии на изворни текстови[3].

Предметот Филозофија во **Р. Хрватска** се изучува во четврта година како задолжителен (а може да се одбере и како изборен), со најмалку 2 часа неделно (најмалку 64 часа годишно), а може и повеќе во зависност од училиштето. Соодветно на изборот на жупанијата и на училиштето се одредува кој учебник ќе се користи во реализација на наставата по Филозофија[4].

Застапеноста на предметот Филозофија во **Р. Бугарија** е комплексна. Се изучува како задолжителен од осми до единаесетти клас во рамките на задолжителната општообразовна подготовка (во осми и деветти клас застапен со 36 часа неделно, а во десетти и единаесетти клас со 72 часа годишно). Во профилираното образование во единаесеттиот и дванаесеттиот клас постојат по шест модули, од кои задолжителен е само модулот Историја на филозо-

---

[2] Кораћ, В., Б. Павловић. *Историја филозофије за средње школе*. Београд: ЗУНС; Цветковић, В. Н. Цекић, М. Савић. *Филозофија*. (уџбеник за четврти разред гимназија и правно-биротехничких школа). Београд: ЗУНС; Вучић, О. *Филозофија за четврти разред медицинске школе.* Београд: ЗУНС; Радић Тадић, М. *Филозофија, уџбеник за четврти разред гимназије, средњих стручних и уметничких школа*. Београд: Нови Логос; Јеремић, М. *Филозофија, уџбеник за четврти разред гимназије и четворогодишње средње стручне школе*. Београд: Клет.

[3] *Filozofska hrestomatija* 1-9, Zagreb: Matica hrvatska, 1978; *Nagovor na filozofiju* (hrestomatija I i II), priredio Vidak Marković, Učenička zadruga gimnazije „Svetozar Marković“, Niš, 1996. i 1997.

[4] Најчесто користени се овие два учебника: Kalin, Boris. *Filozofija – uvod i povijest*. Zagreb: Školska knjiga; Reškovac Tomislav. *Filozofija, udžbenik filozofije za 4. razred gimnazije,* Profil: Zagreb.

фијата (останатите се задолжително изборни), бројот на часови, во зависност од модулот, изнесува меѓу 36 и 72 часа годишно). Од Министерството за образование и наука на Бугарија се препорачани вкупно десет учебници, како основни наставни средства за реализација на наставата[5].

### 1.1.2. Цели на предметот Филозофија

Целите на предметот Филозофија се однесуваат на квантумот и степенот на знаење што треба да се стекне од областа на филозофијата што се третира, а се насочени и кон критичкото мислење и аргументација, развојот на личноста, што потоа помага во развојот на општеството и стекнувањето на специфични способности и вештини. Односно, општите цели на предметот Филозофија може да се поделат во четири групи: Спознание, Критичко мислење и аргументација, Развој на личноста и на општеството, и Развивање вештини.

#### *1.1.2.1. Република Македонија*

Од аспект на СПОЗНАНИЕ (знаења што треба да се стекнат од областа на предметот), **задолжителниот предмет Филозофија** во **Република Македонија**, во кој се следи историскиот пристап, се однесува на стекнување на:

- спознание од областа на филозофската мисла, филозофските истражувања и спознанија; знаења за развојот на човечката мисла, за поврзаноста и условеноста помеѓу развитокот на мислата;
- спознанија за светот и светогледот и развитокот на нашата цивилизација;

[5] Философия /печатно издание с електронен вариант/ Л. Андреева и колектив ИК „Анубис” ООД 2017; Философия /печатно издание с електронен вариант/ Г. Каприев и колектив „Булвест 2000” ООД 2017; Философия /печатно издание с електронен вариант/ С. Герджиков ЕТ „Екстрем-Сергей Герджиков” 2017; Философия /печатно издание с електронен вариант/ Г. ГерчеваНесторова и колектив СД „Педагог 6” - Делев, Луизова и с-ие 2017; Философия /печатно издание с електронен вариант/ Е. Иванова Варджийска и колектив „Просвета-София” АД 2017; Философия, И. Колев, Р. Пожарлиев 2001 – 2017 ИК „Анубис” ООД; Философия, О. Георгиев, Г. Каприев 2001 – 2017 „Д-р Иван Богоров” ЕООД; Философия, С. Герджиков Я. Мерджанова 2001 – 2017 „Екстрем”; Философия, Д. Денков и колектив 2002 – 2017 „Просвета–София” АД; Философия /световни религии/, Е. Сярова, „Просвета-София”, АД, 2002.

- можности учениците да се воведуваат во филозофското разбирање и доживување на светот;
- разбирање на духовните стремежи на луѓето низ историјата и на одделните филозофски и научни откритија.

**Изборниот предмет Филозофија**, кој следи проблемски пристап кон филозофијата, треба:

- да ги воведе учениците во структурата, содржината, тематиката и методите на филозофското мислење;
- да им овозможи разбирање на проблемите на филозофијата, на нејзиниот метод на мислење и за нејзиното значење на човечкото спознание;
- да развие кај учениците способност за разбирање на духовните стремежи на луѓето низ историјата и на одделните филозофски и научни откритија.

Од аспект на КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ И АРГУМЕНТАЦИЈА, од **задолжителниот предмет Филозофија** предмет се очекува:

- да ги оспособи учениците за самостојно, креативно мислење и развивање на нивната самостојна критичка и вредносна мисла;
- да овозможи кај учениците да се развива способност за слободен дијалог, втемелен врз рационални аргументи;
- додека, од изборниот предмет Филозофија се очекува да ги оспособи учениците аргументирано да дискутираат во соодветната област на дискусија.

РАЗВОЈОТ НА ЛИЧНОСТА И НА ОПШТЕСТВОТО во **Филозофија како задолжителен предмет** се постинуваат така што од учениците се очекува:

- да се запознаат со постулатите на човековата слобода и со принципите на културниот и духовниот развиток на човечкото општество;
- да бидат поттикнати на размисла за темелните прашања за човекот, човечкото општество и светот;
- да умеат да го објаснат значењето на хуманистичките аксиолошки принципи, етичката добродетел и естетските вредности како фундаментален човечки принцип;
- да развијат чувство за одговорност, самодоверба и чувство на сигурност и духовна стабилност;

- да ги толерираат идеите и животните ставови на другите;
- да изградат отворена, демократска граѓанска свест.

Од **Филозофија (изборен предмет)** се очекува да ги насочува учениците кон дел од овие цели, особено:

- да се здобијат за изворна свест за дострелите и моќта на филозофското мислење во решавање на животните проблеми на луѓето;
- да развијат чувство за одговорност, самодоверба и чувство на сигурност и духовна стабилност;
- да развијат толеранција кон другите;
- да изградат отворена, демократска граѓанска свест (идентични цели со задолжителниот предмет, што е и очекувано од нивната комплементарна природа).

Целите посветени на РАЗВИВАЊЕ ВЕШТИНИ се специфични, според природата на областа. Така, од **Филозофија (задолжителен предмет)**, како и од **Филозофија (изборен предмет)** се очекува учениците да се оспособат:

- да анализираат, синтетизираат, апстрахираат и класифицираат;
- да донесуваат точни заклучоци;
- да осмислуваат и поставуваат прашања;
- аргументирано да одговараат на прашањата;
- да идентификуваат издржан и толерантен дијалог;
- убаво и точно усно и писмено да се изразуваат;
- јавно да настапуваат;
- да комуницираат, особено во интелектуалната сфера;
- да соработуваат со соучениците од класот;
- да ја сфатат потребата за постигнување повисоки академски цели стандарди.

### *1.1.2.2. Република Србија*

Целите насочени кон СПОЗНАНИЕ во **Република Србија** на предметот **Филозофија** се во насока на тоа учениците:

- да ја познаваат методолошката структура на научното и филозофското истражување;

- да ги поврзат сопствените мисловни искуства со карактеристичните филозофски проблеми, и запознавајќи ги различните филозофски стојалишта да стекнат свест за сложеноста и за креативната компонента на интелектуалниот напор да се проникне во структурата на стварноста;
- да го разберат значењето на историскиот контекст и развојните димензии во настанокот на филозофското сфаќање, како и взаемното преплетување на културните и интелектуалните традиции во настанувањето на научните теории и духовните творби на западната култура.

Во сферата на КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ И АРГУМЕНТАЦИЈА, се очекува од наставата по предметот **Филозофија**, да ги ориентира учениците:

- да ги совладаат знаењата за елементите и принципите на правилната мисла, и активно да ги користат во структурирање на познанија и алгоритамско решавање на проблемите;
- да ја разбираат структурата на сознајните способности, сложениот однос на јазикот и мислењето во процесот на спознавање и развивање чувствителност за типични грешки во заклучувањето и докажување и во секојдневната комуникација;
- во примената на критичко-рационалните методи во решавањето на практичните и теориските проблеми;
- да совладуваат различни мисловни стратегии и да го унапредуваат самостојното и критичко судење низ анализа и интерпретација на филозофските текстови и реконструкција на филозофските аргументи.

Очекувањата од предметот Филозофија во групата на цели поврзани со РАЗВОЈОТ НА ЛИЧНОСТА И НА ОПШТЕСТВОТО, се мошне широки и разновидни. Така, се очекува дека при слушањето на предметот, учениците ќе успеат:

- да развијат свест за потребата од активно обликување на својот живот, како и одговорно учествување во јавниот живот на хуманото и демократски ориентираното општество, така што ќе бидат:
- оспособени независно и критички да мислат и просудуваат, формирајќи сопствен поглед на светот чувствителен на културниот контекст, и со своите постапки, дејства и дела

- да раководат со вредностите на вистината, доброто и убавото и праведноста, чии смисла и значење се откриваат во процесот на совладување на знаењата и вештините својствени на филозофската култивирана мисла;
- да совладуваат анализи на комплексните прашања и идеи со цел да формираат сопствен поглед на проблемите на современиот свет;
- да разликуваат фактички од вредносни судови и да артикулираат вредносен систем во соочувањето со етичките дилеми и општествените предизвици во кои живеат;
- да развиваат чувствителност за социјален и културен контекст, идентитет и разлики, совладувајќи вештини на успешна комуникација, тимска работа и практикувајќи техники за конструктивно решавање на конфликти во секојдневниот живот;
- да преземаат одговорност за сопствените постапки, односот кон природното и општественото опкружување, а со тоа, со успех да учествуваат во јавниот живот на општеството;
- континуирано да освојуваат и практикуваат интелектуални доблести, ставови и вредности: интелектуална отвореност и љубопитност, вистинољубивост, уважување на сведоштвата и аргументите, спремност за автокритика, толеранција кон разликите во мислењето и непристрасност во процената на сопствените и туѓите ставови, постапки и достигнувања;
- да усвојат целосен пристап кон образованието, кој се темели на меѓузависност и трансфер на знаења од различни области, да ги усовршат методите и техниките за забрзување на сопственото учење, развиваат интересирање за (теориски) знаења и вештини потребни за понатамошно образование, индивидуален и професионален развој.

Може да се забележи дека дел од овие способности може да се вбројат и во групата РАЗВИВАЊЕ ВЕШТИНИ, затоа што, дел од нив – умеењето да се вршат анализи, дистинкции меѓу фактичкото и вредносното, доблестите и вредностите на интелектуалниот потфат и соработка (вистинољубивост, развивање на непристрасност, техники за решавање на конфликти) итн., се применуваат во развојот на личноста и на личноста како морален и социјален дејствител во општеството.

ВЕШТИНИ што учениците треба да ги стекнат од предметот **Филозофија** се:

- унапредувањето на способностите за разложно (писмено и усно) изложување на мисловните содржини;
- умеењето за учество во расправа на начин кој придонесува за развивање на атмосферата на отвореност и взаемно уважување и почит.

***1.1.2.3. Република Црна Гора***

СПОЗНАНИЕ што треба да се стекне од предметот **Филозофија** во **Република Црна Гора** се однесува на:

- овозможување на вовед во, и развивање на осет за тековите на филозофското мислење;
- способност за промислување и поврзување на различните искуства (од типот на искуствата во науката, уметноста, религијата).

Целите во насока на КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ И АРГУМЕНТАЦИЈА од предметот, се дека тој може да:

- поттикнува и развива критичко мислење и просудување за темелните прашања за светот, природата и човековото познание и дејствување;
- развива способност за надминување предрасуди и насочува кон толерантен и рационално аргументиран дијалог.

Од аспект на РАЗВОЈОТ НА ЛИЧНОСТА И НА ОПШТЕСТВОТО, од наставата по Филозофија се очекува да овозможи духовна ориентација во современиот свет, односно:

- да овозможува примена на основните филозофски поими на човекот, општеството, природата и целокупната духовност
- да поттикнува духовна самостојност и отвореност за други гледишта;
- да оспособува за градење на сопствено мислење;
- да придонесува за целосен развој на личноста;
- да развива одговорност за Другиот (за личноста и заедницата);
- да развива способности за самоиспитување и интеграција во заедницата.

ВЕШТИНИ што треба да се развијат со предметот се способноста за добра комуникација, односно развојот на комуникациските способности.

### *1.1.2.4. Република Хрватска*

ЦЕЛИТЕ поврзани со СПОЗНАНИЕ од предметот **Филозофија** во **Република Хрватска** се:

- воведување во филозофскиот начин на мислење;
- овозможување на развој за длабоко разбирање/увидување кое теориите или некое учење може само да му даде облик;
- поттикнување на рефлексија на содржините на другите наставни предмети, кои не можат да бидат испитувани со методите на тие науки.

Целите на предметот поврзани со унапредување на КРИТИЧКОТО МИСЛЕЊЕ И АРГУМЕНТАЦИЈА се:

- развивање, поттикнување и негување на рефлексивноста со цел ученикот да се оспособи автономно да мисли;
- развивање критичко и креативно мислење.

Целите на предметот Филозофија, а со тоа и содржината, начинот на презентација и општите дидактички очекувања се особено посветени на оформувањето на свесни и ангажирани граѓани, дејствители во заедницата со свесност за сопствената вредност и одговорности. Затоа целите од групата РАЗВОЈ НА ЛИЧНОСТА И ОПШТЕСТВОТО се и најкомплексни, но и најсилно поврзани со фактичката состојба на содржината и осмисленоста на предметот.

Така, од предметот се очекува да им овозможи на учениците:

- стекнување на знаења и вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава (со што се негува индивидуалноста и посебноста на ученикот како рамноправен член на општеството и заедницата);
- развивање на сопствените можности на ученикот и развој на општеството, преку развивање на самосвеста, проактивноста и творештвото;
- развивање, поттикнување и негување на рефлексивноста со цел ученикот да се оспособи автономно да дејствува;

▪ промислување на слободата и одговорноста на сите нивоа, за да се разбере личниот и колективниот идентитет со акцент на еднаквоста на вредноста на другите/туѓите идентитети;

▪ создавање сопствен идентитет и почитување на интегритетот на другите;

▪ низ дијалог да се сфати и развие вредноста на различноста и толеранцијата како основа на модерното демократско општество;

▪ поттикнување на вистинољубивост, заштита на животот, достоинството на секоја човечка личност, оживотворување на слободата,

▪ поттикнување на рамноправност, праведност, општествена еднаквост, взаемно почитување, култура на дијалог и толеранција, пријателство, почитување, дејственост, работа, родољубие, грижа за здравјето, природата и околината;

▪ остварување на целосен развој на ученикот – когнитивен, морален, емоционален, социјален и естетски;

▪ развивање на личната одговорност и должност со цел да се увидат последиците од дејствувањето, така што се стекнува свест за својата вредност и важност како член на заедницата кој рационално промислува, одлучува и дејствува.

РАЗВИВАЊЕТО НА ВЕШТИНИ што треба да се постигне со предметот **Филозофија** се однесува на:

▪ развивање способности за самостојно поставување прашања и проблематизирање на секојдневните ситуации;

▪ развивање комуникациски вештини низ дијалог и аргументирано комуницирање.

### *1.1.2.5. Република Бугарија*

Целите на предметот **Филозофија**, и покрај комплексноста на средношколскиот образовен систем во **Република Бугарија**, исто така може да се поделат во овие групи, со извесни исклучоци или спојувања на очекувањата од различните класови. Во оваа смисла, на пример, РАЗВИВАЊЕТО НА ВЕШТИНИ функционира прогресивно од осмиот до десеттиот клас, и затоа може да се разгледува како множество на прогресивни цели на предметот низ учебните години.

Знаењата што учениците треба да ги стекнат (односно СПОЗНАНИЕ) во осмиот клас се:

- препознавање на спецификите на филозофското познавање на реалноста: филозофија, светоглед, знаење, мудрост;
- основно (пре)познавање на антрополошки и психолошки концепти и теории.

Во деветтиот клас тоа се:

- запознавање со, односно познавање на основните концепти и теории од етиката и естетиката;
- разграничување и разбирање на различните историски и современи норми (морални, правни, религиски, политички) на заедничкиот живот во заедницата;
- распознавање филозофски концепции за убавото и може да ги примени на разни уметнички дела;
- познавање на спецификата на филозофското познание за нормите и вредностите.

Во десеттиот клас од ученикот кој го слуша предметот Филозофија се очекува да умее:

- да познава основни концепти и теории од социјалната филозофија и филозофијата на правото;
- да ги анализира и ги оценува различните историски и современи норми (морални, правни, религиски, политички) на заедничкиот живот во заедницата;
- да ги запознава основните концепти и теории на филозофијата: мислење, суштествување, јазик, познание, метод, вистина, наука, култура и природа, живот и смрт, смисла, секуларност и религија.
- да ги разликува основните карактеристики на филозофското размислување и културата во антиката, средниот век, нововековието и современоста.
- да разбира одредени феномени на науката, уметноста и културата во историско-филозофски контекст.

Во профилираното образование, од единаесеттиот клас се очекува да ги оспособи учениците за:

- стремење кон ентузијастично изучување на поединечните науки, насочувајќи ја мислата кон културните и егзистенцијални основи на познанието;

а од дванаесеттиот клас, за:

- усвојување на спознанија за историската појава и развој на религијата како културен феномен, светските религии и православната национална традиција;
- поврзување на тие познанија со филозофијата, етиката, правото и граѓанската настава
- општо запознавање со религиската проблематика, феномени и искуства.

Целите од областа на КРИТИЧКОТО МИСЛЕЊЕ И АРГУМЕНТАЦИЈА во осмиот клас се поврзани со, односно применети на

- аргументирањето на личните преференции во уметноста, со соодветно користење на естетски категории;

а во десеттиот клас од ученикот кој го следи предметот се очекува:

- да ги знае основните концепти на теоријата на аргументацијата (вистината и логичната валидност на аргументите, основните логички методи, правила и грешки во аргументацијата);
- јасно и прецизно да може да ја формулира сопствената лична позиција;
- да има способност да избере и примени различни стратегии на размислување и аргументација според специфичната ситуација;
- да биде подготвен да го користи критичкото мислење за да го рационализира сопственото искуство.

Кон РАЗВОЈ НА ЛИЧНОСТА И НА ОПШТЕСТВОТО во осмиот клас се насочува со силен акцент на интроспекција, себеспознавање, и свесност за сопствените можности за самоподобрување, така што од ученикот се очекува:

- да ги применува здобиените познанија да поттикне личен развој и себепознание преку развивање на вештините за самостојно, критичко и творечко мислење;
- да ги анализира сопствените силни и слаби страни во однос на неговиот развој, меѓуличните односи во социјалната средина;
- да прави напори да изгради чувство на емпатија и доверба во заедницата (групата) преку соработка и конструктивна комуникација;
- да ги користи филозофските и психолошките концепти и теории за да го рационализира своето лично искуство.

Во деветтиот клас продолжува самоанализата, но поинтензивно применувана во потребите на заедницата. Така, од ученикот се очекува:

- да ги анализира и оценува основите на сопствените постапки и избори (вредности, принципи, мотиви и последици);
- да ги разбира споделените вредности во заедницата и се однесува одговорно кон нив;
- да ја прифаќа различноста во верувањата на другите (да развива толерантност) и да ги надминува сопствените предрасуди.

Интензивното вртење кон карактеристиките и потребите на заедницата продолжува во десеттиот клас, во кој од ученикот се очекува да може:

- да планира и управува со активности за да се постигнат посакуваните промени во заедницата (да осмислува проекти значајни за заедницата);
- да учествува ангажирано и посветено во животот на заедницата;
- да прифаќа плурализам во познавателните и социјалните феномени.

Од изучувањето на предметот Филозофија во профилираното образование, се очекува да ги оспособи учениците во единаесетти клас за:

- проблематизирање на достапното, на секојдневното искуство;
- преземање одговорност за спознанието, преобразувањето, создавањето, организирањето на ново социјално искуство;
- помагање во осмислувањето на граѓанското општество преку демократски вредности;
- формирање на граѓански вештини за активно учество во социјаниот живот;

а учениците од дванаесеттиот клас за:

- спознавање на историските разлики во развојот на филозофијата, предизвиците на глобалното како суштествени елементи на демократското граѓанство;
- конструктивното однесување кон културните разлики, толерантно однесување кон другите христијански верувања и другите религии;
- препознавање и применување на филозофско-естетички рефлексии низ секојдневното искуство;
- поттикнување соодветно поведение во сферата на научното познание, особено на природните и формални науки.

РАЗВИВАЊЕТО НА ВЕШТИНИ како резултат на наставата по Филозофија од осмиот до десеттиот клас може да се групира на следниов начин:

- анализа на филозофски или друг специјализиран текст – од ученикот се очекува да умее да формулира проблеми и тези во текстот на авторот, да оценува текст од гледна точка на неговата гледна точка, да изразува лична позиција (1);
- создавање на аналитички текст (филозофски есеј) – ученикот треба да умее да создава краток аналитички текст со јасна структура во кој формулира проблем и теза и ги аргументира низ примери од секојдневието (2);
- учество во дискусии – ученикот треба да знае да ја формулира и да ја објаснува личната позиција јасно и точно; да учествува конструктивно во дијалошки форми на филозофско иследување со одредена форма (дискусија, дебата) (3);
- анализа на случај – се очекува ученикот да умее да анализира проблемска ситуација, да формулира проблем или конфликт, да предложува алтернативни решенија од гледна точка на различните учесници во ситуацијата и да прави аргументиран избор (4);
- разработување на проект (социјален и/или истражувачки) – ученикот треба да умее да анализира проблемска ситуација, да формулира цел, да планира дејности и ресурси, да управува процеси (5);
- претставување пред публика – ученикот треба да умее да претстави пред публика структурирани информации, да знае како да запазува зададена форма, како и да употребува различни средства и нагледни технологии (6).

### 1.1.3. Содржини на предметот Филозофија

Анализата на предметните програми на предметот **Филозофија** може да се одвива низ определување на главните тематски целини, и конкретните цели (на кои прашања ќе умее да одговори ученикот, со кои теми ќе се запознае, односно за кои теми ќе умее аргументирано да разговара).

N. B. во изложувањето на содржините, онаму каде е можно, принципот ќе биде следниов. Прво, ќе биде наведена тематската единица, потоа темите во нејзини рамки (или, онаму каде постојат, и поттеми). Дидактичките цели ќе бидат наведувани низ формулацијата за тоа што се очекува од учениците, кои спознанија тие ги добиваат (со што ги запознава тематската единица/кон-

кретната тема во нејзини рамки), односно за дискусија на кои теми или аргументирано одговарање на кои прашања учениците се оспособуваат преку изучувањето на тематската единица.

N. B. Со прогресивното наведување на содржините, ќе бидат формулирани сличности на одредени тематски единици или предмети со оние што веќе биле наведени.

### *1.1.3.1. Република Македонија*

Во **Филозофија (задолжителен предмет)** во **Република Македонија** се застапени шест тематски целини и се следи историски пристап во изучувањето на филозофијата (односно се изучува историјата на филозофијата).

Првата тематска целина е **Воведни сознанија за филозофијата**. Главните теми што се разгледуваат се: Што е филозофијата?; Кој е предметот на филозофијата?; Проблеми и дисциплини на филозофијата и Историја на филозофијата. Со запознавање со овие теми од учениците се очекува да се оспособат за разгледување на прашањата, односно водење на разговор околу: филозофскиот начин на мислење; начините преку кои се врши идентификувањето на основните филозофски проблеми и дисциплини, што кореспондираат со одговарање на основните филозофски прашања; основните забелешки за историскиот тек на филозофската мисла и начинот на изучување на предметот. Покрај ова, од учениците се очекува да се запознаат со филозофијата како основна можност за запознавање со самиот себеси; и со начините за анализирање на проблемите за животот и човештвото.

Во втората тематска целина, **Античка филозофија**, учениците се запознаваат со темите: Раѓањето на филозофијата; Антика – темел и столб на европската култура и цивилизација; Први филозофи: Милетска школа, Питагора; Проблемот на филозофските спротивности: Хераклит и Елејската школа; античките атомисти; софистите; Сократ; Платон; Аристотел; Хеленистичката филозофија; киници, скептици, епикурејци и стоици, и филозофијата на Плотин. Целите на оваа тематска целина се да ги запознае учениците со: античката мисла и цивилизација, како историска и духовна основа на европската и светската култура; начелата и содржините на првите појавувања на филозофијата; односот на развитокот на филозофијата со развитокот на научната мисла (и научните системи воопшто), и процесот на раѓањето на науките од филозофијата.

Тематската целина **Средновековна филозофија** се содржи од темите: Монотеистичка религија, духовна универзалност и теократски општества; Раѓање на христијанството; Августин; Византиска филозофија; Првите словенски просветители: Кирил и Методиј, Климент Охридски; Арапска филозофија: раѓање и развој; Тома Аквински. На овој начин, учениците се запознаваат со: главните карактеристики на политеизмот и на монотеизмот; значењето на монотеистичката религија за натамошната европска и светска историја; влијанието на монотеистичките религии врз развитокот и суштината на европската и светската култура; средниот век како особена епоха во човечката цивилизација; аспектите на теократските општества. Покрај ова, тие добиваат спознанија за: местото на филозофското мислење во христијанството и во развојот на христијанската филозофија; влијанието на византиската филозофија врз формирањето на мислата кај македонските Словени; континуитетот и дисконтинуитетот на античката филозофска мисла; врската на монотеистичките религии и соодветните филозофски системи; и, особено значајно поради специфичноста, значењето на македонските просветители за светската култура. За оваа програма карактеристично е повикувањето на важноста на просветителската дејност, истакнато поради директната врска на византиската традиција и просветителските потфати на македонските дејци, што не фигурира како тема во предметите во другите земји.

Во тематската целина **Нововековна филозофија**, учениците се запознаваат со следниве теми: Ренесанса: промена на духот, создавање на нова култура; Ренесансна наука: Галилеј и Макијавели; Џордано Бруно; Науката во новиот век; Франсис Бејкон; Емпиризам: Лок, Беркли, Хјум; Рационализам: Декарт, Спиноза; Француско просветителство: Волтер и Русо; Енциклопедисти. Прашањата на кои се очекува да може да одговорат, односно темите на кои може аргументирано да разговараат се: Преродбата на човечкиот дух и стремежите за слободна мисла; кои се разлозите за големиот подем на науката во новиот век; личното и духовното единство на научниците и филозофите. Исто така, се очекува да се оспособат за дискусија за тоа кои се основните методолошки насоки на емпиризмот и на рационализмот; за значењето на просветителските тенденции во модерната култура, наука и филозофија; за значењето на развитокот на новиот научен енциклопедиски дух; и за прашањето за тоа кои се основите на современиот поглед на светот и на современата методологија, воспоставени во ренесансата и новиот век.

Во петтата единица, **Современа филозофија**, темите со кои учениците се запознаваат се: Филозофијата и науката на современото општество; Кант; Хегел; волунтаризам; Шопенхауер; позитивизам: Конт; економски либерализам: Смит; либерализам: Џон Стјуарт Мил; социјална критика: утописти, анархисти; Маркс и марксистите; Киркегор. Учениците треба да умеат да одговорат на прашањата: како се развивала филозофијата од почетокот на XIX век до денес? и кои се новите видови на значајни човекови сознанија во антропологијата, филозофијата на историјата, аксиологијата, социјалната мисла?, и да умеат да разговараат за: карактеристиките на мисловниот развој во новата епоха на човештвото; значењето на германската класична филозофија и на натамошниот развиток на филозофската мисла, како континуитет, или како спротивност; основните духовни пристапи во човечката мисла: критички метод, дијалектика, волунтаризам, позитивизам, либерализам, социјална и духовна критика, индивидуализам.

Во тематската единица **Филозофија на XX век**, застапените теми се: Прагматизам; интуиционизам: Бергсон; Фројд и фројдизам; феноменолошки метод: Хусерл; Бертранд Расел; неопозитивизам; егзистенцијализам; Карл Попер; Кибернетика: Норберт Винер; Ерих Фром; биоетика и екологија; постмодерна филозофија; филозофијата во Македонија. Од учениците се очекува да умеат да одговорат на следниве прашања: кои се најзначајните мисловни тенденции, филозофски правци и мислители на XX век?; кои се принципите и суштината на човечката мисла во денешната епоха?; кои се главните начела и сознанија на модерните филозофија, методологија, антропологија и етика?; каков е континуитетот на мислењето од раѓањето на филозофијата до денес?; каква е суштинската поврзаност меѓу науката и филозофијата; кои се проблемите на најновите интелектуални предизвици: екологија, постмодерна и др. и кои се основните интелектуални појави и најзначајни мислители во Македонија? Ова е единствена програма што содржи референца на значајни локални мислители, особено во изминатиот век.

Во **Филозофија (изборен предмет)**, во кој е застапен проблемскиот пристап има осум тематски целини. Темите на **Вовед во филозофијата** се: Што е филозофијата?; Филозофијата како наука; Филозофијата како основа и врв на науките и Единство на филозофијата. Темите на кои учениците ќе умеат да дискутираат се филозофскиот начин на мислење; смислата и начините на кои филозофијата ги решава своите проблеми; структурата на филозофијата како наука и нејзиното значење за научното мислење и филозофијата

како единствено човечко спознание поврзано низ историјата и блиско со сите свои светски пројави.

Втората тематска целина, **Суштина и форми на постоењето (Онтологија)**, се состои од темите: Што е битието?; Категории на битието; Есенција и егзистенција; Структура на постојното; Природа; Детерминираност (законитост) на постоењето. Во нејзини рамки, учениците се запознаваат со: суштината и категориите на битието; современиот проблем на односот меѓу есенцијата и егзистенцијата; структурата на постојното во неговите нивоа, форми и различни пројави и учењата за детерминираноста на светот.

**Што и како сознаваме? (Гносеологија)** се содржи од темите: Субјект-објект релација; Спознание и видови спознание; Што е вистината? Главни теории на спознанието; Јазикот и значењето, од кои учениците се подготвуваат да одговорат на прашањата: кои се проблемите меѓу субјектот и објектот?; што претставува суштината на спознанието?; кои се видовите на спознание и кои се основните теории за спознанието?; кои се проблемите во врска со вистината (како се дофаќа вистината?); и кои се главните проблеми на јазикот, како и на структурата, важноста и нивоата на значењето?

Во тематската целина **Што е човекот? (Антропологија)** се вклучени темите: Човекот како тема на филозофијата и на науката; Човековиот свет; Човекот како социјално и историско суштество; Душата и телото; Смислата на живеењето; и Бог и човекот. Преку нив, учениците учат да дискутираат за: човекот како тема на филозофијата и на науката; филозофските аспекти на откривањето на човековиот свет; основните ставови за човекот како социјално и историско суштество; филозофскиот проблем на односот меѓу телото и душата; проблемот на смислата на живеењето; и основните учења за целта и вредноста на животот.

**Вредноста на живеењето (Аксиологија),** составена од темите: Што е вредноста? Вредности, норми и дејствување; Форми на вредностите (етички, педагошки, економски, правни, творечки и естетски, политички) на учениците им дава познанија за: суштината, структурата и целта на аксиологијата; механизмот на вредносно дејствување (вредност-норма-дело); и различните форми на вредности во човековиот живот.

Во **Моралот и дејствувањето (Етика)** се обработуваат темите: Етиката како форма на филозофско мислење; Автономија, хетерономија и слобода на волјата; Основни видови етички учења; Универзална етика, и учениците се запознаваат со: етиката како област на филозофијата; проблемите на слобода-

та на волјата, автономијата и хетерономијата; основните учења во етиката; и целите и методите на создавање на универзалната етика.

Тематската целина **Човекот и творештвото (Естетика)** ги содржи темите: Што е творештвото?; Естетски карактер на творештвото; Културата и цивилизацијата; Основните теории за уметноста; Естетските карактеристики на уметничките жанрови; Значењето на творештвото и на уметноста и ги оспособува учениците за аргументирана дискусија за: смислата на творештвото; значењето на градењето на естетското обликување; проблемот на естетиката на творештвото; прашањето за постоењето и за карактеристиките на културата и цивилизацијата; основните теории за уметноста и основните стилови во уметноста, како и основните карактеристики на уметничките жанрови.

Во **Заклучокот, Филозофијата и животот**, главна тема е Значењето на филозофијата за осмислувањето на човековиот живот, со што учениците се запознаваат со значењето на филозофијата за осмислувањето на човековиот живот; мислата на филозофијата како врвно сознание за вредноста на животот; и прават резиме на сознанијата од проблемското истражување на филозофијата.

### *1.1.3.2. Република Србија*

Предметот **Филозофија (гимназиско образование)** во **Република Србија** се состои од пет тематски целини. Тематската целина **Одредување на филозофијата** ги обработува темите: Името и поимот на филозофијата; Односот на филозофијата кон другите социјални науки; Основни подрачја на филозофско истражување; Филозофски дисциплини; Основни филозофски правци и стојалишта; Одредување на филозофијата; Историја на филозофијата, во кои учениците се ориентираат околу прашањата: кои се поимот и потеклото на филозофијата?; кои се филозофските дисциплини и нивните предмети на истражување; и кои се специфичностите на филозофскиот пристап кон проблемите?.

Тематската целина **Античка филозофија** е речиси идентична по теми и по обем со соодветната тема во задолжителниот предмет во Р. Македонија, (освен додатокот на гностичка и патристичка филозофија), содржејќи ги темите: Јонската школа; Хераклит; Емпедокле; Анаксагора; Питагорејската школа, атомистите (Левкип, Демокрит); Космолошкиот период;

Софисти (Протагора, Горгија, Продик), и Сократ (Сократови школи); Врвот на грчката филозофија – Платон; Првиот систематичар на филозофијата – Аристотел; Антрополошкиот период, Платон, Аристотел; Академичари и перипатетичари; Епикурејство, стоицизам, скептицизам; Неоплатонизам; Еманирачкото Едно – Плотин; Теологија и филозофија (гностици и патристика). Спознанијата што учениците треба да ги стекнат се разликуваат од кореспондирачката тема во македонската предметна програма, каде вниманието е повеќе насочено кон појавувањето и развојот на филозофијата и науките и значењето за античката и светската цивилизација, а помалку на општествено-политичките и етички назнаки, карактеристични за српската програма: основните поими за античката филозофија, почетоците на филозофското промислување на светот; карактеристиките на античкото грчко општество; основните општествени околности на античкиот римски период, и основните поими на хеленистичката етика.

Тематската единица **Средновековна филозофија** е речиси идентична со таа во македонската програма и се состои од темите: Христијански неоплатонизам – Аврелиј Августин; Проблемот на универзалиите, аристотелизам – Тома Аквински; Теологија и филозофија; Проблемот на универзалиите, Августин, Аквински; Хуманизам и ренесанса, насочувајќи ги учениците да умеат да одговорат на прашањата: како се објаснува религијата од перспектива на универзалните заштитници на античкото филозофско наследство?; како се надградува филозофијата низ средниот век?; кои се условите за развојот на нововековната филозофија?.

Тематската целина **Нововековна филозофија** исто така мошне наликува на таа во македонската предметна програма, што и може да се очекува од следењето на историскиот пристап. Така, обработените теми се поклопуваат, само различно формулирани, единствената очигледна разлика е што во македонската програма прагматизмот и она после него влегува во Филозофија на XX век (ова зависи од определувањето на обемот на „новиот век“): Природните науки и новата слика за светот; Кузански, Коперник, Галилеј, Бруно; Хуманизам и ренесанса (II); Рационализам и емпиризам; Декарт, Спиноза, Лајбниц; Хобс, Лок, Баркли, Хјум; Рационализам и емпиризам (II); Просветителство и француски материјализам; Природната состојба и општествениот договор; Утилитаризам, либерализам; конзервативизам; Политичка филозофија на новото доба; Германски класичен идеализам; Имануел Кант (трите основни прашања за човекот); Јохан Готлиб Фихте; Фридрих Вилхелм

Јозеф Шелинг; Георг Вилхелм Фридрих Хегел; Маркс и марксизмот; Позитивизам, прагматизам; Прагматизам (Ч. С. Пирс, Џ. Дјуи); Ирационализам (Шопенхауер, Ниче, Бергсон); Херменевтика. Од учениците се очекува да умеат да одговорат на прашањата: каква е основната поделба на рационалното и искуственото?; кои се клучните проблеми во епистемологијата на субјектот?; како може да се (обиде да се) даде одговор на прашањето за тоа што во познанието е иницирано од субјектот, а што од објектот на познанието?; и како се случува пресвртот од модерна кон современа филозофија?; како и да бидат запознаени со: основните теории за настанувањето на општеството; основните правци на политичката филозофија; спецификите на терминологијата на германскиот класичен идеализам; основните поставки на најзначајните претставници; важноста на рационалното и на ирационалното; и современите методолошки пристапи кон филозофските проблеми.

Тематската единица **Современа филозофија** се состои од темите: Феноменологија; Ирационализам, херменевтика, феноменологија; Филозофија на егзистенцијата (Киркегор, Јасперс); Мартин Хајдегер, Жан Пол Сартр; Критичка теорија на општеството, Франкфуртски круг; Современа етика и политичка филозофија; Критичка теорија на општеството и политичка филозофија; Структурализам; Современа филозофија; Кризата на модерната, и постмодерната филозофија (Фуко, Дерида, Лиотар); а од учениците се очекува совладување на: феноменологијата како специфично филозофско учење; основните поставки на егзистенцијализмот; проблематиката на осмислување на животот, како специфична задача на секоја индивидуа; клучните тенденции на современата филозофија; и нужноста на филозофскиот дискурс во сите сфери на духовно дејствување.

#### *1.1.3.3. Република Црна Гора*

Во **Филозофија (гимназиско образование)** во **Република Црна Гора**, постојат пет тематски целини, од кои четири се задолжителни, а една е изборна. Тематската целина **Што е филозофијата?** наликува на **Вовед во филозофијата** од **Филозофија**, како изборен предмет во македонскиот образовен систем. Во нејзини рамки се обработуваат следниве теми: Името и поимот на филозофијата; Извори на филозофирањето (чудење, сомнеж, смисла); Основни полиња и проблеми на филозофското истражување; Филозофски дисциплини; Основни филозофски поими (јазикот на филозофијата);

Филозофијата и другите форми на познание и на дејствување; Филозофијата и нејзината историја; Перспективите на филозофијата во модерниот свет. Од учениците се очекува запознавање, одредување и образложување на поимот на филозофијата, и запознавање со специфичноста на филозофските прашања, како и да умеат да одговараат на прашањата: Кои се основните филозофски проблеми, проблемски полиња и филозофски дисциплини?; Кои се филозофските епохи во развојот на филозофското мислење?; Како се употребува јазикот на филозофијата?; Кој е односот на филозофијата кон нејзината историја?; Како се применува филозофијата во модерниот свет и живот?.

Тематската единица **Што е тоа „прво“?** делумно кореспондира со тематската единица Онтологија од изборниот предмет Филозофија во Р. Македонија. Сепак, содржи и теми што во македонската програма се вброени во единиците Античка филозофија и Средновековна филозофија од задолжителниот предмет, со споменувања на автори во нашата програма застапени во Нововековна филозофија и Филозофијата на дваесеттиот век, односно во српската програма во делот за Современа филозофија. Оваа тематска единица ги вклучува темите: Поими: Онтологија, метафизика, постоечкото, постоењето, едно-мноштво, суштина-појава, објективизам-субјективизам, класична и модерна метафизика (и критика); Парменид – Хераклит (поставување на прашањата за битието); Платон-Аристотел (теоријата за идеите, метафизиката); Плотин – Тома Аквински (проблемот на „Едното“, постоењето на Бог); Декарт – Спиноза – Лајбниц (субјект, супституција); Кант (критика на метафизиката); Хегел (апсолутен идеализам); Ниче (волунтаризам);

Киркегор (филозфија на егзистенцијата); Хајдегер (фундаментална онтологија); Сартр (битие и ништо). Во црногорската предметна програма покрај поими и автори, застапени се и проблемски склопови. Така, во рамките на оваа тематска единица, проблемските склопови се: Космосот и движењето; Теоријата за идеите на Платон; Метафизиката на Аристотел; Едното и еманациите; Метафизика на субјектот; Апсолутен идеализам; Критика на метафизиката; Филозофија на егзистенцијата; Фундаментална онтологија и егзистенцијална аналитика на тукабитието; како и Битие и ништо. Со совладувањето на материјалот од тематската единица Што е тоа „прво“?, учениците се запознаваат со: основните проблеми на онтологијата и метафизиката; основните стојалишта на класичната и на модерната метафизика; поентите на критиката на метафизиката; Парменидовото и Хераклитовото развивање на прашањето за битието и за движењето; основите на Платоновата

теорија на идеите и на Аристотеловата метафизика; основните парадигми на средновековието; начините на кои се конституира поимот на субјектот и супстанцијата од Декарт до Хегел; Кантовата критика на метафизиката; значењето на постхегелијанската деконструкција на метафизиката; и критичкиот пристап кон модерните онтолошки концепти. Движејќи се во духот на трите клучни Кантови прашања, следната тематска единица е **Што може да знам?**, што се осврнува на проблемите на познанието, и според тоа е слична со тематската единица Гносеологија од македонскиот изборен предмет. Главните поими како теми во оваа единица се: Мнение, знаење, наука; Сомнеж, вистина; Искуство, разум и ум; Директно и индиректно познание; Емпиризам и рационализам; A priori-a posteriori; Објективно и субјективно; Релативно и апсолутно; Индукција, дедукција и други методи на познание; главните автори се Протагора (релативност на познанието); Платон-Аристотел (систем на знаење); Декарт, Спиноза, Лајбниц (рационалистички концепт на познание); Бејкон, Хобс, Лок, Баркли, Хјум (емпиристички концепт на познение); и Кант (критика на познанието); а проблемските склопови се: Основни структурни елементи на познанието – односот меѓу нив; Познавателни методи и техники; Основни проблеми на познанието; Основни теории на познанието; Субјект и објект на познание. Со совладување на овие поими, автори и проблемски склопови, учениците учат да одговараат на прашањата: Што е поимот на гносеологијата?; Кои се структурните теории и поими на познанието?; Како јасно и диференцирано се мисли?; Како се врши логичка анализа на проблемите; Како се употребуваат основните поими во процесот на истражување?; Како се применува научната методологија?; Како се применуваат знаењата од/за гносеологијата врз знаењата од другите предмети/дисциплини?; Како се применуваат гносеолошките поими на конкретни примери (и објаснувања); и кои се начините на примена на гносеолошките знаења во сопственото искуство?. Во овој предмет, како и во другите видови на Филозофија во образовниот систем во Република Црна Гора прави впечаток на експлицитното инсистирање на континуирано развивање на способноста за самостојно користење на изворна литература; интерпретација на текст и идентификување на проблеми, во претходната тематска единица тоа се онтолошки проблеми, а во оваа, гносеолошки проблеми.

Тематската единица **Што треба да правам?**, поради етичката проблематика соодветствува со единицата **Етика** од **изборниот предмет Филозофија** во **Македонија**, иако содржи суб-проблемски пристап, разгледувајќи

автори и теми низ етички проблеми, и го содржи кај нас запоставуваниот Левинас. Главните поими како теми во оваа единица се: Човекот и заедницата; Етиката и моралот; Доброто и доблеста; Личноста, слободата, одговорноста; Должноста и задоволството; и Вредноста и вреднувањето; главни застапени автори се: Аристотел (етика и политика); Мил (среќа и задоволство); Кант (должност); Ниче (критика на моралот); Сартр (слобода); и Левинас (одговорност-Другиот); а проблемски склопови се: Човекот и неговото дејствување; Односот на вредноста и стварноста; Етика-ethos, морал; Различни теории за моралот; Автономија и хетерономија; Јас, Другиот, одговорност; етика, право, политика. Учениците се запознаваат со: основите на филозофската антропологија, етика и аксиологија; проблемите на овие дисциплини и начините на кои тие се анализираат; идентификувањето и правилната употреба на етичките и антрополошките поими; споредбата на теориски модели и праксата; конкретни примери за анализа на етичките, политичките и антрополошките проблеми; предлози и начини за разрешување на етичките дилеми од секојдневниот живот; интердисциплинарни поврзувања на знаењата; вреднување на правно-политичкиот поредок и институциите на граѓанското општество; предвидувања на можни етички и политички ситуации, и, особено значајно, континуирано развивање на способноста за самостојно користење на изворна литература; развивање на култура на читање, усно и писмено изразување.

Беше споменато дека во гимназиското образование, во рамките на предметот Филозофија се нудат **изборни теми** (се избира **една**):

а) една од филозофските епохи (античка филозофија, византиска филозофија, схоластика, средновековна, нововековна или современа филозофија);

б) една од филозофските дисциплини (филозофија на религијата, филозофска антропологија, естетика, филозофија на политиката, филозофија на историјата, историја на филозофијата);

в) еден од правците во современата филозофија: егзистенцијализам, позитивизам, структурализам, феноменологија, херменевтика, критичка теорија на општеството, постмодерна филозофија.

Во зависност од избраната тема, учениците се оспособуваат за идентификување на филозофска епоха, дисциплина или правец на современата филозофија; ги учат основните поими од изборната содржина – идентификација и анализа, како и правилна примена; и, како и во сите други тематски

единици, се подобруваат во интерпретацијата на изворни текстови од изборните содржини; во изработка и дискусија на есеј, приказ или реферат.

Содржините и целите на **Филозофија (средно стручно училиште)** се идентични со тие од **Филозофија (гимназиско образование)**.

Предметот **Филозофија (средно стручно училиште - музичка и ликовна уметност)** се состои од седум тематски целини, од кои една е изборна. Тематските целини **Воведување во филозофијата** и **Основни прашања на филозофијата** се идентични по теми и конкретни цели со **Што е филозофијата?**, односно **Што е тоа „прво"?** од предметот Филозофија за гимназиско и средно стручно образование. Потоа, со оглед на уметничката насоченост на овој вид на средно стручно образование, доминираат естетички теми. Тематската единица **Уметноста во огледалото на филозофијата** ги обработува темите: Поимот на уметноста; Основни одредби (мимезис, творештво); Историја на поимот: антика, среден век, ренесанса, модерното и постмодерното доба; Поделба во системи на уметноста и низ историјата; Односот на уметничката критика, поетиката и филозофијата на уметноста (естетиката); и Филозофијата на уметноста и естетиката, запознавајќи ги учениците со предметот на филозофијата на уметноста; поимот на уметноста во неговиот развиток низ клучните уметнички епохи; и разликите и сличностите во филозофијата на уметноста, уметничката поетика и уметничката критика.

Во тематската целина **Основни проблеми на филозофијата на уметноста** се обработуваат следниве теми: Што е уметноста? Уметност – подражавање; Уметност-творештво; Уметност-вистина; Уметност-игра; Уметност-природа; Структура на уметничкото дело; Форма и содржина; Симбол и јазик; Движење и процеси во уметничкото дело; Уметник (создавач); Инспирација, доживување, преобразба; Гениј и талент; Естетско доживување; конституирање на естетскиот предмет (феноменолошки пристап, Хартман, Ингарден); Уметничкото дело и естетскиот предмет; планови и слоеви во естетскиот предмет; Естетското вреднување: поим на вредноста; Уметнички и естетски вредности; Конституирање на естетските вредности; и Уметноста и кичот. Учениците се здобиваат со знаења за: основните проблемски полиња на филозофијата на уметноста; клучните прашања во однос на филозофијата на уметноста (уметничкото дело, создавачот и конзументот на уметноста); конституирањето на естетскиот предмет преку примери од ликовната уметност; уметничките и естетските вредности; начините на примена на естетските критериуми во критичкото вреднување на уметност; начините за препозна-

вање на баналното и тривијалното во уметност, и на разликување на уметноста од кичот.

Во тематската единица **Естетички категории** се разгледуваат темите: Убавото и прекрасното; Возвишеното; Трагичното; Комичното, со што учениците учат да одговараат на прашањата: кои се основните естетички категории?; кои се естетичките поими и како се користат во вреднувањето на конкретните уметнички феномени и дела?; и како естетичките поими помагаат во интердисциплинарните поврзувања на знаењата?.

Во последната задолжителна тематска единица, **Уметност, култура, општеството**, темите се делат на: Уметноста во рамките на културата; Културата, цивилизацијата, општеството; Влијанието на уметноста; Ангажирана уметност и критика на општеството; Утилитаризам и ларпурлартизам; Уметноста и идеологијата; Уметноста и техниката; Уметноста во нашето време, подготвувајќи ги учениците да одговараат на прашањата: кое е местото, и кое е значењето на уметноста во современите култура и општество?; кои се границите меѓу автономијата на уметникот и ангажманот во општеството?; каков е односот меѓу утилитаризмот и ларпурлартизмот?; и кои се односите меѓу уметноста, идеологијата и техниката?

**Изборните теми**, од кои се избира една, се: а) **епохи во филозофијата на уметноста**, пример: антика, среден век, ренесанса, класицизам, романтизам и т.н.; б) **еден проблем од филозофијата на уметноста**, на пример: проблемот на создавањето, рецепцијата, проблемот на вкусот, проблемот на убавото/трагичното и т.н.; в) **еден од темелните правци или автори** од областа на естетиката и филозофијата на уметноста, пример: феноменологија, структурализам, позитивизам, или, пак, Платон, Аристотел, Кант, Хегел, Хартман, Хајдегер и други, а во зависност од избраната тема, од учениците се очекува познание на основните поими и категории во нејзини рамки, односно, длабински познавања за епохата, проблемот, правецот или авторот (поими, идеи, анализа), како и општо знаење за тоа како се решаваат естетичките дилеми од секојдневниот живот. Дел од овие теми се опфатени во **Човекот и творештвото** од **Филозофија (изборен)** во **Р. Македонија**.

### *1.1.3.4. Република Хрватска*

Во предметот **Филозофија** во **Република Хрватска**, образовно-воспитните теми се организирани во осум домени. Од тие осум понудени домени,

три се задолжителни (Постоење и свет, Познание и знаење, Дејствување и ориентација), а како четврт домен се избира една од понудените теми (Општество и политика, Творештво и уметност, Наука и објаснување, Ум и тело, Јазик и значење), или поекстензивна обработка на еден од задолжителните домени (под ова се подразбира обработка на темите што во рамките на задолжителните домени се означени како изборни).

Првиот задолжителен домен, или тематска единица, **Постоење и свет**, се состои од три дела. Во првиот дел, како основни поими се дадени: светот, суштината, битието, битието, идеалното и материјалното, движењето и мирувањето, времето и просторот, идеите, супстанцијата, иманентното и трансцендентното, каузалноста, нужноста, случајноста, човек, бог, природа, волја, а во неговиот изборен дел, поимите: егзистенција, наратив, живот, комуникација, значење, деконструкција. Од учениците се очекува да се запознаат со концептите релевантни за дискусијата за постоењето и за светот (ова подразбира идентификација, точна употреба и примена). Задолжителните елементи на вториот дел од овој домен се оние на поединечните мисловни системи, што илустрираат метафизички/онтолошки позиции: идеализам, материјализам, монизам, плурализам, пантеизам, детерминизам, телеологија, панлогизам, изборните се елементи на поединечните системи: херменевтика, витализам, волунтаризам, филозофија на егзистенција, егзистенцијална филозофија, посмодерна, и позициите во рамките на филозофската антропологија и филозофијата на природата. Од учениците се очекува да умеат да даваат одговори на прашањата за светот и постоењето преку објаснување на поединечните мисловни системи од метафизиката/онтологијата.

Во следниот дел, во кој се обработуваат начините на филозофски пристап кон поимите; истражување, опишување и анализа на проблемите; и можни решенија на проблеми од стојалиштето на филозофските теории/пристапи (аргументирано избирање на решенија што се чинат како најприфатлив), се нудат можни теми/проблемски склопови. Дел од нив се следниве: 1. Дали е светот уреден, и дали редот е во склад со умот?; 2. Може ли мноштвото појави да се сведе на ограничен број на елементи што ги сочинуваат? Дали се материјални? Може ли да се сведат на едно нешто?; 3. Постои ли што било трајно во времето? Дали е просторот делив? Како се огледуваат класичните филозофски концепти во современата физика?; 4. Кој е онтолошкиот статус на различните видови објекти?; 5. Имаат ли суштествата цел и смисла? Може ли да бидат слободни во детерминиран свет? Дали светот ја создава свеста,

или свеста го создава светот?; 6. Кои предмети ги прифаќаме како постоечки во секојдневната комуникација? Имаат ли стварите своја суштина, или ние им ја придаваме? Постојат ли навистина различни видови на живи суштества, или ние ги делиме за полесно да се ориентираме во живиот свет?; 7. Која е разликата меѓу живото и неживото? Кои карактеристики го разликуваат човекот од останатите живи суштества, и дали се разлики по степен или по суштина?.

Овој домен обработува теми слични со тие од тематската единица **Суштина и форми на постоењето (Онтологија)** од **Филозофија (изборен предмет)** во **Р. Македонија** и **Што е тоа „прво"?** од **Филозофија за гимназиско и средно-стручно образование** во **Р. Црна Гора**. Она што прави особен впечаток во хрватската предметна програма е инсистирањето на контекстуализација на наученото, примена на информациите, способности за примена на совладаниот материјал во примери од понатамошното учење, рефлексијата во разни сфери од животот, и општо комуникацијата во стварноста. Учениците учат не само информации, туку, многу поважно, да анализираат, синтетизираат и применуваат во контекст (највисокиот степен на совладување на материјалот според Блумовата таксономија): тие учат како се анализираат проблемите во светот поврзани со метафизиката, и кои се можностите на решавање на овие проблеми со користење на филозофска анализа и аргументација.

Задолжителните елементи на првиот дел од доменот, односно тематската единица, **Познание и знаење** се Субјект-објект, познание, сетилност и разум, интуиција, вистина, оправдување, доказ, посведочување, знаење, верување, субјективно-интерсубјективно-објективно, наука, a priori, a posteriori, а изборните елементи се: дијалектика, факт, вредност, корисност, искуство, интенционалност, интуиција, евиденција. Учениците треба да спознаат кои поими се релевантни во расправата за познанието и знаењето, и како тие се употребуваат. Во вториот дел, задолжителни се елементите на мисловните системи поврзани со теориите за познанието, и различните теории за вистината (адеквација, кохеренција), скептицизам, познание како сеќавање (anamnesis), рационализам, емпиризам, критицизам, мистицизам, а во изборниот дел се вклучени позициите поврзани со теоријата на познанието: реализам и антиреализам, познание како откритие на дијалектичниот процес, солипсизам, позитивизам, прагматизам, феноменологија, херменевтика; и дефинициите на знаењето. Слично како во претходниот оддел на оваа

единица, учениците треба да спознаат кои се поединечните системи поврзани со теориите за познанието и за вистината, и како тие се објаснуваат. Дел од предложените теми/проблемски склопови се следниве: 1. Како се спознава преку осетите? Дали со осетите се спознаваат односите меѓу предметите? Која е разликата на сопственото и научното посведочување?; 2. Како со употреба на разумот се доаѓа вистината во врска со предметите што не се математички? Дали за една теорија е доволно да биде конзистентна за да биде прифатлива?; 3. Постои ли познание до кое не се доаѓа со помош на искуството? Како го спознавање сопственото постоење, со искуството, или независно од искуството? Темелните форми на нашето познание се однапред дадени или се градат со искуството?; 4. Може ли да се знае што било за надворешниот свет?; 5. Времето и просторот се својства на надворешниот свет, или начини на кои ние го доживуваме светот? Постојат ли факти за себе, без толкување?; 6. На што се темелат тврдењата во различните науки? На што се темелат тврдењата во секојдневниот живот?; 7. Спознаваме „ствари", или само веруваме дека нешто постои отаде збировите осети? Постои ли што било надвор од нашата свест?.

Слично како во конкретните цели поврзани со предложените теми/проблемски склопови во доменот Постоење и свет, преку проблемски склопови во овој домен учениците се запознаваат со проблемите во светот поврзани со теоријата на познанието и можностите за нивно решавање со користење на филозофска анализа и аргументација.

Темите, прашања и проблемите од овој домен очигледно кореспондираат со дел од темите во тематската единица **Што и како сознаваме (гносеологија)** од **Филозофија (изборен)** во **Р. Македонија**, **Што може да знам?** од **Филозофија** за **гимназиското и средното стручно образование во Р. Црна Гора**. И во овој случај, од учениците се очекува анализа, синтеза и примена во понатамошното функционирање како мислечки субјекти, и дејствители во заедницата и во стварноста.

Третиот задолжителен домен, или третата тематска единица, **Дејствување и ориентација**, како задолжителни елементи или поими од првиот дел ги содржи: морал, етика, дејствување, човекова природа, слобода, волја, одговорност, доброто, доблест, среќа (блаженство), совест, должност, корист, вредност, праведност; а како поими од изборниот дел ги вклучува: смислата на животот, афекти, вина, зло, морално чувство, морална санкција, обичајност, отуѓување, сочувствување, другост, љубов, пријателство, почитување,

толеранција, еднаквост, солидарност, општествен договор, права, интереси, грижа, живот, смрт, здравје, техника/технологија, природа/природна средина, антропоцентризам и биоцентризам. Главната цел на овој дел од овој домен е учениците да се запознаат со тоа кои поими се релевантни и како тие се користат во расправата за добриот карактер и доброто дејствување.

Задолжителните елементи од вториот дел од овој домен се однесуваат на прашањата за: етички интелектуализам, евдајмонизам, деонтолошка етика, консеквенционалистичка етика, биоетика; а елементите од изборен дел се: хедонизам, емотивизам, релативизам, апсолутизам, метаетика, стоицизам, егзистенцијалистичка етика, етика на вредности, етика на одговорноста, етика на грижата, феминистичка етика, етика на праведноста, етика на дискурсот, психологија на моралот, еволуциска етика, религиозна етика. Целта на изучување на овие поими и прашања е учениците да се оспособат да одговорат на тоа кои се и какви се мисловните системи кои се обидуваат да дадат одговори на прашањата за добриот карактер и дејствувањето.

Предложените можни теми/проблемски склопови, опфаќаат актуелни теми од нашата современост, како (но не ограничени на) следниве: 1. Дали личноста по природа е добра или лоша? Дали карактерот по природа е алтруистичен или егоистичен? Може ли и треба ли некој да се подобри (телесно, когнитивно, морално), користејќи модерна наука и технологија?; 2. Што е етички (не)прифатливо во медицински потпомогнатото оплодување? Дали абортусот е оправдан со оглед на конфликтот на правата на жените/бремените жени и правата на ембрионот/фетусот? Што значи „одговорно сексуално однесување“ во однос на проблематиката на интимните односи, контрацепцијата, апстиненцијата и промискуитетот?; 3. Дали хомосексуалноста е прашање на избор? Дали хомосексуалноста е „(не)природна“ и „(не)нормална“? Треба ли хомосексуалците да имаат исти права како и хетеросексуалните луѓе?; 4. Дали „изнајмувањето“ на сопственото тело со цел да заработи е неморално, односно спротивно на етичките принципи? До кој степен проституцијата е прашање на слободна и автономна одлука, а до кој степен се работи за одредена принуда? Дали проституцијата треба да се легализира и под кои услови?; 5. Дали смртната казна и под кои услови е етички оправдани? Дали личноста има право на живот и „право на смрт“? Треба ли самоубиството морално да се осуди? Кои се етички аргументи може да се наведат во корист на евтаназија (пасивна и активна, волна и неволна), и против неа?; 6. Кој е традиционалниот став на луѓето кон животните и како

тоа се одразува на денешниот третман на животните? Со која цел денес се експлоатираат, мачат и убиваат животни, и во кои области може да се направат некои промени? Дали животните се предмет на човечка морална должност и дали имаат какви било права? Што значат „правата на животните“?. Како и во претходните цели што ги придружуваа предложените проблемски склопови во претходните два домена, и овде се работи за контекстуализација на знаењето, затоа што од учениците се очекува да ги идентификуваат проблемите во светот поврзани со етиката и можностите за нивно решавање со користење на филозофска анализа и аргументација.

Овој домен соодветствува со темите од предметот **Етика за втора година – Човекот во рамките на колективното**, и со **Етика за трета година**, **Човекот во светот на природата** во хрватската наставна програма, каде учениците ги запознаваат моралните проблеми на денешницата, и се здобиваат со биоетички сензибилитет. Сличностите со предметот Филозофија, пак, може да се лоцираат во делови од **Што и како сознаваме (Гносеологија)** од **Филозофија (изборен)** во **Р. Македонија** и **Што може да знам?** од **Филозофија за гимназиско и средно стручно образование** во Р. Црна Гора.

Првиот од изборните домени на предметот, **Општество и политика**, е ориентиран кон оспособување на учениците да размислуваат, заклучуваат, комуницираат и дејствуваат како одговорни ангажирани членови на социјалната заедница во нивниот современ контекст. Така, во првиот дел од оваа тематска единица (домен), дел од обработуваните теми се: Заедница, Општество, Држава, Моќ, Политика, Економија, Слобода, Еднаквост, Солидарност, Општествен договор, Демократија, со цел да им ги доближат на учениците поимите и начините за расправа за општеството и политиката. Во вториот дел се обработуваат засебни филозофски позиции за расправите во врска со основањето на државата, односот меѓу правото и моќта и односот меѓу политиката и економијата, за учениците да се запознаат со мисловните системи што се обидуваат да одговорат на прашањата поврзани со општеството. Дел од предложените теми/проблемски склопови се следниве: 1. Што е демократија и дали е најдобриот општествен поредок? Дали демократијата е нужно поврзана со идеалите на слобода, еднаквост и солидарност?; 2. Каде се границите на мешање на државата во животот на поединецот? Дали треба да ја жртвуваме приватноста за да можеме да имаме сигурност?; 3. Дали постои разлика помеѓу родот и полот како „природно даден“ и „културно конструиран“? Дали половите/родовите разлики треба да се рефлектираат на

социјално и политичко ниво?; 4. Како доследна примена на принципите на правда и солидарност се одразува на проблемот со сиромаштијата? Што поединците, а што општествените и државните институции треба и можат да сторат за да ја намалат или искоренат сиромаштијата?; 5. Дали патриотизмот е етичка доблест или дури и етичка должност? Дали патриотизмот и/или национализмот се спротивни на космополитизмот?; 6. Дали употребата на насилство е етички оправдана, и под кои услови? Може ли терористичките активности да се повикуваат на принципот „целта ги оправдува средствата“? На кои етички принципи се базира теоријата за праведната војна? И во овој случај, како и кај задолжителните модели, се обрнува внимание на анализата, синтезата и примената, односно на континуирана контекстуализација на наученото. Така, од учениците се очекува да се соочуваат со проблемите во светот во врска со филозофијата на општеството, политиката и правото, и, особено важно, со можностите за нивно решавање користејќи филозофска анализа и аргументација.

Постојана подлежечка неопходност во хрватската програма по овој предмет, како и во четиригодишното фигурирање на предметот **Етика**, и дури во предметот **Логика**, е формирањето на свесни, информирани, ангажирани граѓани. Во одредени тематски единици како оваа, тоа претставува експлицитна доминантна тематска и дидактичка неопходност. Ова се забележува во постојаното инсистирање на потребата од контекстуализација на познанијата од филозофијата во проблеми од секојдневниот живот, јавната сфера, заедницата, и светот, како и од актуелноста на темите што се така формулирани, што ги оспособуваат учениците за аргументиран и информиран дијалог за екстремно важни прашања кои, директно или индиректно, се однесуваат на сите членови на заедницата, и сите жители на светот. Во овој домен, поради темата на обработка, позиционирањето на граѓанинот во општеството е клучно, но функционира само како дел од целокупната формативна насоченост на наставата по корпусот филозофски предмети во хрватскиот образовен систем.

Од аспект на дидактичките цели, овој домен најмногу наликува на предметот **Етика и право** од општообразовната подготовка во **Р. Бугарија**, а од предметот **Филозофија**, тематската единица **Филозофското познание и реалноста**, специфично, темата Човекот и општеството, и тематската единица **Социјална филозофија и филозофија на правото** во **Филозофија за X клас**.

Во изборниот домен **Творештво и уметност** учениците се запознаваат со темите: Естетика, Убавото, Естетички судови, Уметничкото дело, Подражавање, Творештво, Експресија, Значење, Фикција, Автономија, Кич, Оригиналност, Интерпретација, Рецепција и други, подготвувајќи се за разгледување на поимите релевантни за дискусијата за уметноста и човековото искуство во разбирањето на уметничкото во првиот дел, и со поединечните филозофски ставови во расправите за односот на уметноста и креативноста, дефинициите на уметноста и нејзината функција, критериумите на убавото, и разликата помеѓу уметноста и не-уметноста во вториот дел, со цел да се здобијат со знаења за мисловните системи што се обидуваат да дадат одговори на прашањата за уметноста и за човечкото искуство во разбирањето на уметничкото. Дел од предложените теми/проблемски склопови се: 1. Како постои уметничкото дело? Дали има разлика меѓу уметничко дело и стварта? Со кои средства можеме да ги препознаеме уметничките дела? Кои карактеристики треба нешто да има, за да биде уметничко дело? Дали уметноста е вечна? Каде се наоѓа значењето? Дали убавината е во окото на набљудувачот?; 2. Која е поврзаноста меѓу уметноста и стварноста? Дали уметноста лаже? Дали уметноста е илузија? Постои ли вистина на уметноста? Може ли со/преку уметноста нешто да се спознае?; 3. За што служи уметноста? Треба ли уметноста да биде поучна? Смее ли уметноста да биде неморална? Може ли уметноста да биде забавна? Дали уметноста е слободна?; 4. Дали уметноста е мртва? Која е разликата меѓу традиционалната и современата уметност? Можете ли да се ужива во современата уметност? Дали уметноста треба да биде оригинална? Дали уметноста треба да биде убава? Учениците треба да се запознаат со проблемите во светот поврзани со филозофијата на уметноста и можностите за нивно решавање, користејќи филозофска анализа и аргументација, повторно, користејќи го наученото во современ, релевантен, личен и општествен контекст.

Темелните естетички теми од овој домен имаат сличности со **Човекот и творештвото (Естетика)** од **Филозофија (изборен)** во **Р. Македонија** и, особено, со предметот **Естетика за средно стручно образование**, кој инаку не е застапен како посебен предмет во наставните програми на анализираните земји (во Р. Македонија постои и предмет **Естетика за средно стручно козметичко образование**, кој има задолжителен статус). Предметот **Филозофија за средно стручно уметничко образование** во **Р. Црна Гора**, беше покажано, е речиси целосно посветен на теми и проблеми од естетиката. Во

Р. Бугарија на овој домен му соодветствува тематската единица **Убавината и уметноста како филозофски проблеми** во **Филозофија за IX клас**.

Во **Наука и објаснување** првиот корпус теми со кои се запознаваат учениците се: Хипотеза, Објаснување, Дедукција и индукција, Аналогија, Абдукција, Хевристика, Научна теорија, Знаење *на што* и знаење *како,* Научен реализам и антиреализам, при што учениците се запознаваат со поими релевантни во расправите за науката; а вториот корпус теми се: Мисловните системи кои ги илустрираат позициите поврзани со филозофијата на науката - правците и категориите позитивизам, верификација, фалсификување, редукционизам, холизам, промена на парадигмата, прагматизам, и други), а од учениците се очекува совладување на овие мисловни системи кои се обидуваат да одговорат на прашањата за науката. Предложените можни теми/проблемски склопови ги вклучуваат, но не се ограничени на следниве: 1. Како да се формулира научното прашање? Што може да се смета како сведоштво за некоја теорија? Што го сочинува доброто објаснување на некоја појава? Како да се суди кој модел е најдобар за објаснување на некој феномен? Како можеме да бидеме сигурни за вистинитоста на некое научно тврдење? Што значи научната теорија во секојдневниот живот?; 2. Можеме ли да знаеме нешто без редукција? Можеме ли да бидеме сигурни дека со редукцијата не испуштаме нешто важно? Како можеме однапред да знаеме дека она што го набљудуваме ќе биде релевантно за објаснување? Како можеме да расправаме за каузација, кога ги гледаме само корелациите?; 3. Која е разликата меѓу знаењето во математиката, природните науки, општествените науки, економијата и техничките науки?; 4. Како да се направи разлика меѓу научните и ненаучните тврдења? Може ли некое општо научно тврдење да биде потврдено? Може ли секое тврдење да се фалсифицира?; 5. Дали науката еволуира линеарно? Како е можно научните сознанија да се менуваат со текот на времето, и да се откажуваат од верувањата кои се сметале за знаење? Можеме ли да го очекуваме тоа и за сегашните верувања?; 6. Постојат ли етички граници во научното истражување? Дали секое ново знаење е добро? Смее ли, во некои случаи, да се сопре/забрани научното истражување? Дали изворот на финансирање влијае на веродостојноста на научните истражувања?. Целта на овој корпус е учениците да се запознаат со проблемите во светот поврзани со филозофијата на науката и можностите за нивно решавање, користејќи филозофска анализа и аргументација.

Дел од овој домен ги има обработувано темите поширо и подлабински во предметот **Логика** низ анализираните земји, но прави впечатокот интензивната посветеност на теми од филозофијата на науката што не се мошне застапени во програмите по **Филозофија** во другите земји, и што се опфаќаат и поврзаните проблеми од биоетиката, односно конкретно, етиката на научното истражување, занемарени во програмите по филозофските предмети на другите земји (освен изборниот модул **Филозофија на науката** во **XI и XII клас на профилираното образование** во **Р. Бугарија**).

Во првиот дел од доменот, односно тематската единица **Ум и тело**, темите се: Ум, Тело, Интенционалност, Ментални состојби, Идентитет, Свест, Вештачка интелигенција, Јас, односно совладувањето на поимите релевантни за расправите за умот и телото, а во вториот дел тоа се темите: Феноменологија, Идеализам, Дуализам, Физикализам, Филозофски ставови во дискусиите за интенционалноста, односот на умот и телото, можностите за „вештачка интелигенција" и можноста за постоење на свесност кај нечовечките живи суштества (особено релевантно имајќи го предвид инклинирањето во европската правна и етичка сфера кон признавање на свесноста на животните), односно совладувањето на мисловните системи што се обидуваат да одговорат на прашањата за умот и телото. Извонредно актуелните и современи можни теми/проблемски склопови, важни во современост и во антиципирањето на иднината, вклучуваат: 1. Што значи да се има ум? Дали умот е исто нешто со мозокот? Која е врската помеѓу мозокот (телото) и менталната состојба (умот)?; 2. Што значи да се има свест? Може ли компјутерот да мисли? Може ли компјутерот да знае како е да се биде компјутер?; 3. Дали сум јас моето тело или мојот ум? Што сум јас? Дали нешто ќе биде со мене и по смртта?. Свежината и современата релевантност на овој домен немаат свој пандан во програмите од другите земји, и иако во пониските класови во бугарскиот систем огромно внимание е посветено на психологијата, на личниот развој, и на саморазбирањето и самоспознавањето на индивидуата, тоа се почетни сознанија корисни за адолесцентите кои го слушаат предметот, а не, како во овој домен, суштински филозофски прашања за проблемот на умот/духот.

Последниот изборен домен, **Јазик и значење**, ги обработува темите: Јазик, Говор, Референца, Значење, Означувач-означено, Граматика, Прагматика, Знак, Симбол, со што учениците ги совладуваат поимите релевантни за јазикот и значењето; како и различните филозофски позиции во дискусиите

за односот меѓу јазикот и значењето, потеклото на јазичните вештини и односот меѓу јазикот и мислењето, со што учениците ги совладуваат мисловните системи што се обидуваат да одговорат на прашањата за јазикот и значењето. Дел од предложените теми од оваа област се: 1. Што е јазикот? Што вклучува знаењето на јазикот? Дали јазичките структури се вродени? Кој е статусот на граматичките правила?; 2. Што е значењето? Каде се наоѓа значењето? Јазикот го опишува светот, или го обликува светот? Дали зборовите се однесуваат на надворешниот свет или на нашите ментални слики за него? Како се дејствува со зборови?; 3. Дали јазичките структури го обликуваат мислењето, или обратно?, со кои учениците учат да се соочуваат со проблемите во светот поврзани со филозофијата на јазикот и можностите за нивно решавање користејќи филозофска анализа и аргументација, односно да го контекстуализираат наученото на филозофски и корисен начин.

Темите од **Јазик и значење** се делумно опфатени во елементите од предметот **Логика**, и се делумно застапени со проблемите од тематската единица **Јазик и критичко мислење** од **Филозофија за XX клас** во **Р. Бугарија**, но како темелни прашања од областа на филозофијата на јазикот, не фигурираат во другите програми.

#### *1.1.3.5. Република Бугарија*

Програмата за наставниот предмет **Филозофија за VIII клас** во **Република Бугарија** се состои од три главни тематски единици. Во првата тематска единица, **Што е филозофија?**, главните теми се Знаење и мудрост: филозофија, мудрост, знаење, вера, светоглед, во која учениците се запознаваат со: специфичноста на филозофијата како „љубов кон мудроста“; различните концепти на знаење и мудрост; разликите меѓу филозофското знаење и знаењата од природните науки; и начините на кои се разликуваат филозофските прашања од секојдневните прашања; и Почетокот на филозофирањето: мит, логос, чудење, сомневање, гранични ситуации, каде учениците се подготвуваат за одговарање на прашањата: како филозофијата историски произлегува од митолошкото размислување во античка Грција, и како ова се објаснува низ поимите *мит* и *логос*?; кои се ситуациите во сопственото искуство кои бараат филозофско размислување? (изненадување, сомнеж, гранични ситуации); како се разликуваат историскиот од егзистенцијалниот

почеток на филозофирањето?; и кое е личносното значење на занимањето со филозофија?.

Втората тематска единица, **Личност и себеспознание**, се содржи од четири главни теми. Во првата тема, Личниот идентитет како филозофски проблем: индивидуа, личност, душа, тело, учениците се оспособуваат за разгледување на прашањата: како филозофски се трага по човековиот идентитет преку односот меѓу концептите за душата и телото?; кои се разликите меѓу индивидуата и личноста?; како се истражуваат аспектите на сопствениот идентитет?; и какви се динамиката и вредноста на личниот развој? Во втората тема, Пристапи кон истражување на човекот: антропологија, психологија, човек, психа, свест, однесување, учениците се спознаваат со: основните стојалишта за човечката психа и однесување) на бихевиоризмот, психоанализата и психологијата; сличностите и разликите меѓу човекот и другите форми на постоење: животни, машини, компјутери; разликите меѓу филозофските и психолошките пристапи кон истражувањето на човекот; важноста на психолошките теории за личноста во самоспознанието и личниот развој; и начините на примена на филозофските и психолошките концепти за човекот во областите на личното искуство и на социјалната средина. Следната тема, во која учениците учат за Самооценка и мотивација: слика-за-себе, самодоверба, потреби, мотиви, цели, развој на кариерата, ги оспособува за аргументирано одговарање на следниве прашања: Како се дефинираат концептите на сликата за себе (само-сликата) и самодовербата и како се разбира нивната меѓусебна поврзаност?; каков е моделот на Маслов за опишување на потребите?; како се истражуваат сопствените само-слика и самодоверба?; како се анализира сопственото однесување преку концептите на потреби, мотиви и цели?; како се поврзува знаењето за своите потреби и самопроцената со плановите за развој на кариерата?; и како конструктивно треба да се однесуваме кон себе и кон другите личности?. Во последната тема од оваа тематска единица, Личен развој: личен развој, учење, меморија, имагинација, учениците се запознаваат со основните теории за развој на личноста (социо-психолошки - Ериксон, когнитивни - Пиаже, морални - Колберг); дефинициите на концептите на учење, меморија, имагинација; начините на примена на концептите и теориите кои се истражуваат во објаснувањето на ситуациите на личниот развој; и, корисно за развивачките умови на учениците од осми клас, начините на истражување на сопствениот начин на учење и употребата на техники за ефективно учење.

Тематската единица **Меѓучовечки односи** се фокусира главно на темата Конфликти: решавање на конфликти, агресија, со што се очекува учениците да умеат да одговараат на прашањата: кои се различните стратегии за справување со конфликти?; кои се причините за агресијата и типичните облици на агресивно однесување?; како се опишува и проценува сопственото однесување во конфликтни ситуации, со примена на психолошки модели; како се препознаваат облиците на агресија во училиштето и заедницата?; како се разбираат позитивните аспекти на конфликтот како можност за разјаснување на односите и решавање на проблемите?; и како треба да се одвиваат ефикасната комуникација и разрешувањето на конфликтите како можности за спречување на агресивно однесување?

Очигледно е дека оваа предметна програма е повеќе посветена на психологијата, прашањата на самоспознанието, и поттикнувањето на учениците да се запознаваат себе си како индивидуи и како членови на заедницата, способни да разрешуваат конфликти, да распознаваат потреби, да ги толкуваат сопствените искуства, да развиваат осет за другоста, да учат да учат. Дел од програмата, секако, дава воведни сознанија за филозофското мислење, но повторно, акцентот е и на сопствените искуства на филозофско размислување, и значењето за личноста на занимавањето со филозофијата.

Наставниот предмет **Филозофија за IX клас** исто така се состои од три главни тематски единици. Во **Филозофија, вредности и норми**, главните проблеми се во рамките на темата: Вредности и норми: релативизам, фундаментализам, вредност, норма, каде учениците се запознаваат со: поимното значење на вредностите и стоките, традициите и нормите; филозофскиот почеток на толкувањето на вредностите и системите на вредности (Сократ и софистите); и критичноста и самокритичноста во врска со релативизмот и фундаментализмот; и во рамките на темата: Филозофско истражување и рационалност: рационалност, дијалог, каде учениците се запознаваат со: Специфичноста на филозофијата како форма на рационалност и научно истражување; разликите меѓу оправдани и случајни мислења; потребата за проверка на аргументите за дадена позиција и одбивање на некритичко прифаќање на „готови“ одговори; како и потребата за препознавање на еднаквата позиција на учесниците во дијалогот. Тематската единица **Слобода, норми и цели**, се состои од три главни теми. Во првите две теми, Слобода и волја: слобода, волја, избор, нужност; и Морал и норми: морал, морална норма, вредности, учениците се здобиваат со знаења за: Слободата на волјата како

основна вредност и како филозофски проблем; алтернативни теории за слободата (Августин, Кант, Хегел, Сартр); причинско-последичните врски и односи и слободата; разликата меѓу негативна слобода (слобода од) и позитивната слобода (слобода за); важноста на автономниот морален избор; и за слободата како услов за автентично морално дејствување; идејата за моралот како поредок заснован на вредностите на заедницата; и поделеноста на вредностите во заедницата, важноста на самостојните (вредносни) избори. Во третата тема, Добро, зло, доблест, порок, се очекува учениците да бидат запознаени со: барем два концепта на добро и зло (пр. христијанството, модерен релативизам); поимот и проблемот на доблеста; средната мера кај Аристотел; и идеите за добро, зло и доблест во рамките на светските религии. Третата тематска единица, **Убавината и уметноста како филозофски проблеми**, ја содржи темата Основни естетички категории и стојалишта: естетичко, убаво, грдо, возвишено, вкус, во која учениците учат за основните естетички категории и концепти; разликувањето на етички од естетски вредности; давањето и оправдувањето на естетската проценка на предметите од секојдневниот живот, и на уметничките дела; и, особено важно за личниот развој, за естетичката интерпретација на сопственото искуство; и темата Филозофски теории за уметноста: уметност, творештво-творец, уметничко творештво, катарза, во која учениците се запознаваат со: основните аспекти на најмалку две филозофски теории за уметноста (пр. Аристотел, Кант, Хегел или Ниче); различните општествени и светогледни улоги што може да ги има уметноста; можностите на уметноста да изразува проблеми на светоглед и егзистенцијални проблеми; препознавањето на филозофски проблеми во уметничките дело, и, особено важно за развојот на сопствената креативност, прашањето за тоа дали може, и како може да се изразат сопствените идеи низ уметничкото творештво.

Беа нотирани сличностите со естетичките теми од тематските единици во програмите по **Филозофија** во **Р. Македонија**, **Р. Црна Гора** и **Р. Хрватска**, и предметот **Естетика** во Р. Македонија, а прави впечаток инсистирањето што фигурира и во средната стручна подготовка во Р. Црна Гора во примената на естетичките теории, на препознавањето на сопственото искуство на уметноста, и можностите за самостојно творење, за изразување на ставови низ уметноста, и за изразување на филозофски концепции во творештвото, што ја поттикнува самостојната креативна експресија на учениците.

Наставниот предмет **Филозофија за X клас** се состои од четири главни тематски единици. Првата тематска единица, Почетоци на филозофското познание, се однесува на темите Вистина и Познание, и ги запознава учениците со: чудењето и сомневањето како почеток на теоретската филозофија; филозофското знаење како критичка потрага по вистината (Сократ); начините за размислување за ситуациите на чудење и сомневање од сопственото лично искуство; и важноста на филозофската теорија за осмислувањето на светот и животното искуство. Поради тоа, оваа тематска единица е слична со **Вовед во филозофијата** од **Филозофија (изборен предмет)** во македонската програма, со **Што е филозофијата?** од црногорската програма за гимназиско образование, и со делот за Почетокот на филозофирањето од тематската единица **Што е филозофија?** од **Филозофија за VIII клас** во бугарската програма. Тематската единица **Јазик и критичко мислење** се состои од неколку теми. Прво се обработува темата Вистина и валидност: логика, логички закон, аргумент, валидност. Во оваа тема учениците се запознаваат со: специфичноста на логиката како наука за анализа и проценка на валидноста на аргументите; основните логички закони; односот меѓу вистината и валидноста; разликување на аргумент од серија на изјави што немаат формално-логичка врска; анализирањето на структурата аргументите; и правилно аргументираното застапување на сопствената позиција.

Овој материјал одговара со прашањата што се обработуваат по предметот **Логика** (во која и да е форма) од анализираните земји од соседството. Покрај ова, дел од материјалот кореспондира со тематската единица **Што може да знам?** од предметот **Филозофија** во црногорското гимназиско и стручно образование и со првата тема од доменот **Наука и објаснување** од хрватската програма по **Филозофија**. Втората тема, Значење и употреба на зборовите: термин, поим, значење, дефиниција, ги оспособува учениците да дискутираат за: општествениот карактер на значењата на зборовите; логичките карактеристики на термините (содржина и обем); различните употреби на зборовите во зависност од контекстот (на пример, емоционална и когнитивна употреба); начините за наоѓање или конструирање на точните дефиниции на термините со примена на техники и правила за дефинирање; важноста на изразувањето на точен, јасен и недвосмислен начин; и потребата за стремење кон разбирање на текст, партнер во дискусија итн. Следната тема, Основни методи на логиката: дедукција, индукција, условни и дисјунктивни аргументи, каузални врски, исто така се поклопува со дел од материјалот од

сите варијанти на предметот **Логика**, и ги запознава учениците со: карактеристиките на дедуктивните и индуктивните аргументи; основните дедуктивни схеми на заклучување и методи на научна индукција; валидноста на дедуктивниот метод и силата на индуктивните аргументи; начините на заклучување; анализата на дилемите; индуктивните изводи за причинско-последичните врски; и важноста и применливоста на логичките методи во истражувањето во секојдневниот живот и во научните теории. Во третата тема од оваа тематска единица, Правила и грешки во аргументацијата: теза, основни аргументи, заблуди, учениците учат за: основните стратегии во аргументацијата и типовите на неформални грешки; формулирањето на проблем и теза; начините за откривање и анализирање на релевантната информација; неформалните грешки во заклучувањето; и важноста на критичкото размислување во надминување на конфликтите и во постигнувањето на разбирање/договор.

Тематската единица **Филозофското познание и реалноста** е прилично еклектичка, содржи елементи на онтологија, филозофија на религија, гносеологија и социјална филозофија. Првата тема, Светот: светот, основните начела, метафизика, идеја, материја и форма, супстанција, времето и просторот, ги запознава учениците со: значењето на поставувањето на проблемите и принципите на постоењето; античкото разбирање на светот како космос и принципите на осмислувањето на светот во натур-филозофијата и филозофијата на Платон и Аристотел; моделите за објаснување на светот во модерните времиња преку концептите на супстанција, време и простор, тело и движење; споредби и аналогии меѓу филозофските теории за светот и природно-математичкото познание на светот; значењето на филозофските категории и споредбите со концептите на природно-математичките науки (пр. време, сила, тело, причина); важноста на филозофските теории за формирање на сеопфатно знаење за светот. Овие прашања и проблеми се делумно опфатени во **Суштина и формите на постоењето (Онтологија)** од **Филозофија (изборен предмет)** во **Р. Македонија**, **Што е тоа „прво“?** од **гимназиското и средното стручно образование** во **Р. Црна Гора,** доменот **Постоење и свет** од **Филозофија** во **Р. Хрватска**. Втората тема, Човек и Бог: Бог, вера и разум, време и вечност, спасение, ги запознава учениците со: христијанската филозофија во средниот век како премин од космологијата; разбирањето на светот преку односот човекот - Бог (Августин, Тома Аквински); улогата на верата и разумот во знаењето; христијанското гледиште за зна-

чењето на човечкиот живот преку надеж за спасение и вечност; начините за споредба на религиозниот и научниот поглед на светот и човекот; примерите на познатите аргументи за постоењето на Бога од историјата на филозофијата; филозофското значење идејата за Бог во осмислувањето на светот и сопствениот живот; улогата на религијата во обликувањето на личниот светоглед. Од аспект на реферирањето на средновековните теории и автори, постои делумно поклопување со **Средновековна филозофија** од **Филозофија (задолжителен)** во **Р. Македонија** и **Средновековна филозофија** од **Филозофија** во Р. Србија. Сепак, само во оваа единица и во оваа програма се забележува експлицитно и темелно разгледување на клучните прашања од филозофијата на религијата (концептот за бог, религиозниот светоглед, смислата на животот преку верата, аргументи за божјото постоење), кои низ сите други програми воопшто не фигурираат (во случајот на Р. Хрватска ова можеби се објаснува преку фактот што **Веронаука** е задолжително изборен предмет, заедно со Етика, низ неколку последователни години, но не би можело да се тврди со сигурност, затоа што тематиката на вака формулираната филозофија на религијата нема катихетичка, туку секуларна и филозофска форма). Во профилираното образование во XI и XII клас постои изборен модул, **Светски религии**, а како директни прашања за бог, постои тематска единица **Филозофијата и бог** во рамките на задолжителниот модул, **Историја на филозофијата**. Во следната тема, Разум, искуство и познание: разум, метод, емпиризам, рационализам, учениците се запознаваат со: разликите меѓу емпиризмот и рационализмот; ставовите на Кант за емпиризмот и рационализмот; појавата на култот кон разумот, науката и методите новиот век; разликувањето на тврдењата базирани на искуството од оние базирани на рационални принципи; и важноста на методот за откривање и докажување на вистината. Оваа тема кореспондира со дел од темите обработувани во различните форми на предметот **Логика,** но и со **Што и како сознаваме (гносеологија)** од **Филозофија (изборен)** во **Р. Македонија**, **Што може да знам?** од **Филозофија за гимназиското и средното стручно образование** во **Р. Црна Гора**, и доменот **Познание и знаење** од **Филозофија** во **Р. Хрватска**. Следната тема, Разум, искуство и познание: разум, метод, емпиризам, рационализам, ги запознава учениците со: разликите меѓу емпиризмот и рационализмот; ставовите на Кант за емпиризмот и рационализмот; појавата на култот кон разумот, науката и методите новиот век; разликување на тврдењата базирани на искуството од оние базирани на рационални принципи; начините

за анализа на причините за сопственото размислување; и важноста на методот за откривање и докажување на вистината. Според ова, дел од темите се поклопуваат со неколкупати споменатите тематски единици посветени на гносеологијата од Р. Македонија, Р. Црна Гора и Р. Хрватска, и со тематската единица **Нововековна филозофија** од историските пристапи во Р. Македонија и Р. Србија. Со темата Човекот и општеството: егзистенција, општество, јазик, власт, учениците се оспособуваат аргументирано да дискутираат за: ставовите за човекот како личност и човекот како општествено суштество (Аристотел, Маркс, Ниче, Сартр); важноста на јазикот за реализација на личноста и животот во заедницата (пр. Ортега и Гасет, Расел, Витгенштајн); различните форми на моќ (политички и морални норми, јазик, тело); промените во личното и општественото постоење во историскиот контекст и особено преку основните промени во современиот глобален свет; личните и општествените аспекти во сопствениот идентитет; механизмите за бегство од слободата и пројавите на конформизмот; разграничувањето на примерите за механизмите на моќта?; разликувањето на современите идеи за човекот и општеството од ставовите на претходните историски епохи; и важноста на односот меѓу поединецот и општеството за нивниот развој. Во оваа тема и блага застапеност на проблеми од филозофијата на јазикот, но главно се работи за проблемите на општеството (како што најавува самата формулација), со што наликува на веќе споменатите тематски единици што се однесуваат на општеството, дејствувањето во заедницата.

Тематската единица **Социјална филозофија и филозофија на правото**, се состои од три главни теми. Во првата, Праведност, право, закон, права и должности, правна норма, легитимност, учениците се запознаваат со: основните концепти на правдата, праведноста и законите (Платон, Аристотел, Џон Ролс); правната норма и нејзините главни видови; разликите меѓу правните и моралните норми; начините за анализирање на случаи поврзани со проблемот на различните форми на правда и праведност; важноста на принципот на еднаквост пред законот; и односот меѓу индивидуалните права и легитимните форми на должност. Во следната тема, Држава: општествен договор, политика, учениците добиваат знаења за: ставовите на Аристотел и Платон за државата; ставовите на Томас Хобс, Џон Лок и Жан-Жак Русо за општествениот договор; смислата на идејата за поделба на власта правната држава; разликите во формите на владеење; улогата на државата како субјект на правни односи; и растечката улога на другите општествени актери во спрове-

дувањето на човековите права во современиот свет. Со последната тема од оваа единица, Граѓанско општество: различност и толеранција, конкуренција и соработка, социјална солидарност и форми на граѓанско дејствување, учениците се оспособуваат за аргументирана дискусија за: предусловите за појава на граѓанското општество и факторите на негова стабилност; способноста на граѓанското општество да влијае врз политичкиот поредок; различните современи форми на граѓанско учество (социјални движења, интернет, граѓански протести и граѓанска непослушност); различни примери за случаи на конкуренција и соработка; социјалната солидарност и толеранцијата на различностите. Покрај во веќе споменатото Филозофското познание на реалноста од оваа предметна програма, и споменатите **Етика и право** од општообразовната подготовка во **Р. Бугарија**, и доменот Општеството и политиката од Филозофија во Р. Хрватска, одредени теми во историските пристапи се застапени во Нововековна филозофија и Современа филозофија во предметот Филозофија (задолжителен) во Р. Македонија и Филозофија во Р. Србија.

Во **XI и XII клас во профилираното образование**, постојат модулите:

1. историја на филозофијата (единствен задолжителен модул, останатите се задолжително-изборни);
2. филозофија на интеркултурноста;
3. светски религии;
4. филозофија на уметноста;
5. глобални проблеми во современоста;
6. филозофија на науката.

Темите во задолжителниот модул **Историја на филозофијата** се следниве:

1. Проблемот на битието: разлики меѓу филозофското и теолошкото поимање на битието; постоечкото и непостоечкото; различни типови на онтологија; различни историски сфаќања за битието.

2. Дијалог за познанието: основни теории за вистината; историскиот развој на познанието; улогата на филозофските категории за осмислување на дејствителноста.

3. Филозофија и Бог: различни религиозни и филозофски сфаќања за човековото дејствување; односот меѓу филозофијата и религијата во историјата на филозофијата; филозофски интерпретации на Апсолутното.

4. Смислата на историјата: основни филозофски сфаќања за историскиот развој; анализа на филозофските клучеви за историските настани; проблематиката на сегашноста и разбирањето на иднината.

5. Смислата на животот: историскиот развој на стојалиштата за смислата на животот; филозофски интерпретации на основните научни достигнувања во познанието на животот; сопствената одговорност во осмислувањето на животот.

### 1.1.4. Методи на предметот Филозофија

Во предметната програма по предметот Филозофија во **Р. Македонија** се поттикнува употреба на интерактивни форми и методи (техники на учење и активности), од кои задолжително: работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај. Особено важно е ученикот да се поттикнува креативно да мисли низ организирање на филозофски работилници. Додатно се препорачува посета на музеј, археолошко наоѓалиште, театар, работилница организирана надвор од училиштето. Во изборниот предмет Филозофија посебно внимание треба да се насочи кон почесто практикување на индивидуалната и групната форма на работа, како и тандем формата, а од методите дијалог и работа на текст.

Во **Р. Србија** се потенцира комбинираната употреба на фронтална и индивидуална форма на работа (со насоки од наставникот). Од наставните методи се споменуваат: монолошка, дијалошка, текстуална; вербални и текстуални наставни средства.

Во предметната програма на **Р. Црна Гора** (за Филозофија - гимназиско образование) се потенцира дека треба да се употребуваат методи што најефикасно го поттикнуваат активното учество на учениците, истовремено овозможувајќи остварување на целите на предметот и на програмските содржини. Тоа може да се постигне со соодветен избор и умешна примена на различни методи и методски постапки, комбинирани во зависност од планираниот час. Изборот и примената на наставните методи спаѓаат во подрачјето на творење на наставникот. Се подразбира индивидуализиран пристап кон учениците: запознавање со претходните познавања, интересирања и способности. Од методите се споменуваат: усното излагање и разговорот, дискусиите во форма на филозофски дијалог; примената на изворни филозофски текстови, писмени

трудови. Во изборот на методот (фронтален, групен, индивидуален), да се има предвид дека може да се применуваат и синхронизирано – најдобри резултати се постигнуваат со нивна корелација. Покрај ова, треба да се организираат филозофски секции, трибини, расправи. Во предметната програма за Филозофија (средно стручно училиште - музичка и ликовна уметност), имајќи ја предвид специфичноста на ова стручно образование, се укажува дека за поуспешно и сеопфатно остварување на програмата, потребно е организирање на посети на ликовни изложби, галерии, настани.

Во **Р. Хрватска** се става акцент на дискусиите и активна вклученост на учениците во процесот на наставата. Излагањето на наставникот и работата на текст треба да претставуваат само почетни точки за дискусија. За етички, социо-политички и естетички теми, покрај совладување на материјата во училиштето, треба да се поттикне истражување на овие проблеми во светот (препорачано излегување од училиштето, посета на институции, групи, инволвирање во животни ситуации). Препорачана е и просторна организација: не класичен, катедра-паралелни-клупи-дизајн, туку круг за дијалог и работа во помали групи.

Во **Р. Бугарија** се наведуваат следниве методи: предавања, анализа на текст (филозофски и нефилозофски), дискусии, дебати, анализи на случаи, проекти; индивидуални писмени задачи (анализа на текст, есеј, портфолио, анализа на случај); учество во групни практични активности (дискусии, случаи, проекти, јавни презентации, изработка и анализа на креативни задачи); посета на институции и настани. Особено е потенцирана употребата на ИКТ, преку употреба на блогови, форуми, изработка на wiki-одредници („учество во виртуелни дијалошки пространства“).

### 1.1.5. Заклучок

Бројот на часови предвидени за изучување на филозофијата (и како задолжителен и како изборен предмет) релативно блиску кореспондира со бројот на часови предвидени за изучување на филозофијата во останатите земји, освен во Р. Бугарија, каде се одвоени многу повеќе часови (гледано од аспект дека се изучува 5 години) во средношколскиот курикулум. Во Р. Црна Гора изучувањето на филозофијата задолжително се одвива и во стручното образование, а во Р. Хрватска и во Р. Бугарија, изборно. Само кај нас е

понуден само еден учебник кој се користи во реализација на наставата, додека за изборниот предмет - учебник воопшто не постои.

Во македонската предметна програма постои релативна избалансираност на четирите видови *цели* (Спознание, Критичко мислење и аргументација, Развој на личноста и на општеството, и Развивање вештини) за разлика од другите предметни програми (на пример во хрватската каде премногу акцент се става на целите поврзани со развој на личноста и на општеството, а останатите се релативно запоставени). Тоа значи дека со предметната програма се предвидува постигнување на избалансирано стекнување знаења, вештини и вредности. Колку навистина се постигнуваат овие цели треба да покаже емпириското истражување.

Во однос на *содржините*, само во македонската предметна програма постои повикување на важноста на просветителската дејност на Св. Кирил, Св Методиј и Св. Климент Охридски, во тематската целина Средновековна и ренесансна филозофија, истакнато поради директната врска на византиската традиција и просветителските потфати на македонските дејци. Исто така, во тематската целина Филозофија на XX век, за разлика од другите програми, содржи референца на значајни локални мислители, особено во изминатиот век.

Во однос на содржините, ја истакнуваме хрватската предмета програма поради два аспекта. Прво, се инсистира на контекстуализација на наученото, примена на информациите, способности за примена на совладаниот материјал во примери од понатамошното учење, рефлексијата во разни сфери од животот, и општо комуникацијата во стварноста. Учениците учат не само информации, туку, многу поважно, да анализираат, синтетизираат и применуваат во контекст (највисокиот степен на совладување на материјалот според Блумовата таксономија). За успешноста на применувањето на сознанијата особено значајно е тие сознанија да произлегуваат како одговор на современите проблеми, што нè носи кон вториот аспект карактеристичен за хрватската програма. Имено, во неа се застапени многу современи и актуелни теми кои не се толку застапени во другите програми (филозофија на науката, филозофија на политиката, филозофија на јазикот, биоетика, метаетика, психологија на моралот, етика на научното истражување, итн.), така формулирани, што ги оспособуваат учениците за аргументиран и информиран дијалог за екстремно важни прашања кои, директно или индиректно, се однесуваат на сите членови на заедницата, и сите жители на светот.

Исто така, ја истакнуваме и тенденцијата на бугарскиот систем да се инсистира на личниот развој, и на саморазбирањето и самоспознавањето на индивидуата, особено во почетните стадиуми на изучувањето на филозофијата, во VIII клас. Тука се прашањата на самоспознанието, и поттикнувањето на учениците да се запознаваат себе си како индивидуи и како членови на заедницата, способни да разрешуваат конфликти, да распознаваат потреби, да ги толкуваат сопствените искуства, да развиваат осет за другоста, да учат да учат.

Во однос на содржините, но од организациски аспект, во предметните програми Р. Хрватска, Р. Црна Гора, и Р. Бугарија, на различен начин е оставена можност да се избере тема која подетално ќе се обработува во текот на учебната година. Тоа дозволува подлабинско навлегување во одредени филозофски проблеми, а притоа се води сметка да не се исклучуваат воведните тематски целини, што е случај кај сите програми.

Во однос на *методите*, сите предметни програми ги истакнуваат и фронталните и интерактивните начини на спроведување на наставата, но се истакнува хрватската со поттикнувањето на истражување на филозофските проблеми во светот (пр. инволвирање во животни ситуации), и бугарската, каде се поттикнуваат ИКТ методите (употреба на блогови, форуми, изработка на wiki-одредници, генерално почесто „учество во виртуелни дијалошки пространства").

## 1.2. ЛОГИКА

### 1.2.1. Општи информации за предметот Логика

Во **Р. Македонија** предметот Логика се изучува како изборен предмет во IV година, гимназиско образование, со 2 часа неделно, односно 66 часа годишно.

Во **Р. Србија** предметот Логика се изучува во III година (клас) во гимназиското образование (два типа гимназии), со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

Во **Р. Црна Гора** предметот Логика се изучува во III клас општа гимназија како задолжителен изборен предмет и е дополнување на матур-

скиот стандард за предметот Филозофија. Се изучува со 2 часа неделно, односно 70 часа годишно. Логиката во курикулумот добива статус на специфичен наставен предмет чија природа ја сочинува невидливата структура на секој наставен предмет и на секоја друга човечка дејност.

Во **Р. Хрватска** предметот Логика претставува предмет од општествено-хуманистичко подрачје на курикулумот, но и интегративен предмет што нужно влегува во сите предмети и меѓупредметни теми на петтиот образовен циклус. Тој е задолжителен во гимназиски програми со 1 час неделно, а во некои гимназиски и економски (особено управно-биротехнички) насоки овозможува и изборност.

Во **Р. Бугарија** логиката се изучува во рамки на предметот Психологија и Логика во IX клас, како задолжителен во рамки на општообразовната подготовка, и како изборен, во профилираната подготовка.

1) Задолжителниот предмет Психологија и логика е дел од циклусот Филозофија (Психологија и логика, Етика и право, Филозофија) и се изучува 54 часа вкупно (27 часа Логика). Тој претставува основа за другите предмети од предметниот циклус, поврзан со сите други предмети од општообразовната подготовка. Преку него се остваруваат стандардите од прво рамниште од јадрото Критичко мислење и создавање смисла.

2) Предметот Психологија и логика кој е дел од профилирана подготовка се состои од два модула. Првиот модул е Социјална психологија и психологија на комуникацијата, а вториот модул од предметната програма е Критичко мислење (54 часа вкупно, 27 часа). Со овој предмет се продолжуваат знаењата и умеењата од задолжителниот предмет Психологија и логика и претставуваат остварување на стандардите од второ рамниште од јадрото Критичко мислење и создавање смисла.

### 1.2.2. Цели на предметот Логика

Специфичните цели на наставата по **Логика**, може да се поделат во три групи: стекнување знаења, развој на способности, и негување на интелектуални доблести.

Од аспект на СТЕКНУВАЊЕ ЗНАЕЊА, во **Република Македонија** целите се:

- запознавање со суштината на логичките поими, принципи и постапки;

- учење за карактерот и структурата на научните знаења и на научните системи;
- запознавање со новите тенденции во комуникацијата базирани врз информатичката технологија.

РАЗВОЈОТ НА СПОСОБНОСТИТЕ подразбира:

- директно активирање на потенцијалните интелектуални капацитети често потиснати од фаворизирањето на вербализацијата во образовниот процес;
- оперирање со апстрактни ентитети;
- оформување апаратура за стекнување, средување и промислување на мноштвото поединечни податоци добиени од проучување на другите наставни содржини.

НЕГУВАЊЕТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ ДОБЛЕСТИ во наставата по Логика вклучува:

- расудување врз основа на оправдан разлог, вклучително и промена на ставот; почитување на другите;
- чувствителност на противаргументи и на необразложување на ставовите, неоправдани барања итн.,
- односно, со предметот во сите земји се очекува развивање на логички сензибилитет.

Во **Република Србија**, СТЕКНУВАЊЕТО ЗНАЕЊА подразбира запознавање со:

- елементите и принципите на валидното мислење;
- типичните грешки во заклучувањето и докажувањето;
- структурата на познавателните способности;
- методолошката структура на научното и филозофското истражување.

Од аспект на РАЗВОЈОТ НА СПОСОБНОСТИТЕ/ВЕШТИНИТЕ, од учениците се очекува оспособеност за:

- препознавање и избегнување на логичките грешки во заклучувањето и докажувањето;
- способност за трансфер на знаењата од различни области и вештини за перманентно образование.

Покрај општата цел на развивање на логичкиот сензибилитет кај учениците, карактеристична за сите програми, под НЕГУВАЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ДОБЛЕСТИ се подразбира:

- поттикнување и развивање на интелектуална отвореност и љубопитност, уважување на сведоштва и аргументи, спремност за самокритика, толеранција кон разликите во мислењата, непристрасност во проценките;
- развивање на свест за потребата од активно обликување на својот живот, и одговорно учество во јавниот живот на хумано и демократско општество.

Во **Република Црна Гора**, СТЕКНУВАЊЕТО ЗНАЕЊА од наставата по Логика се однесува на запознавање со:

- елементите и принципите на валидното мислење;
- разликата на валидното од невалидното мислење;
- видовите и нивоата на познание;
- поимното мислење, како подлабоко од перцепцијата и претставата.

Целите од групата на РАЗВОЈ НА СПОСОБНОСТИТЕ/ВЕШТИНИТЕ се во насока на унапредување на мислењето кај учениците, за тоа да биде критичко и инвентивно, со елементи на творештво. Целта од подрачјето на НЕГУВАЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ДОБЛЕСТИ е усвојувањето на валидното мислење како патоказ до вистината и до исправното практично дејствување.

СТЕКНУВАЊЕТО ЗНАЕЊА во **Република Хрватска** е посветено на совладување на критериумите на доброто мислење, и симболичките јазици и нивната употреба.

Во целите во насока на РАЗВОЈ НА СПОСОБНОСТИТЕ/ ВЕШТИНИТЕ се вбројуваат:

- развој на креативното мислење;
- развој на способноста за автономно просудување и одлучување;
- активно користење на знаењето за елементите на валидното мислење и критичко-рационалните методи во структурирањето на своето знаење и решавањето проблеми;
- поттикнување на авторефлексивност во мислењето, развој на метакогнитивните компетенции;
- освестување на критериумите што се заеднички за сите луѓе и на кои сите се согласуваат како подлога за развивање на култура на заедништво;
- способност за кооперативно комуницирање.

Инсистирањето на формирање на свесни, ангажирани и слободни граѓани карактеристично за програмата по **Филозофија**, и, секако, **Етика**, се забележува и во целите на наставата по **Логика**, кои, од аспект на НЕГУВАЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ДОБЛЕСТИ, како претпоставка за промислен, одговорен и активен граѓански живот и за подобро разбирање на научните теории се:

- непристрасност во просудувањата;
- поттикнување на разборитост;
- развивање на способност за преиспитување на сопствените ставови;
- разликување на уверувањата усогласени со критериумите на разумот и оние што не се усогласени со нив.

Наставниот предмет **Логика** во **Република Бугарија** од аспект на СТЕКНУВАЊЕ ЗНАЕЊА има за цел да им ги доближи на учениците:

- различноста и разнообразноста како конститутивни белези на светот; и
- улогата на знаењето и творештвото во човековата историја.

РАЗВОЈ НА СПОСОБНОСТИТЕ/ВЕШТИНИТЕ се постигнува и така што од учениците се очекува:

- учење како да се спознаат другите и светот преку развивањето на вештините за јасно, точно и критичко мислење;
- развивање умеења за критичка анализа на различни гледни точки
- усвојување дополнителни начини за решавање проблеми.

Целите во рамките на стремежот за НЕГУВАЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ДОБЛЕСТИ се, покрај, како и во другите програми, развивањето на логичкиот сензибилитет, и разбирањето и прифаќањето на различноста.

### 1.2.3. Содржини на предметот Логика

Обработуваните теми во тематската единица **Логиката како наука** во предметот **Логика** во **Република Македонија** се: Значење на поимите логика, логично и сродните поими; Рационалноста и логиката; предметот на логиката; логички дисциплини; односот на логиката кон другите научни дисциплини. Во единицата **Комуникација, мислење, јазик**, темите се: Поим за комуникација и неопходни претпоставки за нејзиното одвивање; мислењето и неговите основни логички карактеристики; мислењето и јазикот, збо-

ровите и поимите и други. Во тематската единица **Искази** се обрнува внимание на темите: Реченица и исказ; Видови искази според нивната структура; Елементарни и сложени искази; Методи за образување на елементарните искази; Сложени искази, а во продолжението, **Изведување и докажување на исказите**, се обработуваат темите: Поим за аргументација: претпоставки и изведок; Вистинитост и валидност; Логичко следство; Видови аргументација; Логички грешки во изразувањето и расудувањето. Со последната тематска единица, **Логичките претпоставки за создавање научен систем**, учениците се запознаваат со темите: Поим за наука; Научни знаења, научни закони, научен систем; Доказ, видови докажувања; Научна теорија и научен систем.

Во тематската единица **Предметот на логиката** во предметот **Логика** во **Република Србија**, се обработуваат: Потекло на логиката; Предмет на логиката; Форма и содржина; Вистинитост и исправност на мислењето. Во **Проблеми на познанието** темите се: Критериуми, извори и можности на познанието; Мислење и јазик; Функции на јазикот. Во тематската единица **Поим** учениците се запознаваат со темите: Поим и термин, Обем и содржина, Развој на поимот, Видови поими, Односи меѓу поимите. Во единицата **Дефиниција и класификација** темите за обработка се: Поим и видови дефиниции, Методи и правила на дефинирање, Делба и класификација, Правила на делба. Во тематската единица **Суд**, темите се Суд и реченица, Тврдење и одрекување, Поделба на судовите, Односи меѓу судовите, Пресметување на искази, додека во последната тематска единица, **Заклучок**, темите се: Видови заклучоци, Непосредно, посредно заклучување, Индукција, Силогизам, Видови докази, Логички грешки. Во следниот корпус тематски единици се обрнува внимание на научното истражување и општо, механизмите на науката. Така, првата тематска единица од овој корпус, **Наука и знаење**, ги обработува темите: Научно знаење и друго знаење, Критичко-рационална основа на научното знаење, и Спецификите на јазикот на науката. Во **Теориска подготовка на истражувањето** учениците се запознаваат со темите: Проблем, Хипотеза, Структура на научното истражување. Тематската единица **Утврдување на научни факти** ги опфаќа темите: Посматрање, Експеримент, Статистичка обработка на податоци, а **Научно објаснување** ги опфаќа темите Научен закон, и Теорија и систем. Во единицата **Логиката како филозофска дисциплина** се обработуваат Историскиот развој и поделбата на логиката, Односот на логиката и филозофијата на науката, и Значењето на логиката.

Во предметот **Логика** во **Република Црна Гора** се јавуваат задолжителни и изборни содржини. Тематската единица **Што е логика?** како теми или клучни поими ги има: Филозофија и логика, Логос, Мислење, мисла, форма и содржина на мислењето, Формална логика, Симболичка логика, Општа методологија, Емпириска наука, Теориска наука, Филозофските дисциплини онтологија, гносеологија, антропологија, итн, а како изборни содржини, Логиката и другите дисциплини, Логика и комуникација (Л. Керол), и Јазичните игри и логиката (Витгенштајн). Тематската единица **Проблеми на познанието** ги воведува и разгледува следниве клучни поими: знаење, логика, валидност и вистинитост, критериуми на познанието, извори на познанието, видови познание, логичко оправдување на познанието, знак, симбол, јазик, вистина, теории на вистината, додека, пак, изборните содржини ги содржат темите: Вистина и вистиноликост, Верување, знаење и оправдување, Филозофија на јазикот, Теории на вистината, и Поливалентни логики. Поттемите, односно клучните зборови во тематската единица **Форми на мислењето – поим** од задолжителниот дел се: Поим, поимање, термин, обем и содржина на поимот; Денотација и конотација; Категории; Род и вид; Дефиниција и класификација; и Структурни елементи на дефиницијата и класификацијата, а содржините од изборниот дел се: Филозофските категории, поимот за поимот; Дефиниција и класификација. Тематската единица **Форми на мислењето – суд** се однесува на темите: Суд; Став; Исказ; Реченица; Видови судови; Односи меѓу судовите; Формулите на исказното сметање; Вистинитосни таблици; Формална вистинитост и логичка вистинитост, додека како изборна содржина е исказното сметање. **Форми на мислењето – заклучок** ги содржи темите: Заклучување; Заклучок; Непосредно заклучување и посредно заклучување; Аналогија; Индукција; Дедукција; Силогизам; Полисилогизам; Ентимем; Сорит; и Логички грешки, со што наликува на тематската единица **Заклучок** во предметот **Логика** во **Р. Србија**, како и на првиот дел од доменот **Наука и објаснување** од **Филозофија** во **Р. Хрватска**. Изборните содржини во оваа тематска единица се: Движење на мислата во заклучувањето, Стоичка логика, Логика на релации, и Логика на класи. Тематската единица **Логика на научното познание** ги содржи поимите: наука, метод, опис, објаснување, предвидување, причина, научно откритие, научен доказ, технички изум, научно истражување и излагање, проблем, хипотеза, верификација, а изборната содржина е фокусирана на логика на научното познание, со што оваа единица е слична со **Логичките**

**претпоставки за создавање научен систем** од Логика во Р. Македонија и со **Наука и знаење**, **Теориска подготовка на истражувањето, Утврдување на научни факти** и **Научно објаснување** од Р. Србија, како и со хрватскиот домен **Наука и објаснување** од предметот **Филозофија**.

Делот **Логика** од предметната програма по предметот **Психологија и логика (задолжителна подготовка)** во Република Бугарија се состои од следниве тематски единици: **Рационалност и мислење**, во чии рамки се обработуваат теми од типот на мислење, рационалност, интуиција, аргумент, вдахновение, вистина; специфики и улога на рационалното мислење во науката и во животот; **Логика и форми на мислењето**, во која се обработуваат темите, односно поимите, суд, заклучок, закон, премиси/конклузија; **Прашања и одговори**, во која учениците се запознаваат со поимите теза, тврдење, проблем, анализа; **Вистина и аргументација**, што ги содржи темите: дедукција, индукција, анализа, факт, прашање, споредба, интерпретација, логички грешки; и **Комуникација, смисла, толерантност**, во чии рамки учениците учат за разбирање, смисла, толерантност.

Модулот **Критичко мислење од предметната програма Психологија и логика (профилирана подготовка)** во **Република Бугарија** ги содржи тематските единици: **Критичко мислење и истражување**, во која поттемите, односно клучните зборови се: форма, содржина, критичко мислење, вистинитост/валидност; **Проблеми и хипотези**, во која клучните поими се: хипотеза, истражување, контекст; **Вистина и смисла**, каде учениците се запознаваат со поимите: теза, антитеза, интерес, знаење, мнение, вистина и теории за вистината, дијалог; и **Творештво**, каде се обработуваат поттемите, односно поимите: идеја, смисла, творештво, информација, развој, творечко и репродуктивно мислење.

Првата тематска единица на предметот **Логика** во **Република Хрватска**, **Обичниот јазик и јазиците на логиката**, ги содржи поттемите (претставени преку разработката на образовните исходи од конкретната тематска единица): Венови дијаграми, мрежа на поими, скала на поими, пирамида на поими итн. Во единицата **Мислење, свет и научно познание** се обработуваат поимите: дефиниција, дивизија, хипотеза, факти, индукција, аналогија; а во тематската единица **Логички својства и односи**: следство, еквиваленција, логичко следство, природна дедукција, modus ponens, modus tollens, хипотетички силогизам, дисјунктивен силогизам, Де Морганови правила. Во тематската единица **Аргументација и критичко мислење** ученици-

те се запознаваат со проблемите и карактеристиките на аргументациската структура во различни типови текстови, како и со аргументациските грешки што се јавуваат при преведувањето на јазиците на логиката, грешките на индукцијата и аналогијата, грешките во докажувањето и грешките на релевантноста.

### 1.2.4. Методи на предметот Логика

Во наставата по **Логика**, во **Р. Македонија**, централна е улогата на ученикот: во оваа смисла се применува процес на самоучење и самоевалуација на напредувањето. Улогата на наставникот се состои во планирање, водење и организирање на активностите, определување на мерила и критериуми, синтеза на резултатите. Наставата се изведува во комбинација на фронтална, индивидуална, групна, тандем форма, директна и индиректна настава (ова важи како за македонскиот систем, така и за другите анализирани земји). Поставувајќи го ученикот во улога на централен субјект, наставата по логика го насочува ученикот да слуша, да чита, да вежба, да открива законитости, за учи независно, да го проверува стекнатото знаење со своите соученици, да се обидува да ги дефинира поимите, да изработува домашни задачи и да го проценува сопственото напредување.

Во програмата по **Логика** во **Р. Србија** се потенцира разновидноста на методите што се применуваат во совладувањето на наставните содржини, како и нивниот интерактивен карактер, со цел учениците интелектуално да се мобилизираат и мотивираат за постигнување оптимални резултати. Така, се препорачува поттикнување на учеството на учениците во дискусии, дебати, објаснувања, анализа на текстуални предлошки, логичка обработка на клучни поими и концепти, формулација на прашања и проблеми, различни форми на презентации, итн.

Во **Република Црна Гора** експлицитно се става акцент на активно вклучување на учениците, а со тоа поттикнување на креативност и имагинација. Активна улога на ученикот како субјект во процесот на учењето е подвлечена и во **Република Хрватска**, каде, поради тоа, се практикува примена на активни методи: структуриран дијалог, учење за решавање проблеми, истражувачки метод, писмена работа, работа на текст, демонстрациски метод.

### 1.2.5. Заклучок

Од споредбата на предметните програми по предметот **Логика** во Република Македонија, Република Бугарија, Република Србија и Република Црна Гора би можеле да се извлечат следниве заклучоци:

1) Во поглед на **целите на наставната програма**, може да се заклучи дека во програмите на сите земји што беа предмет на анализа, наставата по Логика се стреми кон остварување на повеќе видови цели. Нивните заеднички елементи, иако во секоја програма се формулирани на донекаде различен начин, би можеле да се артикулираат на три нивоа: **стекнување знаења, развој на способности и вештини и негување на интелектуални доблести**. **Стекнувањето знаења** првенствено се однесува на запознавањето со суштината на логичките поими, принципи и постапки, структурата на познавателните способности, принципите и формите на валидното мислење и негово разграничување од невалидното мислење, како и методолошката структура на научното и филозофското истражување. **Способностите и вештините** со чие стекнување треба да резултира наставата по Логика се однесуваат на способноста за критичко и креативно мислење, автономно просудување и одлучување, активно користење на критичко-рационалните методи во решавањето проблеми и структурирањето на своето знаење, како и способноста за кооперативно и одговорно комуницирање. **Интелектуалните доблести** кон чие негување е насочена наставата по логика се првенствено интелектуалната отвореност и љубопитност, уважувањето на сведоштва и аргументи, спремноста за самокритика, толеранцијата кон разликите во мислењата и другите форми на различност, разборитоста, непристрасноста во проценките, развивање на свеста за потребата од активно обликување на својот живот, и одговорно учество во јавниот живот на хумано и демократско општество. Постојната програма по предметот Логика во Република Македонија на ниво на поставените цели во главни црти кореспондира со другите анализирани програми во регионот. Сепак, потребни се натамошни истражувања кои би го констатирале **степенот на остварување на предвидените цели** преку содржините, методите и начинот на реализирање на средношколската настава по Логика во нашата држава.

2) Во однос на **наставните содржини** предвидени во предметните програми по Логика, би можело да се констатира дека во основата на секоја од анализираните програми е присутно поширокото сфаќање за логиката како

дисциплина која се однесува на принципите и поимите на рационалноста во сите подрачја на нивното применување. Оттаму, покрај содржините од формалната логика сите анализирани програми опфаќаат и делови од гносеолошката и од методолошката проблематика. Според тоа, во сите програми што беа предмет на анализата се среќаваат темите што се однесуваат на **човековото познание**, неговата **структура** и **елементи**, улогата на **јазикот** во **расудувањето** и **комуницирањет**о, **логичките својства** и **односи** на **поимите** и **исказите** третирани од аспект на **современата симболичка логика**, **структурата, формите** и **методите на научното познание**, **аргументацијата** и **критичкото мислење**. Во овој аспект, програмите се разликуваат главно по начинот на систематизацијата на споменатите содржини, акцентирањето на некои од нив и нивото на кое се третирани. Во поглед на фокусот врз определени содржини, би можело да се констатира дека програмата по Логика во Република Хрватска предничи во местото и нивото на застапените содржини од современата симболичка логика, додека во програмата во Република Бугарија, како резултат на модуларната структура на предметот, особено истакнато место добива проблематиката на критичкото мислење, на која и е посветен еден интегрален модул од профилираната подготовка. Во овој поглед, во програмата во **Република Македонија** може да се забележи релативно избалансиран пристап кон сите застапени содржини. Сепак, во светлината на целокупните резултати од проектот би можело да се постави прашањето за натамошна **надградба и продлабочување на третманот на определени тематски целини** кои би биле посочени како најсуштествени за развивањето на компетенциите и способностите на учениците предвидени како цели на наставната програма.

3) Во поглед на **методите** што се применуваат во наставата по **Логика**, може да се заклучи дека во сите предметни програми што беа предмет на анализа се потенцира важноста на примената **интерактивните методи** што го ставаат **ученикот во центарот на образовниот процес**, го поттикнуваат неговото љубопитство и интересирање, ги развиваат не само репродуктивните способности во совладувањето на материјалот, туку и способностите за анализа, синтеза, компарација, вреднување и интелектуална креација. Таквите методи му овозможуваат на ученикот и континуирано да го самоевалуира сопствениот напредок во стекнувањето на сознанијата и развојот на способностите и вештините. Сепак, со цел да се оптимизира користењето на ваквите методи (дискусија, дебата, анализа на текст, истражување, презентација, итн.)

во средношколската настава во Република Македонија) потребно е, покрај учебникот, да се изработат и **други педагошки материјали** (хрестоматии, работни тетратки, прирачници за наставници и т.н.) што би им помогнале како на учениците, така и на наставниците, да го развијат интересирањето за логичките содржини и да го унапредат нивното проучување.

## 1.3. ЕТИКА

### 1.3.1. Општи информации за предметот Етика

Во **Р. Македонија**, предметот Етика се изучува во две учебни години, имено во II и во III година, како изборни предмети. Предметот Етика во II година се изучува 2 часа неделно, односно 72 годишно. Во III година се изучува 2 часа неделно, односно 72 годишно.

Во **Р. Србија** предметот Етика не е застапен во средношколскиот курикулум.

Во **Р. Црна Гора**, предметот Етика е изборен предмет во четврта година општа гимназија со 2 часа неделно, односно 64 часа годишно.

Во **Р. Хрватска** предметот Етика е најзастапен и се изучува во средните четиригодишни училишта (гимназии и стручни школи) со 1 час неделно. Се изучува во сите средни училишта во текот на четиригодишниот и петтогодишниот образовен циклус (од прва до четврта година) и е за оние ученици кои треба да направат избор помеѓу Веронаука и Етика. Бројот на наставни часови за Етика е ист со бројот на наставни часови за учење и проучување на Веронауката. Изучувањето на Етиката се реализира преку два домена, т.е. морално и етичко промислување и преку морално и етичко дејствување.

Во **Р. Бугарија** етиката се изучува во рамки на предметот Етика и право во X клас, како задолжителен во рамки на општообразовната подготовка, и како изборен, во X клас во профилираната подготовка.

1. Предметот Етика и право се изучува 54 часа годишно, во X клас. Се работи за предмет од циклусот Филозофија, т.е. Психологија и логика, Етика и право и Филозофија. Поврзан е со постигнување на стандардите од првото рамниште на јадрото под наслов „Слобода и одговорност“ по Филозофија.

2. Во рамки на профилираната подготовка, изучувањето на изборниот предмет Етика и право се состои од минимум 90 часа годишно, во X клас

средно образование. Повторно, се работи за предмет од циклусот Филозофија, т.е. Психологија и логика, Етика и право и Филозофија. Учебната програма се состои од три модула: Применета етика, Социјална и политичка филозофија и право, и Правото и етиката во информациското општество.

### 1.3.2. Цели на предметот Етика

Целите на предметот **Етика** се во контекст на стекнување со трајни знаења, и особено, конкретна практична примена на знаењата од етиката врз морални проблеми во животот.

Така, целите на предметот **Етика** како изборен во втора и во трета година во **Република Македонија** се однесуваат на тоа учениците да се запознаат со значењето на моралот во човековиот живот и со улогата на етиката во одржувањето и напредувањето на човештвото. Покрај ова, етиката служи за тоа да им ги доближи на учениците големите човечки вредности.

Општите цели на програмата на предметот **Етика** во **Република Црна Гора** не се насочени кон усвојување на теориско знаење во некој широк обем, туку кон усвојување на знаења и вештини што на учениците ќе им овозможат компетентно да просудуваат за моралните прашања и исправно да го развиваат сопствениот морален карактер.

Целата на наставниот предмет **Етика**, кој во **Република Хрватска** се изведува преку два домена, т.е. морално и етичко промислување, и преку морално и етичко дејствување, е усвојување на основните етички знаења, потребни за развивање на способности за морално просудување и етичко аргументирање, како и за општо ориентирање во животот.

Во оваа смисла, во прва година од средното образование се изучува Смисла и ориентација, каде главни цели се:

- негување и развивање на креативното мислење;
- развој на аргументираниот говор и разумното дејствување;
- втемелување на општите вредности на правата на човекот;
- контекстуализирање на моралното промислување низ примери од сказните, митовите и легендите, како и проблемите од секојдневниот живот;
- освестување во однос на моралните димензии на животот преку сликовното и симболичното како елементи на светот.

Во втора година, во изучување на Човекот во рамките на колективното, целите се во насока на тоа поединецот:

▪ да се поучува да живее и создава во заедницата;

▪ да применува знаења од етиката во соочувањето со моралните дилеми;

▪ да развива свест за личниот идентитет и потребата од почитување на другите;

▪ да создава систем од вредности во рамките на заедништвото – семејството, општеството и државата, како и глобалната заедница;

▪ да се ориентира и етички да промислува за севкупноста на односи на човекот во општественото опкружување.

Во трета година, во рамките на Човекот во светот на природата, главната цел се состои првенствено во запознавање на ученикот со биоетичкиот пристап и биоетичкото предметно подрачје. Така, запознавањето на ученикот со потенцијалите морални проблеми на денешницата треба да го оспособи за:

▪ разликување во моралните расудувања;

▪ креативно и дијалошко учество во етичкото артикулирање и решавање на моралните дилеми;

▪ разбирање на тоа дека ваквите проблеми и дилеми ги тангираат сите луѓе (универзалност), со што и

▪ разбирање дека не е можно лесно да се решат во засебни групи на експерти, туку само во креативен дијалог на сите релевантни пристапи и стојалишта (плуриперспективизам).

Во четврта година, во потпрограмата **Морал-Етика-Историја**, главната цел е да се рекапитулираат усвоените етички сознанија од претходните години, за да се развијат и надополнат во кохерентен систем од етички знаења кој треба да се фокусира на темелните етички категории на слободата и одговорноста. Така, се очекува дека до крајот на наставата од етичкото подрачје учениците ќе имаат отворени мисловни перспективи кон антропологијата и филозофијата на историјата, и ќе бидат способни за размислување и ориентирање за крајните прашања за смислата на човековата егзистенција и за историјата на светот.

Во потпрограмата **Етика или за разумното живеење** за четврта година, главната цел е учениците да се запознаат со филозофскиот пристап на моралот. Ова подразбира четири задачи или под-цели. Така, од предметот се очекува кај учениците да:

▪ обликува специфично етичко гледиште во просудувањето на сопственото и туѓото дејствување и одлучување за тоа што треба да се прави;

- поттикне доверба во темелните и општи етички начела и вредности кои претставуваат темел за морална оценка и одлука;
- развие диспозиција за морално исправно и добро дејствување;
- создава и поттикнува рефлексивна автономија на ученикот.

Предметот **Етика и право во општата подготовка** во **Република Бугарија** (кој се изучува како дел од циклусот Филозофија, составен од Психологија и логика, Етика и право, и Филозофија), е поделен на составните компоненти – етика и право. Главната цел на наставниот предмет Етика и право се однесува на тоа учениците правилно да се насочат во односите кон себеси, кон другите, и кон светот, за да дејствуваат во насока на нивно самоопределување како автономна личност и слободен граѓанин. Обуката на учениците, со тоа, е во насока на нивно самоопределување, во смисла на развој на умот за постигнување на автономни и одговорни морални избори, како основа на граѓанската култура.

Предметот **Етика и право од профилираната подготовка** се состои од три модула: Применета етика, Социјална и политичка филозофија и право, и Правото и етиката во информациското општество.

- *Модулот Применета етика*, како што упатува и името, има чисто практичка насоченост, и се конкретизира во актуелната тематика на професионалната етика, биоетиката, медицинската етика и политиката и моралот. Целите на овој модул се да се сфати практичката важност на етиката во деонтологијата, да се применат знаењата од етиката врз моралните проблеми што се јавуваат во професионалната етика, и, особено важно за современието, биоетиката и медицинската етика.

- *Модулот Социјална и политичка филозофија* и право очекува кај учениците да се развиваат правната и политичката култура во насока на филозофско обмислување на проблемите на справедливоста, слободата, правата на човекот, еднаквоста, сопственоста, законитоста и демократијата. Се очекува учениците да се запознаат со, и да применуваат анализа и синтеза на следниве теми:

- даноците и државното управување;
- политичките субјекти и политичкиот живот;
- правото на Европската Унија;
- заштитата на социјалните, етничките и малцинските права;

▪ социјалните и политичките контексти на правните проблеми во модерните демократии.

Целите на овие пет теми е оспособувањето на учениците да го разбираат функционирањето на општеството, односно, да ја сфатат поентата на нивното учество во управувањето со даноците, правата на политичките субјекти, проблемите на современите демократии (почнувајќи од потребата да се плаќа данок – но и барањето тој данок да биде во насока на општата корисност; до потребата од заштита на правата на човекот и сите импликации на заштитата на социјалните и малцинските права, сите основни практични прашања на државното уредување).

- *Модулот Правото и етиката во информациско општество* ги анализира правните и социјалните аспекти на глобализацијата и на преодот кон информациско општество.

Преку трите понудени теми во модулот, постојат неколку стандарди кои треба да бидат задоволени:

▪ разбирање на информационото општество како општество за сите;
▪ сфаќања на општата правна уреденост на интернетот;
▪ разбирање на правните аспекти на интелектуалната сопственост;
▪ разбирање на основите на електронската економика.

### 1.3.3. Содржини на предметот Етика

Наставниот предмет **Етика за втора година** во **Република Македонија** се состои од девет теми. Првата тема, **Етиката и моралот**, ги опфаќа следните поттеми: етиката и нејзината улога во човештвото; моралот и неговата улога во човековиот живот; подемот на етиката во современата епоха; и како етиката го води човекот по правите патишта во животот. Изучувањето на оваа тематска целина е со конкретна цел ученикот да: се воведе во етичкиот начин на мислење; ја разбере улогата на етиката, која го учи човекот како по правите патишта на животот; сфати дека етиката е составен дел од културата на живеењето; како и да го разбере современиот развој и подем на етиката. При остварувањето на овие конкретни цели, она што е потребно да се направи во однос на учениците е да им се открие суштината и целите, но и целите на етиката и моралот во животот на човекот; потоа, низ дебата да се претставуваат основните прашања на етиката како наука за моралот и животните вредности. За таа цел треба да се читаат одбрани текстови и да се анализира развојот на

современата етика како една од основните дисциплини во денешната цивилизација, но и да се организира етичка работилница на тема: „Што ми се допаѓа, а што не во нашиот морал“.

Во втората тематска целина под наслов **Човекот**, учениците ги обработуваат следните поттеми: што е човекот, како живее, местото на моралот во човековиот живот; потоа јас, моето сопство, интереси и однесување, како да бидам пријател на себеси; моите очекувања, планови, среќа, судбина, животни ставови; другите, блиските, ближните; љуби го ближниот како самиот себеси!; како и човечкото заедништво и целината на светот. Притоа, учениците треба да се запознаат со суштината на личноста и животот на човекот; да ја сфатат улогата на моралот во човековиот живот; да ги разберат своите очекувања и животни планови; да ја разберат реалноста на човековото живеење во заедница со другите луѓе; да ја разберат смислата на Христовата порака за љубов кон ближниот; како и да ја сфатат потребата од изградба на Универзалната етика на човештвото. Реализација на овие цели, треба да се одвива преку анализа на примери од практиката каде учениците ќе се запознаат со суштината на личноста, местото на моралот во личниот живот и во односите на човекот со другите луѓе; потоа читање и анализирање на прочуената порака на Христос за љубов кон ближниот; дебатирање за тоа како се дошло до создавање на Универзалната етика на човештвото; како и развивање на дискусија за животните и етичките вредности.

Во третата тематска целина, **Животот и моралот**, учениците ги изучуваат поттемите: надеж, оптимизам, среќа; па чесност, исправност, коректност; вистинољубивост, достоинство, храброст; умереност, скромност, воздржаност; па за карактерот и етиката; како и за негативните (лоши) постапки – саможивост, завист, злоба, одмазда и непријателство. Со проучувањето на овие поттеми, учениците би требало да осознаат дека во животот има различни морални појави, кои се основи за изградбата на правилно однесување; да сфатат дека моралните добродетели се потребни и на самата личност и за градење на добри односи со луѓето. Едновремено, учениците треба да ја согледаат вистинската димензија на едно стандардно однесување во форма на човековиот карактер; да разберат кои се негативните и да се здобијат со потребата истите да ги контролираат за да не ги појавуваат; како и да учествуваат во дебатите за соодветни етички прашања. Дидактичките насоки за остварување на овие конкретни цели ги има во доволен број поаѓајќи од анализирање на соодветен текст од литературата за да се објасни значењето

на оптимизмот и надежта за изградба на човековата среќа, преку изработка на пано кои ќе содржи личности – позитивни добродетели кои ќе бидат израз на добрината во човековото мислење и постапување, па пишување на есеј за тоа како да се изгради добар карактер, па се до дебати и етички работилници на тема „Надежта како животен поттик“ и „Разочараноста треба да биде надмината“.

Во четвртата тема **Комуникација меѓу луѓето**, поттеми кои треба да бидат изучени се: односите меѓу луѓето – суштина на нивната комуникација; разбирање, соработка; толеранција; и на крај за емпатијата. При ова учениците треба да се запознаат со суштината на односите меѓу луѓето; потоа да ја разбере смислата на разбирањето и соработката меѓу луѓето како исклучително важни форми на нивните односи; да ја сфатат основната идеја и порака на толеранцијата како современа етичка појава на трпеливост и разбирање меѓу луѓето; да ги разберат основните начела и да ја сфатат потребата од емпатија во проблемите со луѓето; и на крај да го сфатат страдањето на луѓето како инспирација за етиката. Дидактичките насоки по кои истото би се постигнало се во изработка на листа на основните начела на комуникацијата меѓу луѓето; изработка на портфолио во кои ќе бидат претставени формите на разбирање и соработка меѓу луѓето; читање на делови од учењата на големите етичари во кои е претставена идејата за толеранција, како и анализа на пример на емпатија како важен морален метод. Едновремено, треба да се организира и дискусија за одредени аспекти на етичкото доживување наспроти човечките страдања, како и етичка работилница за чувството кон страдалниците како извор на нови етички настапувања.

Петтата тематска целина **Етичко сметање** ги содржи следниве теми: разумот и моралот; идејата за етичко сметање; како и правење на избор со етичко сметање. Во оваа целина, учениците би требало да умеат да ги објаснат основите на рационалистичката етичка концепција; да ја опишат идејата на Бентам за етичко сметање и нејзините карактеристики; потоа да ја разберат суштината на методот на етичкото сметање како основа на современиот утилитаризам; како и да научат да прават етичка сметка и истата да ја применуваат како корисен етички метод. Насоките согласно кои би се постигнале овие цели се однесуваат на анализа на текстови, израбока на портфолија организирање на дискусии за улогата на разумот и емоциите во етичкото мислење и дејствување и етичка работилница на тема „Разумот

може и треба да биде единствен или најважен водител при етичкото одлучување“.

Шестата тематска целина насловена **Љубов** ги опфаќа следните теми: љубовта како чувство и однесување; трите видови на љубов; избор во љубовта; љубовни односи; брак; како и раѓање и воспитување на деца. Целите кои треба да бидат постигнати се однесуваат на запознавање на учениците со суштината на љубовта; можноста да ги опишат трите видови на љубов како посебни видови на емоции и страст и нивното значење за етиката; потоа да сфатат дека треба да се прави избор во љубовта; да разберат дека во љубовните односи голема улога имаат етичките аспекти; да ги објаснат елементите на семејната етика; како и да се разбере планирањето на семејството како основа на правилна семејна етика. Оттука, дидактичките насоки кои се дадени се однесуваат на работа во групи, листа на основни етички вредности во љубовта; водење на дискусија за нивните први љубовни искуства, како и пишување на есеј на тема „Планирање на семејство“.

Седмата тематска целина се однесува на **Работна етика** со темите: активност, трудољубивост и трудење; соработка и размена; како и пари, имот и штедење. Конкретните цели кои треба да се постигнат со изучувањето на оваа тематска целина се однесуваат на запознавање на учениците со основните појави во работната и економската етика; во разбирање на основните добродетели на работната етика како карактерни својства на личноста; разбирање на суштината на економските односи, на етичките вредности на парите и имотот, како и потребата од штедење во системот на пазарно стопанство. Дидактичките насоки кои се предочени се однесуваат на анализа на примери од дневниот печат; изготвување на листа на етичките димензии на парите и имотот; портфолио, дебатирање на високите вредности на штедењето во личниот и социјалниот живот, како и стандардно – организирање на дискусии за работна етика.

Претпоследната, осма целина - **Здравствена етика** ги опфаќа следните теми за изучување: етиката на здравјето денес; одговорноста на секого за чувањето на здравјето; како и заразни болести; и зависности и дроги. Целта е учениците да се запознаат со основните цели и содржини на здравствената етика; потоа да сфатат дека секој има одговорност за чување и унапредување на своето здравје, како и здравјето на сите други луѓе; суштината на заразните болести и зависностите; како и да изградат став против употребата на тутунот, алкохолот и особено дрогата. Насоките кои се дадени во реализацијата се во

настојувањето да се упатат учениците во основните димензии на здравствената етика денес; потоа во изработка на пано, работилница и портфолио на тема „Наркоманијата како најопасна болест за младиот човек денес“.

Последната, деветта тематска целина - **Политичка етика** ги опфаќа темите демократија, човекови права и одговорности; како и мир и толеранција и соработка меѓу луѓето. Конкретните цели кои треба да бидат постигнати се поврзани со запознавање на учениците со основните форми и содржини на политичката етика во денешниот свет; во разбирањето на принципите на демократијата; на човековите права; во разбирањето на значењето на мирот како основна вредност на Универзалната етика денес; како и основните начела и појави на толеранцијата во современото човештво. Дидактичките насоки кои се посочени се однесуваат на водење дискусии, читање и анализа на делови од Универзалната декларација за човековите права, текстови за основните учења за мирот, но и народни приказни, поговорки за толерантноста.

Што се однесува до наставните содржини за **Етика за трета година**, рамката е составена од десет тематски целини со свои теми.

Првата тематска целина е насловена **Вовед во етиката** и ги има следните теми:што се етиката и моралот; етиката како наука за моралот и за животните вредности; современиот подем и состојби на етиката. Како главни цели кои треба да бидат постигнати се воведувањето на учениците во етичкиот начин на мислење; потоа разбирање на улогата на етиката како составен дел од културата на живеење; како и разбирање на современиот подем и развој на етиката. При ова, дидактичките насоки се групирани во изготвување на листа на основни етички прашања, како и пишување на есеј на тема „Што ми се допаѓа, а што не во нашиот морал“.

Втората тематска целина **Вредноста на животот** ги опфаќа следниве теми: животот и неговата универзалност и вредност; потоа различните учења за целите и вредноста на живеењето; највисоката вредност во животот; како и позитивитетот на животната етика. Конкретните цели кои се предвидени да се реализираат се состојат од објаснување на суштината на животните вредности, преку опишување на истите и разбирање на системот на аксиолошко одлучување и градење на аксиолошката скала, па се до разбирање на логиката на предлагање и прифаќање на позитивниот однос кон животот. Токму затоа дидактичките насоки одат од поттикнување на дискусија за

животните и етичките вредности, преку читање и анализа на филозофски и етички текстови, па до организирање на етичка работилница.

Следната, трета тематска целина со наслов **Градбени елементи на етиката** ги опфаќа доброто и злото како основни етички категории; индивидуализмот и колективизмот; етичката автономија и хетерономија; волјата, намерата и делото; изборот на вредностите; моралната норма; совеста; етичкото сметање; како и етичкото образование. Истите како крајна конкретна цел имаат да овозможат осознавање на основните етички поими, да ја објаснат структурата на етичкото мислење; да ги оспособат учениците да прават разлика меѓу елементите на етиката во различни учења; да ги разберат градбените елементи на етиката и нивните соодноси; како и да ја разберат логиката на етичката сметка. Токму затоа во дидактичките насоки дадено е да се наведуваат примери за значајните етички вредности и морални норми; да се анализираат примери од секојдневниот живот, односно да се споредуваат избрани етички текстови, да се организира етичка работилница со цел подобро да се претстави идејата и целите на етичкото образование.

Четвртата тематска целина - **Етиката и религијата** ги проучува десетте Божји заповеди; христијанската етика; етиката на Исламот; како и другите етички религии со цел да ги запознае учениците со најзначајните етички норми на големите светски религии, за да ги разберат основната идеја и пораката на најпознатиот етички нормативен систем, но и да ги споредуваат основните етички норми на различните религии како форми на моралот на различни цивилизации. Оттука, во дидактичките насоки стои дека треба да се анализираат делови од содржината на Библијата и другите религиозни книги, како и да се организира дискусија за некои аспекти на етичките норми во религиите.

Петтата тематска целина ги претставува **Современи етички учења** со следните теми: утилитаризам, консеквенцијализам и етика на грижа. Целта е учениците да бидат запознаени со основните етички концепции на современата епоха; да ја разберат широчината на современиот утилитаризам како најраширена етичка концепција на денешнината; да ја објасни потребата од дополнување на етичките погледи со аспекти од последиците на човековото дејствување; како и да се разбере основата и целта на етиката на грижата. Затоа, потребно е организирање на дискусии за етичката активност на разни добротвори во корист на болните и сиромашните; креирање на етичка

работилница на тема „Современата етичка активност на Мајка Тереза, и Алберт Швајцер во корист на болните и сиромашните“.

Следната, шеста по ред тематска целина **Етички приоритети** ги проучува темите како што се: радост и тага, оптимизам и песимизам; љубов и пријателство, избор во љубовта; среќа и судбина; егоизам и алтруизам; вистина, достоинство, чест, храброст; разумност, воздржаност, коректност, фанатизам; должност, одговорност; како и негативните појави – завист, непријателство, злоба, агресија и тероризам. Притоа, како цели кои треба да се постигнат, се вбројуваат: правење на споредба помеѓу позитивните и негативните етички појави, како и да се научи кои се основните негативни појави во животот. Затоа, во дидактички насоки поставено е анализа на текстови од мислители кои зборуваат за овие етички појави; потоа презентирање на видео филм во кој станува збор за некоја етичка појава; па се до правење на листа на сопствени должности и одговорност.

Седмата по ред тематска целина **Биоетика** ги опфаќа темите биоетиката како нова водечка етичка дисциплина; етиката на здравјето; еколошката етика; зависностите и дрогата. Целта е учениците да ја сфатат разликата помеѓу позитивните и негативните аспекти на животот; потоа да разберат која е суштината на зависностите и колку е голема опасноста од употребата на дрога; да се научат патиштата за чување на здравјето и природата. За постигнување на овие цели потребно е анализирање на текстови од најпознатите дела во кои се претставени идеите за биоетиката; организирање на дискусии за формите на чување на здравјето и лечење на болестите; организирање на посети за учениците во институции кои се занимаваат со еколошка и здравствена етика; како и организирање на работилница на тема „Здравјето најважна етичка вредност“.

Како осма тематска целина, во учебникот е претставена **Социјална етика** со темите: јас, другиот и ближниот, заедничко живеење; етика во семејството; светот како целост; избегнување, совладување и решавање на конфликтите; како и етикецијата. Целта е учениците да се запознаат со основните цели и вредности на социјалната етика; да сфатат дека живеењето со другите луѓе е основа на етичката мисла; да научат да избегнуваат и решаваат конфликти; како и да ги разберат основните елементи на етикецијата како форма на социјалната етика. На овој начин, учениците се упатуваат во основната етичка реалност на односите на секој човек со своите ближни; се посочуваат примери за значењето на етиката во семејното

живеење; како и изготвување на портфолио на тема „Основни идеи и норми на етикецијата“ и работилница.

Претпоследната тема се однесува на **Економска етика** и во себе ги опфаќа темите работна етика; и имот, пари, штедење, деловна чесност. Таа има цел учениците да се запознаат со основните идеи на економската етика; да ги сфатат основните начела и карактеристики на работната етика; суштината на основните економски категории и нужноста од штедење во животот. Затоа во дидактички насоки потенцирано е водење на разговор на тема „Најважните карактеристики и начела на економската и работната етика“, но и во врска со настани од дневниот печат, како и организирање на средба со бизнисмени околу суштината и значењето на парите.

Последната тематска целина е со наслов **Политичка етика** и ги опфаќа следните теми: демократија, човекови права; како и мир и толеранција. Целта е учениците да бидат запознаени со основните форми и содржини на политичката етика на денешниот свет; да ги сфатат принципите на демократијата како основна политичка форма на денешницата; да се запознаат со листата на човекови права; како и да го разберат значењето на мирот и толеранцијата. Затоа, во дидактички насоки потенцирана е потребата од креирање на бура на идеи во однос на основните начела на демократијата; потребата од анализирање на делови од Универзалната декларација за човековите права како најзначаен денешен етичко политички документ; како и организирање на дебати за етичките појави во меѓународните односи денес.

Во **Република Србија** предметот **Етика не фигурира**.

Предметот **Етика** во **Република Црна Гора** се состои од следниве наставни единици:

- **Одредување на етиката**; Во истата се обработуваат следниве поими и содржини: Филозофија, Етика, облици на човекова активност: создавање, дејствување и сознавање, систем на дејствени правила, регулација на дејствувањето, обичај и морал. Во рамите на овие теми учениците треба

- **Основни етички прашања**; Во оваа целина се изучуваат следниве теми: онтолошкиот статус на моралното дејствување; антрополошката основа на моралното дејствување; слободата и условеноста; рамнотежа меѓу природата и духот; спротивноста на физис-номос; автономија на волјата; индивидуалност; морално воспитување; морален карактер; самосвест; навикнување;

трајна склоност; самоволја; структура на моралниот карактер и личност; општи морални цели (добро и должност); конкретни морални цели (доблест и морален закон); антички кардинални доблести (Сократ); Аристотеловите етички и дијаноетички доблести; категорички императив; морални вредности; морален идеал; морални норми; однос на зададено и дадено; морален принцип; морални принципи на добро и слобода; зло; принцип на блаженство; принцип на корисност; човекови права.

- **Етички гледишта**; Во оваа треба целина се проучуваат следните теми: гледишта со оглед на оправданоста на моралното дејствување: телеолошко, деонтолошко, консеквенцијализам; гледишта со оглед на различните формулации на моралната норма: егоистички (хедонизам, ебдајмонизам), алтруистички (етика на симпатија, етика на сомилост), формалистички (етика на должности); гледишта со оглед на проценка на вредноста на моралната постапка: според намерите (етика на уверувања), според последиците (етика на исход); различно поимање на слободата во етичките теории; детерминизам – индетерминизам; хетерономија и автономија на моралот; моралност и среќа; иморализам.

- **Етичко-религиозни позиции**; Овде се изнесени следните теми за обработка: религија; теологија; компоненти на религијата; функции на религијата; есхатологија; трансценденција; етичка функција на смртта; верата како услов за моралноста; хетерономија и теономија; декалог; златно правило; агапе; аскетизам; вистинољубивост; сомилост; непорочност; чистота; самосовладување; секуларизација; толеранција.

- **Применета етика**; Теми кои се изучуваат во оваа наставна целина се: правичност и праведност; општествена одговорност; грижа; неповредување на луѓе; права на животните; еколошка свест; вредност на слободата; видови на применета етика: еколошка етика, деловна етика, правна етика, новинарска етика, медицинска етика; евтаназија; почитување на животот; морални права; еднаквост; дискриминација; протекција; човекови права.

- **Етички дилеми**; Во претпоследната шеста целина се изучуваат следните теми: етичка подготвеност (волја за морално дејствување); етичка дилема; етичка ситуација; контекстуално соодветно; добро, исправно; мотив и намера; морална вредност; легално и морално; бонтон; личен и општествен интерес; целно засновано размислување; размислување засновано на пропис; размислување засновано на грижа; родова рамноправност; еднаквост; човекови права.

- и **Слободна тема**; Каде учениците во претходен договор со предметниот наставник избираат слободни теми од етиката, блиски до нив, за анализа и дискусија на часовите во времетраење од 7 наставни часови.

Во **Република Хрватска**, рамката на наставната содржина е следнава:

I година – **Смисла и ориентација**; Во истата како наставни тематски целини и теми се содржани: *во потрага по идентитетот – димензионирање на сликата за себе* (сопствената намалена и зголемена слика – различни перспективи на самоспознание; мојот лик во однос на другите – улоги, примери и идоли; мојот (не)вистински лик – чувства, побарувања и мислење); *пречки во потрагата – предизвици на раст и созревање* (ангажман за себе и за другите – мистеријата за животот и смртта, гранични ситуации; борба со злото или со моќта – вера, сомнеж, сила на духот и телото; желба за знаење или предизвик на желбата за моќ – алчност, моќ, страв, ненасоченост); *ориентири и замки на патот – помагала и помагачи* (непривлечност на доблестите – животен избор, смисла на животот, уживање и болка; заводливост на пороците – моќ, власт, владетел, владеење, праведност; (не)исправност на индивидуалниот пат – упорност, достоинство на слободата, одговорност); *цели – лажни, привидни и вистински – спротивставеност на идеалното и реалното* (потрага за недостижното – слава, корист, уживање; логика на срцето и/или логика на умот – доблест, жртва, љубов; трансцендирање на реалитетот како цел – среќа, душевен мир, задоволство и самодоволност); *одговорност за себе, природата и другите – „граѓанин на два света“* (морален развој низ конфликтни ситуации – феноменот на совеста, свеста за себе и ситуацијата, чувство на вредност; одговорност за „комплексноста на природата на земјата“ – човековото дејствување како загрозување или зачувување на природата и нејзините видови; обезбедување на темелни и други човекови права – природно и позитивно право, праведност и правда)

II година – **Човекот во рамките на колективното**; Овде како наставни тематски целини и теми внатре нив се дадени следниве: *човекот во односите* (средба со другите; љубов; авторитет); *судири во односите* (егоизмот и неговите граници; разлики и легитимност на интересите; судир и соработка); *слобода и морал – регулирање на односите* (слободата и граници на слободата; златно правило; личноста и институцијата); *држава и општество* (граѓанското општество и државата; вредностите на демократијата и нејзините достигнувања; човековите права); *човештвото и глобализмот* (глобалното

општество и меѓународната заедница; праведноста во меѓународните односи; позитивните и негативните видови на глобализација)

III година – **Човекот во светот на природата**; Се работи за тематска целина со следните теми во неа: *човекот во целината на животот* (антропоцентризам и биоцентризам; човекот и животинскиот свет; човекот и светот на растенијата)*; биоетиката како одговор* (опстанок и преживување; квалитет на животот; одговорноста во технолошката цивилизација)*; екологијата и заштитата на животната средина* (етика на хуманите репродуктивни технологии; етика на трансплантација на органи; етика на умирање и смрт)*; биологијата и биолошките науки* (биологија, еволуција и евгеника; генетика и биотехнологии; слобода на истражување и одговорност на научниците)*; медицинска биоетика* (еколошкото движење и еколошката етика; животната средина како заедничка куќа; еколошка свест).

- IV година Прва потпрограма – **Морал-Етика-Историја** со следните наставни целини и теми: *Моралот и моралните учења* (феноменологија на моралот, моралот и обичаите, правото и моралот; морална рефлексија и морални учења: митски, книжевни религиски... пристапи; принцип на обопштување и универзализам на моралот, формулации на златното правило, Декларација за светската етика)*; Етика – Плурализам на пристапи кон моралот* (морална и етичка рефлексија, структура на моралниот чин; разграничувања околу поимот на етика, дескриптивна и нормативна етика, деонтолошка и консеквенцијалистичка етика, поимот на должност, етиката и практичката филозофија; темелни правци и школи на етичко мислење)*; Периферни позиции на историјата на етиката* (Сократ; Аристотел; Кант)*; Слободата и одговорноста* (степени на освестеност на слободата; мерила и степени на слободата, знаење и моќ, моќ и одговорност, кругови на одговорноста; одговорноста и современиот човек, новиот тип на одговорност – одговорност за животот и опстанокот, етиката и биоетиката)*; Етиката и филозофијата на историјата* (човекот и историјата, проблемот на смислата, поимот на личноста; основни антрополошки концепции; основни филозофско историски концепции на размислување на современата епоха)*;*

- IV година Втора потпрограма – **Етика или за разумното живеење** ги содржи следните наставни целини и теми: *Моралот и етиката* (за човекот или субјектот на етиката; за моралот или предметот на етиката; за религијата или за поинаков пристап на моралот)*; Човечкото искуство и етичката перспектива* (моралното оправдување и етичкото оправдување; оспорувања

и предизвици за етиката; втемелување и оправдување на етиката)*; Предмет, структура и подрачје на етичкото просудување* (предмет на етиката; структура на етиката; подрачја на етичко вреднување)*; Етичко оправдување на моралното дејствување* (моралното дејствување и моралната личност; моралните права, моралните должности и моралните конфликти; праведност, патернализам, толеранција и мир)*;* и *Етичка аргументација и етички теории* (стратегии на обопштување во етичкото вреднување; изградба и фази на етичките теории; етички пристап на моралните проблеми во секојдневниот живот).

Во **Република Бугарија**, предметот **Етика** е дел циклусот Филозофија, т.е. Психологија и логика, Етика и право и Филозофија, а учебната програма **во општата подготовка** се составен од два дела: етика и право. Рамката на наставната содржина за Етика е од овие главни делови: Моралот и етиката; Историската и културната разновидност на моралот; Етиката и желбите; Етичките феномени, регулативи и меѓучовечките односи; и Морална слобода.

Во рамки на **профилираната подготовка** (стручна подготовка) постојат три модула: *Применета етика*, во кој се обработуваат темите Еколошка етика, Биоетика и медицинска етика, Политика, право и морал, Разновидноста и толеранцијата; *Социјална и политичка филозофија и право*, каде се изучуваат темите Даноците и државното управување, Политичките субјекти и политичкиот живот, Право на Европската Унија, Заштита на социјалните, етничките и малцинските права, и Социјалните и политичките контексти на правните проблеми во модерните демократии и *Правото и етиката во информациско општество*, во кој се содржат темите Информационото општество како општество за сите, Општа правна уредба на интернетот, и Правни аспекти на интелектуалната сопственост и електронската економика.

### 1.3.4. Методи на предметот Етика

Многу важно е да се потенцира дека етичката настава не е вредносно неутрална, така што секој наставен час и сите дебати кои се отвораат за време на истиот треба да завршат со истакнување на морална поука која треба да биде позитивно интонирана и насочена.

Оттука, во сите варијанти на предметот Етика во анализираните земји се забележува голема употреба на комбинираниот метод, чија важност се црпе

од подвлекување на важноста на учеството на учениците во дискусијата на моралните и етичките прашања и проблеми. Токму затоа, преку анализа на случаи и синтеза на податоците, се настојува да се обрне внимание на примена на знаењата од етиката врз конкретните проблеми од животот и светот.

За тоа да се постигне, овој комбиниран метод во себе ги вклучува групната дискусија, бура на идеи, играњето улоги и други, а притоа треба да се подвлече и значењето на вештачки предизвиканата морална дилема како главно дидактично средство за морално воспитување која може да послужи како метод во рамките на секоја тема. Едновремено, не помала е и улогата на истражувачките трудови, пишувањето на есеи, изработката на портфолија, кои служат како значајни методи во работењето кои нудат поголема можност за самостојно учење и совладување на проблемите.

## 1.4. ЕСТЕТИКА

### 1.4.1. Општи податоци за предметот Естетика

Предметот Естетика фигурира само во средношколскиот курикулум во **Р. Македонија** за разлика од сите други курикулуми од земјите земени во ова истражување. Тој се изучува во средното музичко училиште со 3 часа неделно, односно 93 часа годишно. Во нашиот курикулум постои уште еден предмет под називот Естетика, кој се изучува во средното стручно козметичко училиште, а кој според својата содржина припаѓа на областа применета естетика. Овој предмет се изучува 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

Со оглед на тоа што предметот Естетика не е застапен во другите земји од оваа анализа, сепак постојат одредени сегменти во предметните програми на предметот Филозофија кои се посветени на прашања од естетиката. Така, во **Р. Црна Гора**, во рамките на предметот Филозофија (средно стручно училиште - музичка и ликовна уметност), една од тематските цели е Уметноста во огледалото на филозофијата, за која се предвидени вкупно 14 часа. Естетичките прашања се разработуваат во изборниот домен Уметност и творештво[6] во рамки на предметот Филозофија во **Р. Хрватска**, а Уметноста

[6] Бројот на часови не е определен.

и убавината[7] како филозофски проблем, се разработува во тематска целина во деветтиот клас во наставата по Филозофија во **Р. Бугарија.**

### 1.4.2. Цели на предметот Естетика

Од наставата по предметот **Естетика** (**музичко образование**) во **Република Македонија**, се очекува учениците да стекнат знаења за

- значењето, суштината и принципите на уметноста;
- историјата на естетските идеи и вредности;
- суштината и поделбата на уметностите, како и нивните карактеристики;
- уметничкото дело и улогата на уметникот во создавањето на уметничкото дело;
- разликување на уметничките жанрови;
- создавањето на вкусовите, стиловите и уметничкото доживување кај луѓето;
- можностите за оценување, критика и прифаќање на уметничко дело;
- начини на разликување меѓу класичното и модерното;
- определување на проширеноста на уметноста, универзалноста на уметничкиот свет денес и постапките за прифаќање на единствените цивилизациски вредности.

Покрај ова, се очекува учениците да умеат да:

- анализираат, синтетизираат, апстрахираат и класифицираат;
- ја сфатат уметноста како важна граѓанска димензија на личноста;
- ја доживуваат уметноста како своевиден начин на комуникација;
- ја сфатат уметноста во релација со другите сфери на општествениот живот;
- го разберат процесот на творење, од инспирацијата на уметникот до завршувањето на делото;
- изградат сопствен став кон различните уметности и да формираат сопствени естетски вредности, чувства и доживувања;
- ја развиваат сопствената креативност;
- ги толерираат туѓите идеи и животни ставови.

[7] Бројот на часови не е определен.

Ова би можело да се вброи под Развивање вештини/способности од наставата по Филозофија, односно Развој на способности/вештини комбинирани со Негувањето на интелектуалните доблести од наставата по Логика.

Од наставната програма по **Естетика** за средно **стручно козметичко училиште** се очекува општо оспособување на учениците за:

- разграничување на естетичките категории/естетските вредности (убаво, симпатично, грдо);
- објаснување на сфаќањата за убавото низ историјата;
- развивање на осет за следење на модата (развој на модата);
- самостојно создавање на креации на фризура и шминка;

како и за стекнување на вештини специфични за нивниот образовен профил: анализирање на убавото преку форма, боја, пропорција и местоположба, и примена на естетиката во создавањето на креациите.

Во Република Црна Гора, во рамките на предметот **Филозофија** (**средно стручно училиште - музичка и ликовна уметност**), една од тематските цели е **Уметноста во огледалото на филозофијата**, во чии рамки учениците треба:

- да се запознаат со предметот на филозофијата на уметноста;
- да умеат да го разгледуваат поимот на уметноста во неговиот развиток низ клучните уметнички епохи;
- да бидат способни за воочување на разликите и сличностите во филозофијата на уметноста, уметничката поетика и уметничката критика.

Во тематската целина **Основни проблеми на филозофијата на уметноста**, учениците:

- се запознаваат со основни проблемски полиња на филозофијата на уметноста; Ги запознаваат клучните прашања на филозофијата на уметноста (уметничкото дело, создавачот и конзументот на уметноста);
- се оспособуваат да умеат да применуваат естетски критериуми во критичкото вреднување на уметноста;
- учат да го препознаваат баналното и тривијалното во уметноста, и да ја разликуваат уметноста од кичот.

Во тематската целина посветена на **естетичките категории**, од учениците се очекува да разликуваат естетички поими, и да умеат да објаснат како тие се користат во вреднувањето на конкретните уметнички феномени и дела;

како и да разберат како естетичките поими помагаат во интердисциплинарните поврзувања на знаењата.

Во тематската единица Уметност, култура, оштество, од учениците се очекува да умеат да го определат местото и значењето на уметноста во современите култура и општество; да ги определуваат границите меѓу автономијата на уметникот и ангажманот во општеството; и да промислуваат за односот меѓу утилитаризмот и ларпурлартизмот, како и за односите меѓу уметноста, идеологијата и техниката.

Во рамките на изборниот домен **Уметност и творештво** во рамки на предметот Филозофија во **Република Хрватска**, учениците:

- се запознаваат со поими релевантни за дискусија на уметноста и човековото искуство во разбирањето на уметничкото;
- се оспособуваат да распознаваат и применуваат мисловни системи кои се обидуваат да дадат одговори на прашањата за уметноста и за човечкото искуство во разбирањето на уметничкото;
- се оспособуваат за решавање на проблемите во светот поврзани со филозофијата на уметноста и можностите за нивно решавање, користејќи филозофска анализа и аргументација.

Уметноста и убавината како филозофски проблем, тематска целина во деветтиот клас во наставата по Филозофија во **Република Бугарија,** ги оспособува учениците за

- разликување на основните естетички категории и концепти;
- разликување на етички од естетски вредности;
- давање и оправдување на естетската проценка на предметите од секојдневниот живот и на уметничките дела;
- препознавање на можностите на уметноста да изразува проблеми на светоглед, егзистенцијални проблеми и други филозофски проблеми.

### 1.4.3. Содржини на предметот Естетика

Во рамките на корпусот содржини по предметот Филозофија беа покажани делови од програмите што се однесуваат на естетичката проблематика, односно филозофијата на уметноста, уметноста и творештвото. Предметот **Естетика за средно стручно музичко училиште** во Р. Македонија е един-

ствен случај во анализираните земји во кој се изучува токму естетиката, делумно и во контекст на музичката подготовка на учениците. Во Р. Македонија постои и предметот **Естетика за средно стручно училиште (козметички техничар)**, во која првиот дел од програмата опфаќа основни естетички поими и категории, а продолжува со применување на естетиката и историјата на убавото и на модата во креациите за чија изработка учениците се оспособуваат.

Предметната програма по **Естетика** е извонредно широкоопфатна и амбициозна. Таа се состои од девет тематски единици, поделени на бројни делови. Првата тематска единица, **Што е уметноста?**, во првиот дел, Определба на уметноста и на творештвото, го истражува сфаќањето на поимот на уметност и карактеристиките и функциите на уметноста и уметничкото творештво преку обработка на куси филозофски текстови; како и процесот на создавање на уметноста. Во делот Уметноста и животот се обработуваат Основни информации за уметноста; Улогата на уметноста во животот на човекот, и Суштината на уметноста – листа на автори чии ставови се најзначајни за проблематиката; преку анализа и коментирање на визуелни материјали. Потоа, во делот Естетиката како наука за уметноста и творештвото учениците се запознаваат со темите: Естетски акт; Естетско чувство; Естетска свест; Естетското доживување и естетскиот суд; Естетиката како наука за уметноста; Естетските категории; како и со Местото, улогата и значењето на естетиката низ историјата; Сетилната и духовната димензија на уметноста; и Предметот на проучување на естетиката (убавото, грдото, трагичното, комичното, возвишеното и сите форми и содржини на уметноста). Делот Односот на филозофијата на уметноста и естетиката се посветува на темата Филозофијата на уметноста како филозофска дисциплина, а делот Креативност на: Креативноста како фактор во уметничкото творештво; Мерилата за вреднување на уметноста; Современата уметност и ставот за апсолутната креативност; Врската меѓу критиката и креативноста на уметниците; и елементи важни за образовниот профил на учениците: разбирањето на музиката на композиторот; разликувањето на мајсторското свирење и бујниот интензитет во музичкото искажување; и почитувањето на техничка палета, (не)отстапување во автентичниот приказ на запишаното од авторот. Преку овој опсежен прв дел, учениците треба да се подготват да одговараат на прашањата: како се определуваат поимот, изворите и суштината на уметноста?; каков е развојниот пат на уметноста?; кои се карактеристиките и

функциите на уметноста и на уметничкото творештво?; дали/како е уметничкото творештво резултат на интуицијата?; кој е предметот на естетиката?; како се создава естетскиот акт/естетското чувство/естетската свест?; кои се главните естетички категории?; на што упатува мислата на Чернишевски: “убавото е животот“?; и да дискутираат за: креативноста како субјективно својство во уметничкото творештво; природата и човековото дело; различни примери на креативност од повеќе сфери на живеењето; креативноста како основна категорија во современото човештво; видовите креативност во различните уметнички дела. Оваа тематска единица е слична со Основни проблеми на филозофија на уметноста од Филозофија за средно стручно уметничко образование во Р. Црна Гора, а темите се слични и со оние обработувани во доменот Уметност и творештво во Филозофија во Р. Хрватска, со тоа што во тој домен се опфатени и делови од следната тематска единица од програмата за македонското средно уметничко образование.

Втората тематска единица, **Историја на естетичките идеи**, исто така е составена од десетици теми. Во редуцирана верзија, би можеле да се издвојат дел од темите: Уметничка дејност и уметничка свест; Уметноста и убавото во првобитната заедница; Различни пристапи кон уметноста во различните епохи; Врската меѓу филозофијата на уметноста и творечкиот акт; Основи на христијанската естетика; Убавото во средновековната естетика; Категоријата допаѓање и неразделната врска на убавото и допаѓањето; Ренесансните почетоци во музиката, балетот, книжевноста, сликарството, вајарството во Италија и Франција; Раѓањето на естетиката како наука во средината на 18-тиот век, и нејзиниот развиток до современата епоха; и специфични музички релевантни прашања, од типот на: Вокалната музика со водечка позиција во средниот барок и доминацијата на инструменталната музика во доцниот барок; Усовршувањата на инструментите што ја даваат основата на современиот оркестар; Лоцирање на определувањето на Хајдн, Моцарт и Бетовен како врвни композитори; Промените во сфаќањето на начинот на музичкото изразување и творечкото обликување; Третманот на современата музика; и Карактеристиките на уметноста во современото македонско општество; со што од учениците се очекува аргументирано да разговараат за совладаниот материјал. Она што се издвојува како дидактичка цел е очекувањето да се познаваат уметничките дела од Македонија од средновековното сликарство, архитектура и музика, до современите тенденции. Во програмата за средно стручно уметничко училиште во Р. Црна Гора, тематската единица најслична

на оваа е Естетички категории, особено доколку се спои и со Уметноста во огледалото на филозофијата.

Во третата тематска единица, **Уметноста како комуникација**, дел од темите се: Јазикот како средство за комуникација; Писмото како носител на информации; Уметноста како игра; Играта и современата естетика; Трудовата, социјалната и креативната теорија на уметноста, и други, со што учениците се запознаваат со: уметничкиот акт и уметничкото дело како вид комуникација на уметникот со својата средина, епоха, и сето човештво; важноста на употребата на јазикот на сликарството, музиката, танцот; уметноста како игра, а со тоа и книжевното дело, интерперсоналните односи, културните и духовните вредности како игра; делата создадени според трите наведени теории за уметноста.

Во четвртата тематска единица, **Естетски вредности**, темите што се обработуваат се: Вредности на животот;  Видови вредности; Уметнички творечки вредности, а од учениците се очекува да умеат да одговараат на прашањата: која е улогата на вредностите во животот?; која е суштината на естетските вредности?; како се разликуваат вредностите?; како се гради сопствениот (естетски) вредносен систем?; кои се формалните и содржинските естетски вредности при создавањето на уметничкото дело?. Дел од овие теми одговараат на класично аксиолошка проблематика, која, во македонскиот систем, се среќава во петтата тематска единица, **Вредноста на живеењето (Аксиологија)** од **Филозофија (изборен)**. Инсистирањето на препознавањето на суштината на естетските вредности, и особено, градењето на сопствениот естетски вредносен систем се опфатени во темата Личност и себеспознание од Филозофија за VIII клас во Р. Бугарија, како и во естетичката тематска единица Убавината и уметноста како филозофски проблеми за IX клас.

Во тематската единица **Уметничкото дело**, учениците се запознаваат со темите: Појавувањето на уметничкото дело;  Структурата на уметничкото дело; и Слоевите на уметничкото дело; и се очекува да умеат да дискутираат за: принципот на кохерентност во создавањето на делото; категоријата уметничко дело како темелна категорија на уметноста и естетиката; онтолошкиот статус на уметничкото дело; општествената функција на уметничкото дело; толкувањето на уметничкото дело, неговите содржина и форма.

Во содржински најсложената тематска единица, **Уметностите и нивните карактеристики**, учениците се запознаваат со разновидни теми, околу

половина од кои се следниве: Заедничкото во уметностите; Своевидноста на уметничките жанрови; Поделба на уметностите; Ликовни уметности (сликарство, скулптура, фотографија, графика, дизајн); Уметноста на зборот (поезија, проза, роман, расказ, есеј, драма); Претставувачки уметности (филм, театар, хепенинг, перформанс, видео); Архитектура; Музика (танц, појава на македонскиот национален балет). Учениците треба да се запознаат со: карактеристиките на сликарската уметност; апстрактната уметност како правец; главните карактеристики на сликарството низ главните епохи; начините за разгледување на композицијата, колоритот и контрастот во одредени слики; техничката постапка на умножување во графиката; фотографијата како пресликување на стварноста; дизајнот како применета уметност со посебни вредности; значењето на фотографијата и на дизајнот; определувањето, толкувањето и вреднувањето на книжевните дела; драмската и театарската уметност; естетската стварност на филмот; архитектурата како уметничка гранка на обликување на просторот; вредноста на музиката и естетското доживување на музиката; и важно за разбирањето на македонските уметнички потфати, развивањето на македонското музичко творештво (школи, друштва, филхармонија, опера). Во ниеден од деловите посветени на естетиката во програмите за Филозофија нема ваква сеопфатна, плуриперспективна и длабинска анализа на сите овие проблеми за сите уметности, со што овој предмет се издвојува со неговата фокусираност, широкоопфатност, и соодветност во средното уметничко образование. Затоа, поради важноста на сите тематски единици на оваа програма, и општо, клучното значење на предметот за уметничкото образование во средните училишта, во Р. Македонија би требало да се воведе како предмет и во училиштата за ликовна уметност.

Во седмата тематска единица, **Улогата на уметникот**, учениците учат за: Уметникот како творец; Оригиналноста – примарен елемент на уметничкото творештво; Психологија на творештвото; и Социологија на творештвото; со што се запознаваат со: проблемот на уметникот како творец врзан за функцијата на создавање; оригиналноста како примарен елемент на уметничкото творештво; и социјалните аспекти на творештвото, општествените рамки, мотиви и цели. Единицата Уметност, култура, општество од Филозофија за средна стручна уметничка подготовка во Р. Црна Гора опфаќа дел од овие теми.

Во следната тематска единица, **Вкусот и оценката**, обработуваните теми: Вкусот како естетска појава; Стил; Уметничко доживување; Оценка на

уметничкото дело; Критика на уметничкото дело; и Истражување на уметничкото дело, ги запознаваат учениците со: успехот на уметничкото дело како резултат на меѓусебната зависност на делото и реципиентот; осцилациите на вкусот; естетското воспитување во „тренирањето“ на рецепцијата; смислата на стилот како изразно средство; уметничкото и естетското доживување; впечатоците од уметничкото дело како основа за оценување на уметничкото дело; различните видови на критики (новинарска, социолошка, стилистичка, психолошка, лингвистичка, структурална, филозофска, поетска, историска); приодите кон уметничкото дело во дваесеттиот век; и, филозофски релевантно - тематизирањето на уметничкото дело од онтолошка, гносеолошка и феноменолошка гледна точка.

Последната тематска единица, **Уметноста во современиот свет**, се состои од темите: Класично и модерно; Модернистички тенденции во дваесеттиот век; Раширеноста на уметноста денес; Универзалноста на уметничкиот свет денес; и Постмодерна, при што учениците се запознаваат со: начините на анализирање на класичното и современото дело; новите музички стилови во дваесеттиот век; глобализацијата на уметноста и разликите меѓу културите во светот; создавањето на мултикултура; универзалноста на уметничкото дело благодарение на неговите цивилизациски вредности; и раѓањето на постмодерната; критериумите во постмодерната уметност. Прашањата за уметничкото дело се опфатени во предложените теми/проблемски склопови од доменот Уметност и творештво за Филозофија во Р. Хрватска, но не на вака темелен начин.

## ЗАКЛУЧОК

Релевантна тематска единица, од аспект на филозофската насоченост на предметот, во Естетика (средно стручно образование – козметички техничар) е првата, **Естетски вредности**, во која учениците се запознаваат со темите: Убавината како релативна појава; Разликување на елементите на убавото; и Начини на претставување на времето преку модата и развојот на перцепцијата на убавото, и се оспособуваат за дискутирање за: објаснувањето на убавото како отворен поим; начините за водење на дискусија за естетската свест, естетското доживување и естетскиот суд; категоријата допаѓање и врската со убавото; и вкусот како индивидуално искуство. Останатите тематски единици се однесуваат на примена на естетиката во креацијата на убавото (во случај на фризура и шминка), што подразбира и познавање на историскиот развој на

идеите за претставувањето на убавото, разбирање на модата и изгледот како неразделни од историјата на секојдневниот живот, и идентификување на важноста за креативната дејност во развојот на општествените текови.

### 1.4.4. Методи на предметот Естетика

Во **Р. Македонија**, за реализацијата на предметот[8] **Естетика (средно музичко образование)** се применуваат интерактивни форми и методи: работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај; како и традиционални методи: куси предавања, насочен разговор.

Покрај ова, предвидени се филозофски работилници; посети на културни институции (музеи, галерии, театри, кина, културно-историски споменици, археолошки наоѓалишта); изработка на есеи со користење на електронските медиуми, стручна литература и средби со стручни лица; обработка на филозофска лектира (забелешка: сите насоки се однесуваат на предметот филозофија, не естетика).

Во рамките на применетите вештини од естетиката од предметот **Естетика (средно стручно училиште – насока козметички техничари)**, наставникот објаснува, покажува, опишува, споредува, анализира, дискутира, ги ангажира учениците со изработка на проекти за историски фризури од цртежи и разбирањето на убавото низ историјата, итн.

[8] Во програмата стои „за реализација на наставата по наставниот предмет филозофија“ (не естетика), op. cit., p. 33.

## 2. Емпириски податоци од истражувањето

Искуствата на оние кои најдиректно се соочуваат со спроведување на концептот на предметните програми се најрелевантни за увидување на нивните недостатоци и предности, како во однос на степенот на успешност на реализирање на целите на тие програми, но и во однос на можностите и условите за нивно спроведување. Водејќи се од оваа теза, беше создадена методолошка рамка во која наставниците кои ги предаваат предметите Филозофија, Логика, Етика и Естетика ќе можат најсоодветно да ги изразат своите ставови, дилеми, мислења и забелешки во однос на предметните програми.

По процесот на мапирање на наставници кои ги реализираат овие предмети во сите средни училишта во Македонија, на 26. 10. 2018 година, на Филозофскиот факултет – Скопје беше организиран семинар за наставници. На него учествуваа 45 наставници, од 29 средни училишта од цела Македонија (од 21 град; од кои 8 од Скопје, 21 од останатите градови низ Македонија), со што беше постигнат значителен диверзитет. Во рамки на семинарот беа спроведени два вида истражувања: од квантитативен тип (анкета) и од квалитативен тип (фокус-групи). Структурата на двата типа истражување, како и кај компаративната анализа, беше изведена низ пет содржински аспекти на предметните програми. Методологијата на истражувањето беше структурирана во координација со проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска од Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет – Скопје.

### 2.1. Анкета

Анкетата со целната група беше спроведена во текот на семинарот, одделно за секој предмет. По завршувањето на семинарот, по електронски пат, беа обезбедени дополнителни пополнети анкетни листови. Со оглед на тоа што еден наставник предава и по неколку предмети, беа пополнети вкупно 86 анкетни листови.

Анкетите за секој предмет содржеа различен број прашања во зависност од нивната природа и застапеност во средношколскиот курикулум (Филозофија – задолжителен и изборен предмет – 43 прашања; Логика – 26

прашања; Етика – II и III година – 29 прашања; Естетика – 33 прашања)[9]. Анкетата беше поделена во два дела: 1. Општи податоци за испитаникот (6 прашања); и 2. Прашања во врска со програмата и реализацијата на предметот (Филозофија – 37 прашања; Логика – 20 прашања; Етика – 23 прашања; Естетика – 27 прашања). Во вториот дел, прашањата, од методолошки различен тип, беа структурирани во 5 целини:

1. статусот на предметот во средношколскиот курикулум и фондот на часови (корпус прашања чија цел е да се сондира мислењето на наставниците околу тоа дали предметот треба го задржи или да го промени постојното место во наставните планови за средното образование, како во поглед на статусот, така и во поглед на неделниот фонд часови);

2. цели на наставната програма по предметот и нивно остварување во рамки на програмата и во учебникот (корпус прашања поврзан со целите на наставната програма по предметот и начинот и степенот на нивното остварување преку секоја од тематските целини од кои се состои програмата);

3. корелација на содржините од предметот со други наставни предмети;

4. интересирањето за наставните содржини и степенот на нивно совладување од страна на учениците (корпус прашања кои имаат цел да го идентификува односот на учениците во поглед на наставните содржини предметот, како во погледот на интересирањето што овие содржини го предизвикуваат кај учениците, така и во поглед на степенот на нивното совладување);

5. методи, средства и начини за подготовка и реализација на наставата, проверка на знаењата на учениците и потреба за дополнување на постојните материјали (корпус прашања кои имаат за цел да ја констатираат постојната состојба во поглед на методите, средствата и начините што средношколските професори ги користат за подготовка и реализација на наставата по предметот, начините на проверка на знаењата на учениците, како и потребата за дополнување на постојниот учебник како главен извор и материјал за средношколската настава по предметот (каде што таков постои) со други наставни материјали).

Во продолжение следува анализа на секоја анкета поединечно.

---

[9] Види: Прилог бр. 1, 2, 3, 4.

## 2.1.1. ФИЛОЗОФИЈА

Квантитативното истражување за предметните програми за предметите Филозофија – задолжителен предмет и Филозофија – изборен предмет беше спроведено преку една анкета, која содржи 43 прашања. Беа анкетирани вкупно 38 испитаници. Резултатите за двата предмета ќе бидат прикажани заедно и компаративно, како што беше структуриран и прашалникот.

### *2.1.1.1. Структура на примерокот*

Анкетата спроведена во рамки на проектот опфати 38 испитаници, од кои 68,4% се жени, а 31,6% се мажи. Возрасната структура на испитаниците се движи од 25 до 60 години, при што најголем број се во категоријата од 30 до 40 години (36,8%) и во категоријата од 50 до 60 години (36,8%), помал е процентот во категоријата од 40-50 (23,7%), а најмал (2,6%) во категоријата од 25 до 30 години. Просечното работно искуство на испитаниците е 12,3 години. Поголемиот дел од испитаниците (64,7%) се од другите градови од Македонија, а останатите (35,3%) од Скопје. Најголемиот дел од анкетираните наставници (близу 90%) ја одржуваат наставата по Филозофија на македонски јазик, а останатите близу 10% на албански јазик.

Од изложените параметри може да се констатира дека во групата преовладуваат испитанички од женски пол/род. Исто така, се забележува дека меѓу испитаниците доминираат наставници со релативно долготрајно искуство во средношколската настава по Филозофија (12,3 години). Оттука може да се претпостави дека во последните најмалку 7 години тукушто дипломираните професори по филозофија не се вработуваат како средношколски професори непосредно по дипломирањето. Вклученоста на поголем број наставници од другите градови на Македонија, покрај главниот град, е добра основа за стекнување глобална слика за состојбата со наставата по Филозофија во средните училишта на целата територија на Република Македонија. Сепак, поради малиот одзив на професори кои предаваат на албански јазик не можат да се изведат силно поткрепени заклучоци во врска со изведувањето настава по Филозофија на албански јазик.

### *2.1.1.2. Статусот на предметот во средношколскиот курикулум и фондот на часови*

Малку над половината од испитаниците (52,6%) сметаат дека според постојната наставна програма, неделниот фонд часови за изучување на задолжителниот предмет Филозофија не е доволен за совладување на предвидените содржини. Еден од испитаниците навел дека фондот на часови не треба да се зголеми, но дека треба да се зголемат годините на изучување од една на две. Ваквата сугестија беше потврдена на фокус-групите, каде беше предложено со евентуална модификација на изборниот предмет Филозофија да добие статус на задолжителен предмет. Од оние што сметаат дека фондот треба да се зголеми, (57,9%), во просек сметаат дека зголемувањето треба да биде за 1 час неделно.

За изборниот предмет Филозофија, најголемиот број испитаници (69,2%) се согласуваат дека според постојната наставна програма, неделниот фонд часови е доволен за негово изучување и дека нема потреба од зголемување на часовите во неделата (66,7%).

### *2.1.1.3. Цели на наставната програма по предметот и нивно остварување во рамки на програмата и во учебникот*

Целите што треба да ги оствари предметната програма (кои беа издвоени како најдоминантни во предметната програма по предметот Филозофија) испитаниците имаа задача да ги рангираат според значајност (1 – најзначајна, 8 – најмалку значајна цел). Во Табела 1 се прикажани резултатите.

*Табела 1.* Цели што треба да ги оствари предметната програма по задолжителниот предмет Филозофија

| | Цели | Просек |
|---|---|---|
| **1.** | Оспособување за самостојно и креативно мислење | 2,8 |
| **2.** | Развивање и поттикнување критичко мислење | 3,1 |
| **3.** | Стекнување знаења | 3,4 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Стекнување вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава | 4,6 |
| **5.** | Развивање способности за самоиспитување | 5,1 |
| **6.** | Развивање и поттикнување на дискурзивно мислење | 5,4 |
| **7.** | Поттикнување духовна самостојност и отвореност за други гледишта | 5,7 |
| **8.** | Развивање способност за издржан и толерантен дијалог | 5,9 |

Од овие резултати би можело да се заклучи дека, според мислењето на испитаниците, како најзначајни цели на предметот Филозофија (задолжителен) пред останатите се издвојуваат: оспособување за самостојно и креативно мислење; развивање и поттикнување критичко мислење; и стекнување знаења.

Резултатите за истото прашање за изборниот предмет Филозофија се следниве:

*Табела 2.* Цели што треба да ги оствари предметната програма по изборниот предмет Филозофија

| | **Цели** | **Просек** |
|---|---|---|
| **1.** | Развивање и поттикнување критичко мислење | 3,1 |
| **2.** | Оспособување за самостојно и креативно мислење | 3,9 |
| **3.** | Развивање способности за самоиспитување | 4,4 |
| **4.** | Стекнување вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава | 4,4 |
| **5.** | Стекнување знаења | 4,5 |
| **6.** | Поттикнување духовна самостојност и отвореност за други гледишта | 5,1 |
| **7.** | Развивање и поттикнување на дискурзивно мислење | 5,2 |
| **8.** | Развивање способност за издржан и толерантен дијалог | 5,5 |

За разлика од резултатите за задолжителниот предмет, нема драстично издвојување во рангирањето на некоја од целите за изборниот предмет, т.е. оценките за значењето на целите се меѓусебно поизедначени во однос на оние

за задолжителниот предмет. Сепак, и тука највисоко котираат целите: развивање и поттикнување критичко мислење и оспособување за самостојно и креативно мислење; додека целите како што се: развивање и поттикнување на дискурзивно мислење; развивање способност за издржан и толерантен дијалог; поттикнување духовна самостојност и отвореност за други гледишта, котираат најниско исто како и во случајот со задолжителниот предмет.

Може да се забележи дека во проблемскиот пристап на изучување на филозофијата (како што е случајот во изборниот предмет Филозофија) испитаниците сметаат дека помалку акцент треба да се даде на постигнувањето на знаење, за разлика од историскиот пристап (карактеристичен за задолжителниот предмет Филозофија). Сепак, според мислењето на испитаниците евидентно е ниското рангирање на остварувањето на способноста за издржан и толерантен дијалог и во историскиот и во проблемскиот пристап.

Резултатите од овие две прашања се особено значајни кога ќе се стават во корелација со двете прашања кои следуваат, а кои се однесуваат на нивото на кое секоја од тематските целини од која се состои предметната програма по двата предмета ја исполнува секоја од наведените цели. Имено, нивната корелација е во споредбата на посакуваната состојба на постигнување на целите (Табела 1 и Табела 2) и реалната состојба со нивното постигнување со актуелната програма (анализата што следува).

Генералната просечна оценка за остварувањето на целите за целиот предмет е 3,7 (од скала од 1-5; 1 – најмал, 5 – најголем степен), што е прилично висока. Темата „Филозофија на XX век“ (4) најмногу ги исполнува целите, многу блиску до неа се темите „Современа филозофија“ (3,9), „Нововековна филозофија“ (3,8) и „Античка филозофија“ (3,7), а темите „Вовед во филозофија“ (3,1) и „Средновековна филозофија“ (3,5) најмалку. Сепак, иако просечната оценка е висока, распределбата на оценките не соодветствува на посакуваното рангирање (на пример: целта „Стекнување знаење“ е прва иако според испитаниците треба да е трета; „Оспособување за самостојно и креативно мислење“ е петта, иако треба да е прва; „Поттикнување духовна самостојност и отвореност за други гледишта“ е втора, а треба да е осма).

Изборниот предмет според наставниците малку подобро ги исполнува целите од задолжителниот предмет (просечна оценка 4). Темите „Моралот и дејствувањето (етика)“ (4,3) и „Филозофијата и животот (заклучок)“ (4,2) најмногу ги исполнуваат целите, а темите „Вовед во филозофија“ (3,6) и „Суштината и формите на постоењето (онтологија)“ (3,7) најмалку, но не

постои драстична разлика меѓу оценувањето темите како во задолжителниот предмет. Иако просечната оценка е висока, распределбата на оценките не соодветствува на посакуваното рангирање (на пример: целта „Стекнување знаење“ е прва иако треба да е петта; „Развивање и поттикнување критичко мислење“ е петта, иако треба да е прва; „Развивање способности за самоиспитување“ е осма, а треба да е трета; „Развивање способност за издржан и толерантен дијалог“ е четврта, а треба осма).

Во поглед на прашањето дали целите на предметната програма се остваруваат со актуелниот учебник по предметот Филозофија, мислењата на испитаниците се поделени на следниот начин: 37,8% одговориле потврдно, 24,3% проценти одговориле негативно, а 37% проценти сметаат дека постојниот учебник делумно ги остварува целите на предметната програма.

Од одговорите на прашањата во овој сегмент би можело да се заклучи дека изборот и организацијата на тематските целини во предметната програма на релативно висок степен и на избалансиран начин ги остваруваат целите на предметната програма, но дека постои несогласување на рангот на некои цели кои испитаниците сметаат дека треба повеќе да бидат остварени. Сепак, постои голем процент (62,1%) од испитаниците кои сметаат дека учебникот делумно не ги исполнува целите поставени во предметната програма. Оттука се потребни промени во учебникот кои повеќе треба да ги нагласат целите кои високо се рангирани од страна на испитаниците, а во наставата не успеваат да ги остварат на потребното ниво. Деталната табела на остварувањето на целите од страна на секоја тема поединечно, покажува која тема на кој начин треба да биде модификувана за да го постигне посакуваниот ефект.

### *2.1.1.4. Корелација на содржините од предметот со други наставни предмети*

Резултатите од прашањето од кои други предмети од средношколскиот курикулум учениците покажуваат најмногу интересирање на часовите по задолжителниот предмет Филозофија, според мислењето на испитаниците, се прикажани во Табела 3.

*Табела 3*. Покажани предзнаења од други предмети на часовите по задолжителниот предмет Филозофија




Имајќи го предвид широкиот спектар на прашања и проблеми со кои се занимава филозофијата како дисциплина, очекувано е тоа што учениците покажуваат предзнаења од повеќе други дисциплини. Ова се покажува и со тоа што испитаниците додале дополнителни опции кај опцијата „Друго“ – (Педагогија, Спорт, Економија, Бизнис) кои составувачите на анкетата не ги вклучиле во првично понудените одговори. Од резултатите може да се забележи дека и покрај тоа што е очекувано најмногу да доминираат предзнаењата од општествените и хуманистичките науки, сепак предзнаењата од природните науки се релативно занемарени. Тоа би можело да е резултат на повеќе разлози, а еден од нив може да е претпоставката дека во учебникот не се прават доволно корелации со сознанијата од овие дисциплини.

Ситуацијата е слична и кај изборниот предмет Филозофија (Табела 4).

*Табела 4.* Покажани предзнаења од други предмети на часовите по изборниот предмет Филозофија




Во реализацијата на овој предмет учениците најмногу покажуваат предзнаења од содржините на предметите: Етика, Социологија, Историја, Психологија и Македонски јазик.

### ***2.1.1.5. Интересирањето за наставните содржини и степенот на нивно совладување од страна на учениците***

Според одговорите на прашањето за која тематска целина учениците најмногу се интересираат (со рангирање на темите од 1-6; 1 – најмногу, 6- најмалку), испитаниците одговориле на следниов начин:

*Табела 5*. Тематски целини за кои учениците најмногу се интересираат на задолжителниот предмет Филозофија




Резултатите покажуваат дека учениците најмногу, и далеку пред другите, се интересираат за темата „Античка филозофија“, а далеку најслабо е интересирањето за темата „Средновековна филозофија“.

Ситуацијата кај изборниот предмет Филозофија е следнава: најмногу се интересираат за темите „Што е човекот (антропологија)?“ и „Моралот и дејствувањето (етика)“, а најмалку за темите „Човекот и творештвото“ и „Вовед во филозофијата“ (Табела 6).

*Табела 6*. Тематски целини за кои учениците најмногу се интересираат на изборниот предмет Филозофија



Овие резултати ги потврдуваат и резултатите од прашањето за кои проблемски целини учениците сакаат најмногу да дискутираат на задолжителниот предмет Филозофија, каде испитаниците најмногу посочиле на етичките проблеми (81,6%) и проблемот за смислата на човековиот живот (81,6%), а најмалку на проблемската целина за убавото и уметноста (23,7%)

Во поглед на прашањето до која мера учениците ги совладуваат наставните содржини на задолжителниот предмет Филозофија според Блумовата таксономија, резултатите покажаа дека во просек сите теми заедно но и секоја засебно се на третото ниво (од највисока можна оцена 4) на оваа таксономија, имено на ниво на *примена*. Сепак, се забележуваат нијанси кои покажуваат дека темите „Нововековна филозофија", „Современа филозофија", „Античка филозофија" и „Филозофија на 20 век" благо го надминуваат ова ниво и тежнеат кон нивото *анализа, синтеза и вреднување*, додека на ниска граница на *примена* се „Вовед во филозофија" и „Средновековна филозофија". Доколку се споредат овие резултати со резултатите од прашањето за ученичкото интересирање за тематските целини, може да се заклучи дека темите „Вовед во филозофија" и „Средновековна филозофија" ниту се особено интересни за нив, ниту, пак, успешно ги усвојуваат. За останатите теми, оценките за нивото на заинтересираност и усвојување се совпаѓаат.

Незначително повисок степен (3,1 од 4) на совладување на тематските содржини според Блумовата таксономија имаат тематските содржини по изборниот предмет Филозофија. Сите тематски целини, освен „Моралот и дејствувањето (етика)" поединечно се на степен *примена*, додека оваа тема е на граница со највисокиот степен - *анализа, синтеза и вреднување*. Другите теми не се издвојуваат драстично, освен темата „Вовед во филозофијата", која е најниско оценета. За разлика од задолжителниот предмет Филозофија, постојат дискрапанци помеѓу ученичкото интересирање за темите и нивното совладување. Учениците покажуваат високо ниво на интересирање за темите „Што е човекот (антропологија)?" и „Што и како сознаваме (гносеологија)?", но не ги совладуваат најдобро; додека за темите „Човекот и творештвото" и „Филозофијата и животот (заклучок)" не покажуваат особен интерес, но затоа подобро ги совладуваат.

Од одговорите дадени во овој корпус прашања може да се заклучи дека и покрај тоа што просечниот степен на совладување на наставните содржини за сите наставни целини и за двата предмета е релативно висок, сепак загрижува тоа што многу малку тематски целини се доближуваат до нивото на нив-

на *анализа, синтеза и вреднување*. Во однос на поединечните тематски целини, темата „Средновековна филозофија“ во задолжителниот предмет Филозофија по сите параметри е најниско оценета, што укажува дека треба да се ревидира. Тоа го посочува и еден од испитаниците кој во дополнителните коментари препорачува намалување на содржините во рамки на оваа тема. И во двата предмета, уводната тематска целина е меѓу најниско рангираните. Оваа состојба укажува дека првиот допир со содржините на филозофијата ги нема посакуваните ефекти и дека може непродуктивно да влијае врз проучувањето на натамошните содржини. Резултатите посочуваат дека е потребно и ревидирање на темата „Човекот и творештвото“ во изборниот предмет Филозофија.

#### *2.1.1.6. Методи, средства и начини за подготовка и реализација на наставата, проверка на знаењата на учениците и потреба за дополнување на постојните материјали*

Според тоа кои методи најмногу се користат во изведувањето на задолжителниот предмет Филозофија, испитаниците ги дадоа следниве одговори:

*Табела 7*. Методи кои најмногу се користат во изведувањето на задолжителниот предмет Филозофија




Во реализирањето на наставата по задолжителниот предмет Филозофија доминираат интерактивните (дискусија, дебата) и послободно структурираните (есеј) методи со што се следи природата на филозофијата каде треба да се негува слободата и креативноста, иако силно е застапен и фронталниот метод како начин за поефективно пренесување на наставните содржини. Работата во групи високо котира во фреквенцијата на употреба, иако во фокус-групата беше наведен како некорисен. Можното објаснување за неговата честа употреба е инсистирањето на користењето на овој метод од страна просветниот инспекторат.

Испитаниците кои спроведуваат настава по изборниот предмет Филозофија, на истото прашање, ги дадоа следниве одговори:

*Табела 8*. Методи кои најмногу се користат во изведувањето на изборниот предмет Филозофија




Ситуацијата е слична во поглед на најчесто употребуваните методи (дискусија, дебата, есеј) и при спроведувањето на наставата по изборниот предмет Филозофија. Тука може да се забележи дискретно намалување на употребата на фронталниот метод.

И кај двата предмета, наставниците кои користат ИКТ во наставата, најмногу користат интернет истражување и аудио/видео презентација/проекција, но многу малку софтвери/платформи за e-learning. Тоа укажува дека користењето на можностите на современата информатичка технологија и новите форми на електронско учење треба поинтензивно и посистематски да се поттикнуваат.

Во однос на материјалите што наставниците ги користат за подготовка на часовите по задолжителниот предмет Филозофија, според одговорите на испитаниците може да се заклучи дека доминира постојниот учебник (86,8%). Околу 40% употребуваат други учебници, примарна литература и електронски извори (главно странски интернет страници), додека околу 20% употребу-

ваат друга секундарна литература. Поради отсуство на учебник за изборниот предмет Филозофија, релативно поголем процент од испитаниците користат други учебници (52,2%), а зголемен е и процентот на користење на друга секундарна литература (30,4%)

Во поглед на процентуалната распределба на видовите часови предвидени за предметот Филозофија во текот на учебната година, според резултатите од анкетата најголемиот дел од часовите, 53,3%, треба да бидат часови за предавање, 24,7% часови за повторување и 21,9% часови за слободен избор.

*Табела 9.* Распределба на видови часови за задолжителниот предмет Филозофија




Резултатите покажуваат дека бројот на часовите за слободен избор треба да се зголеми за 7%, на сметка на предавањата (5%) и повторувањата (2%).[10]

Во Табела 10 се изразени резултатите добиени за изборниот предмет Филозофија.

[10] Процентуалната распределба на видовите часови во текот на учебната година не е експлицитно предвидена во предметната програма. Оптимална распределба на видовите часови се добива со следење на општиот методолошки принцип според кој за две поминати наставни единици (за кои се потребни два часа) е потребен еден час за повторување. Оттука, земајќи го предвид овој принцип заедно со вкупниот број на часови и бројот на наставни единици предвидени со актуелната наставна програма, произлегува дека за предавање се потребни 58,1% од часовите, за повторување 26,9%, а останатите 15% се наменети за часови за слободен избор.

*Табела 10*. Распределба на видови часови за изборниот предмет Филозофија




Кај изборниот предмет Филозофија, часовите за слободен избор треба да се зголемат за околу 16%, на сметка на предавањата (околу 13%) и повторувањата (околу 5%). Потенцирањето на потребата од зголемување на овој вид часови и кај двата предмета, укажува дека тие се од особено значаење за успешно реализирање на наставата и затоа можностите за нивно зголемување треба сериозно да бидат разгледани.

Според резултатите од одговорот на прашањето за методите со кои се проверува знаењето на учениците, и кај двата предмета најмногу се користи методот на усни одговори (96,7% и 87%), а најмалку наставното ливче (42,1% и 26%) и домашните задачи (34,2% и 26%). Во изборниот предмет Филозофија, за разлика од задолжителниот, многу помалку се користи методот тест на знаење, а повеќе есејот како метод за проверување.

Последниот корпус прашања во анкетата се однесува на потребата за дополнување на наставните материјали потребни за реализација на наставата по двата предмета. Генерално гледано, најголемиот дел од испитаниците (а во некои случаи сите) изразија потреба од зголемување на бројот на наставните материјали кај задолжителниот предмет Филозофија, а кај изборниот предмет Филозофија и потреба од примарен наставен материјал – учебник. Така, за изборниот предмет Филозофија, 96,3% од испитаниците сметаат дека треба да се изготви учебник, 83% да се изготви прирачник за наставници, 91,3% да се изготви поимник на крајот на учебникот, 100% да се изготви хрестоматија (избор на изворни текстови од филозофите) и 60,9% да се изготви работна

тетратка. За задолжителниот предмет Филозофија, 89,5% од испитаниците сметаат дека треба да се изготви прирачник за наставници, 89,2% да се изготви поимник на крајот на учебникот, 100% да се изготви хрестоматија и 75% да се изготви работна тетратка.

### *2.1.1.7. Дополнителни коментари*

Во графата за дополнителни коментари, забелешки и предлози на средношколските професори по Филозофија, најголем дел од сугестиите се во врска со учебникот за наставата по Филозофија на албански јазик. Наведено е дека недостигаат наставни единици; дека не постои соодветна хронологија во наставните единици; и дека има многу нејасни и несоодветни поими. Даден е предлог, учебникот што се користи во спроведување на наставата на македонски јазик, да се преведе и на албански јазик. Ваквата ситуација, пишуваат испитаниците, најмногу се чувствува на грбот на учениците за време на државната матура.

Понатаму, има забелешки дека содржините во учебникот по задолжителниот предмет Филозофија се премногу обемни и затоа се губи интересот на учениците. Се препорачува тие да се намалат и да се подобри графичкиот дизајн на учебникот. Исто така, забележано е дека содржините во учебникот од модерната филозофија за учениците се тешки за разбирање (Карл Маркс, Хегел, Кант) и се препорачува тие да се упростат со воведување повеќе примери. Како што беше и претходно наведено, се препорачува намалување на содржините од тематската целина „Средновековна филозофија".

### *2.1.1.8. Заклучоци*

Врз основа на анализата на податоците од прашалниците што се однесуваат на средношколската настава по задолжителниот и изборниот предмет Филозофија, би можеле да се сугерираат следниве заклучоци:

1. Поделени се мислењата дали фондот на часовите по двата предмета треба да се зголеми. Сепак, поголем дел од мислењата на испитаниците од фокус-групите покажаа дека изучувањето на задолжителниот предмет Филозофија треба да се реализира во две учебни години (одговорот „не" на прашањето: дали треба да се зголеми фондот на часови во годината? може да се толкува и на начин дека часовите за реализација на предметот во една

година не треба да се менува, но дека предметот треба да се изучува во две години, како што впрочем навел еден од испитаниците). Едно од решенијата, наведено во фокус-групата, е изборниот предмет Филозофија да добие статус на задолжителен предмет во сите гимназиски насоки.

2. Генерално гледано, постои висок степен на остварување на целите предвидени во предметната програма кај двата предмета. Евентуалната надградба на предметната програма во поглед на целите би можела да се движи во насока на потенцирање на важноста на развивањето и поттикнување на толерантен дијалог, развивање и поттикнување на дискурзивното мислење и поттикнување на духовна самостојност и отвореност за други гледишта, цели за кои испитаниците посочија дека најмалку се остваруваат.

3. Според резултатите од анкетата се заклучува дека учебникот по задолжителниот предмет Филозофија делумно не ги исполнува целите поставени во предметната програма, состојба која задолжително треба да се коригира. Високиот степен на остварување на целите на предметната програма и релативно нискиот степен на кој учебникот поттикнува да се остварат овие цели, покажува дека наставниците вложуваат голем дополнителен напор за да ги остварат поставените цели.

И покрај отсуството на учебник по изборниот предмет Филозофија, целите поставени во предметната програма по овој предмет повисоко се остваруваат од целите поставени кај програмата за задолжителниот предмет Филозофија. Ова ја покажува неопходноста од постоење добро осмислен учебник. Сепак, за било какви насоки за надградба или подобрување на учебничката литература тука подробно нема да се дискутира, особено што ваквата дискусија не е цел на истражувањето. За тоа се потребни дополнителни истражувања.

4. Од резултатите добиени од корпусот прашања поврзани со предзнаењата на учениците од другите предмети, за двата предмета заклучивме дека најмногу доминираат предзнаењата од општествените и хуманистичките науки, а дека предзнаењата од природните науки се релативно занемарени. Во тој контекст, предложуваме во идната надградба на предметната програма таа да се прошири и продлабочи во овој сегмент и да се вклучат содржини кои ќе реферираат на филозофските аспекти на достигнувањата во природните науки.

5. Во однос на поединечните содржини, со оглед на одговорите добиени од анкетата, препорачуваме ургентно ревидирање на тематската целина

„Средновековна и ренесансна филозофија" во предметната програма по задолжителниот предмет Филозофија, и тематската целина „Човекот и творештвото" во изборниот предмет Филозофија. Исто така, содржините во уводните тематски целини кај двата предмета треба да бидат ревидирани.

6. И покрај високите резултати во однос на степенот на кој се совладуваат тематските содржини според Блумовата таксономија, загрижува тоа што многу малку тематски целини се доближуваат до нивото на нивна *анализа, синтеза и вреднување*. Идните насоки на подобрување на оваа состојба би се темелеле на изнаоѓање дополнителни дидактички алатки, меѓу кои од голема помош би биле дополнителни наставни материјали.

7. Прилично едногласни одговори испитаниците дадоа во врска со прашањата за подготовка на примарни (учебник за изборниот предмет Филозофија) и дополнителни наставни материјали (прирачник за наставници, работна тетратка и хрестоматија). Оттука, силно препорачуваме нивна изработка. За подобрување на подготовката на наставниците за наставата исто така е важно и да се изработат интернет платформи на кои можат да се најде поголем фонд на дополнителна литература за овие предмети, особено на македонски јазик. Во однос на експлицитната препорака за употреба на методот работа во групи од страна на Државниот просветен инспекторат, сугерираме реевалуација на ваквите препораки имајќи предвид дека природата на секој посебен предмет детерминира кои методи се најуспешни при неговата реализација.

## 2.1.2. ЛОГИКА

### *2.1.2.1. Структура на примерокот*

Анкетата спроведена во рамки на проектот опфати 20 испитаници, од кои 60 проценти се жени, а 40 проценти се мажи. Возрасната структура на испитаниците се движи од 30 до 60 години, при што најголем број (40 проценти) се во категоријата од 30 до 40 години, нешто помал број (35 проценти) во категоријата од 50 до 60 години, а најмал број (25 проценти) во категоријата од 40 до 50 години. Просечното работно искуство на испитаниците е 13 години, при што 45 проценти од испитаниците имаат работно искуство до 10 години, а 55 проценти работно искуство над 10 години. Поголемиот дел од испитаниците, близу 70 проценти (според валидните одговори

на прашалниците) се од другите градови од Македонија, а околу 30 проценти од Скопје. Најголемиот дел од анкетираните наставници (90 проценти) ја одржуваат наставата по логика на македонски јазик, а само 10 проценти на албански јазик.

Од изложените параметри може да се заклучи дека во групата испитаници доминираат наставници со релативно долготрајно искуство во средношколската настава по Логика, што овозможува споделување на сознанија што се втемелени врз нивното квалификувано и систематско учество во реализирањето на наставната програма најмалку во текот на изминатата деценија. Половата/родовата и возрасната дистрибуција е релативно избалансирана, но сепак може да се констатира дека во групата преовладуваат испитанички од женски пол/род, на возраст од 30 до 40 години. Вклученоста на поголем број наставници од другите градови на Македонија, покрај главниот град, е добра основа за стекнување глобална слика за состојбата со наставата по логика во средните училишта на целата територија на Република Македонија. Сепак, имајќи предвид дека на организираниот семинар за средношколските наставници, во чии рамки беше спроведена анкетата, не беа во можност да учествуваат сите, или најголемиот број наставници што го предаваат предметот Логика во средните училишта низ Македонија, потребно е да се направи дополнителен напор да се мобилизира најголемиот дел од нив и да се добијат информации за нивните искуства од наставата по Логика кои би се вклучиле во конечните анализи. Ова особено се однесува на наставниците кои ја реализираат наставата по Логика на албански јазик, бидејќи кај нив е забележливо мошне ниско ниво на учество (10 проценти) во глобалната структура на анкетираната група.

#### *2.1.2.2. Статусот на предметот во средношколскиот курикулум и фондот на часови*

Во рамки на овој корпус прашања целта беше да се сондира мислењето на наставниците околу тоа предметот Логика, кој се изучува како изборен предмет во гимназиското образование во четврта година, треба го задржи или да го промени постојното место во наставните планови за средното образование, како во поглед на статусот, така и во поглед на неделниот фонд часови. Во овој аспект поголемиот број наставници – 65 проценти – смета дека според постојната наставна програма, неделниот фонд часови е доволен

за совладување на предвидените содржини. Од оние што сметаат дека фондот не е доволен и дека треба да се зголеми, најголемиот дел, близу 57 проценти, сметаат дека зголемувањето треба да биде за 2 часа неделно, додека близу 32 проценти од нив се залагаат за зголемување на фондот на неделните часови за 3 часа. Во оваа група прашања, најголем степен на хомогеност на добиените одговори може да се забележи во поглед на прашањето дали предметот Логика треба да се изучува како задолжителен. На ова прашање позитивно имаат одговорено 90 проценти од испитаниците, што е една од најзначајните препораки за промена на постојниот статус на овој предмет, од изборен во задолжителен, и што треба да се земе предвид при оформувањето на конечните резултати од анализите.

### *2.1.2.3. Цели на наставната програма по предметот и нивно остварување во рамки на програмата и во учебникот*

На испитаниците им беа понудени осум цели што треба да ги оствари предметната програма и од нив беше побарано да ги подредат по релевантност, при што со 1 се означува најзначајната, а со 8 најмалку значајната цел. Резултатите се прикажани во Табела 10.

*Табела 10*. Цели што треба да ги оствари предметната програма по предметот Логика

| | Цели | Просек |
|---|---|---|
| **1.** | Стекнување знаења за основните логички поими, операции и законитости | 2,5 |
| **2.** | Разбирање на начинот на кој логичките поими, операции и законитости се применуваат во другите научни дисциплини и во секојдневната комуникација | 3,8 |
| **3.** | Развивање и поттикнување на способноста за самостојно критичко мислење, аргументирање и водење издржан дијалог | 3,8 |
| **4.** | Развивање и поттикнување на фундаменталните логички карактеристики на мислењето и расудувањето (прецизност, образложеност, недвосмисленост, систематичност, критичност) | 4,1 |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | Развивање на способностите за анализа, синтеза и вреднување при справувањето со информации од различен обем и карактер | 4,2 |
| **6.** | Разбирање на улогата на јазикот (како на природните, така и на вештачките јазици) како инструмент на расудувањето и комуникацијата | 5,2 |
| **7.** | Поттикнување на интелектуалната независност, креативност и отвореност за други гледишта | 5,4 |
| **8.** | Оспособување за следење на новите тенденции на информатичката технологија во сферата на расудувањето и комуникацијата | 7,1 |

Од ваквите резултати би можело да се заклучи дека, според мислењето на испитаниците, наставната програма е првенствено ориентирана кон стекнување знаења за основните логички поими, операции и законитости, а потоа и кон разбирањето на начинот на кој тие се применуваат во другите научни дисциплини и во секојдневната комуникација, како и кон развивањето и поттикнување на способноста за самостојно критичко мислење, аргументирање и водење издржан дијалог. Според тоа, евентуалната надградба на предметната програма во поглед на целите на средношколската настава по логика врз основа на резултатите од истражувањето, би можела да се движи во насока на потенцирање на важноста на развивањето и на останатите интелектуални вештини со универзална применливост, како што се генералните способности за анализа, синтеза и вреднување при справувањето со информации од различен обем и карактер, интелектуалната независност и креативност, но и оспособувањето за следење на современите текови на логичката мисла и нејзината примена.

Што се однесува до начинот на кој секоја од петте глобални тематски целини од кои се состои средношколската програма по предметот Логика – 1) Логиката како наука 2) Комуникација, мислење, јазик 3) Искази 4) Изведување и докажување на исказите и 5) Логички претпоставки за создавање научен систем – ја исполнува секоја од наведените цели, може да се забележи доста воедначен резултат. Имено, во скалата на рангирање од 1 до 5, при што 1 означува најмал, а 5 најголем степен на исполнување на релевантната цел од дадена тематска целина, рангирањето се движи од 3,5 до 4,4, при што просечната вредност на степенот на реализација за секоја цел од сите

тематски целини е 4. Мало отстапување од оваа вредност се забележува единствено кај целта „Оспособување за следење на новите тенденции на информатичката технологија во сферата на расудувањето и комуникацијата”, чиј просечен ранг на остварување преку тематските целини е 3,6. Поединечно, најголем степен на остварување на определена цел од определена тематска целина може да се сретне кај целта „Стекнување знаења за основните логички поими, операции и законитости” од страна на тематската целина Изведување и докажување на исказите (4,4.), а најмал степен на остварување на целите од страна на определена тематска целина се забележува кај воведниот дел – Логиката како наука, и тоа за две цели – „Стекнување знаења за основните логички поими, операции и законитости” и „Оспособување за следење на новите тенденции на информатичката технологија во сферата на расудувањето и комуникацијата” (просечно рангирање 3,5). Сепак, тој факт не го побива генералниот заклучок дека не постои голема дискрепанција во степенот до кој различните тематските целини ги остваруваат целите на предметната програма и дека тој степен, општо земено, е оценет како релативно висок.

Во поглед на прашањето дали целите на предметната програма се остваруваат со актуелниот учебник по предметот Логика, мислењата на испитаниците се поделени на следниот начин: 40 проценти одговориле потврдно, 30 проценти одговориле негативно, а 30 проценти сметаат дека постојниот учебник делумно ги остварува целите на предметната програма. Главните забелешки за учебникот од страна на испитаниците што сметаат дека тој само делумно ги исполнува целите предвидени со предметната програма се однесуваат на тоа дека, според нивното мислење, нивото на кое е напишан е превисоко за средношколска употреба, дека учениците имаат тешкотии во разбирањето на содржините, дека има премногу теориска, дефинициска насоченост а премалку примери, особено во делот за логичките методи, дека на учениците им е потребна и друга литература за совладување на практичната примена на знаењата преку вежби, а дека и голем дел од наставните теми се повторуваат во другите предмети (македонски јазик, математика, социологија).

Од одговорите на прашањата во овој сегмент би можело да се заклучи дека изборот и организацијата на тематските целини во предметната програма и во учебникот во релативно висок степен и на избалансиран начин ги остваруваат целите на предметната програма, но дека на постојниот учебник,

според мислењето на дел од испитаниците, му е потребна надградба во насока на проширување на практичната димензија на сознанијата, збогатување со примери и материјал за вежби, извесна редукција на содржините што се повторуваат во другите предмети и адаптација на стилот за нивото на средно-школската настава по Логика.

### *2.1.2.4. Корелација на содржините од предметот со други наставни предмети*

Во поглед на поврзаноста на предметот Логика со другите предмети од средношколскиот курикулум, според мислењето на испитаниците, највисока корелација на наставните содржини од овој предмет учениците остваруваат со содржините од Математика (според од 95 проценти од анкетираните професори) и Информатика (според мислењето на 60 проценти од испитаниците). Во Табела 11 се прикажани останатите резултати.

*Табела 11.* Покажани предзнаења од други предмети на часовите по Логика




Имајќи го предвид статусот на логиката како дисциплина чии поими, принципи и законитости ги применуваат сите дисциплини во откривањето, заснивањето и систематизирањето на знаењата од своите области, широката

листа на подрачја со кои се корелираат логичките содржини е очекуван резултат. Во таа смисла, поради застапеноста на содржините од формалната симболичка логика, од областа на комуникацијата и јазикот, како и од сферата на проучувањето на формите на мислењето и познанието, исто така е очекувана високата корелација со предметите Математика, Информатика, Мајчин јазик и Психологија. Од друга страна, релативно ниска е констатираната корелација со другите подрачја од општествените и хуманистичките дисциплини, како што се Право, Етика, Социологија, Историја и сродните предмети. Во таа смисла, во евентуалната надградба на предметната програма и учебниот материјал, би можело да се посвети поголемо внимание на објаснување на релевантноста и примената на логиката не само во природните и техничките дисциплини, туку и во општествено - хуманистичкото подрачје, како и на разјаснувањето на нејзината улога како фундаментална филозофска дисциплина и поврзаноста со другите сфери на филозофските истражувања.

### *2.1.2.5. Интересирањето за наставните содржини и степенот на нивно совладување од страна на учениците*

Според валидните одговори на анкетата (13 од 20), од тематските целини во предметната програма, најголемо интересирање предизвикува тематската целина Изведување и докажување на исказите, со просечно рангирање 2,2 на скала од 1 до 5 (при што со 1 е означен најголем, а со 5 најмал степен на интересирање). Во Табела 12 се прикажани останатите резултати.

*Табела 12.* Тематски целини за кои учениците најмногу се интересираат на предметот Логика



Од друга страна, кога станува збор за поединечните проблемски теми за кои учениците покажуваат најголем интерес за дискусија, на прво место доаѓа темата за Аргументацијата и нејзините видови (според мислењето на 73,7 проценти од испитаниците), а потоа следуваат проблематиките на Мислењето и јазикот, поимите и зборовите (57,9%), Логичко-јазичките аспекти на комуникацијата (52,6%), Логичко следство (52,6%), Логички грешки во заклучувањето и аргументирањето (52,6%) Функциите на вистинитоста како посебен вид сложени искази (негација, конјункција, импликација итн.) (47,4%), Доказ и видови докази (47,4%), Логиката и рационалноста (42,1%), Поимот и методите за образување и објаснување на поимите (42,1%), Дедуктивно расудување (силогизам, аксиоматски систем) (42,1%), Проблемот на вистината (42,1%) Вистинитост и валидност (36,8%) Наука, научни знаења, научни закони, научен систем (36,8%) Исказот и методите за образување и докажување на исказите (31,6%) Индуктивно расудување (31,6%) Мислењето и неговите логички карактеристики (26,3%) Дијалектичко расудување (26,3%) Прагматички следства: импликатура, пресупозиција (26,3%).

Ваквите резултати, на прв поглед, можат да делуваат до извесен степен некохерентно со претходно изложените резултати од преференциите на учениците за определени тематски целини, бидејќи меѓу трите највисоко рангирани теми за дискусија, две припаѓаат на тематската целина за која анкетата покажа дека учениците покажуваат споредбено најмало интересирање – Комуникација, мислење, јазик. Едно од можните објаснувања за овој факт е дека бидејќи оваа тематска целина е релативно блиска до секојдневното искуство на учениците, а освен тоа се третира и во програмите на други предмети – Социологија, Психологија, итн., можно е учениците да ја доживуваат како попристапна и попозната основа за влегување во дискусија. Сепак, за да се потврди или да се побие оваа претпоставка, како и да се дојде до порелевантно толкување на резултатите од овој сегмент на анализата, потребно е да се направат дополнителни истражувања.

Во поглед на прашањето до која мера учениците ги совладуваат наставните содржини според Блумовата таксономија, резултатите од валидните одговори на прашалниците (17) покажаа дека совладување на содржините со највисок степен на ангажирање на интелектуалните капацитети од повисок ранг (односно, не само запомнување и репродуцирање, туку и сфаќање и примена, со тенденција и за анализа, синтеза и вреднување) се покажува кај тематската целина Изведување и докажување на исказите (просечен

степен 3,2). Следуваат тематските целини Искази (просечен степен 3,1), Комуникација, мислење, јазик (3), Логичките претпоставки за создавање научен систем (2,9) и Логиката како наука 2,2. Интересен е фактот дека највисок степен на совладување на содржините учениците покажуваат во поглед на тематската целина за која, според резултатите од претходните прашања, беше констатирано дека покажуваат и најголемо интересирање – тематската целина Изведување и докажување на исказите. Ова може да се толкува како дополнителен аргумент во прилог на констатацијата за позитивното влијание на заинтересираноста и мотивираноста на учениците за определена содржина врз успешноста и квалитетот на нејзиното совладување.

Вкупниот просечен степен (2,9 од 4) на совладување на наставните содржини за сите наставни целини, пак, укажува дека, според искуствата на наставниците, учениците во принцип успешно ги совладуваат нивоата на запомнување и репродуцирање, разбирање/сфаќање, и во најголем број случаи, нивото на примена на изучуваните содржини, но дека речиси и не се постигнува нивото на нивна анализа, синтеза и вреднување. Ваквата констатација го сугерира заклучокот дека во мерките за унапредување на средношколската настава по логика би требало да се вклучат и начини за поттикнување на учениците да ги развијат своите капацитети за примена на вишите когнитивни способности кои вклучуваат компаративен, аналитичко-синтетички, експликативен и евалуациски пристап кон информациите и феномените со кои се среќаваат.

### *2.1.2.6. Методи, средства и начини за подготовка и реализација на наставата, проверка на знаењата на учениците и потреба за дополнување на постојните материјали*

Одговорите на корпусот прашања кои имаа за цел да ја констатираат постојната состојба во поглед на методите, средствата и начините што средношколските професори ги користат за подготовка и реализација на наставата по Логика покажаа дека најмногу користен метод од страна на наставниците е методот на дискусија, што го употребуваат 100 проценти од анкетираните. Следуваат методите рангирани според процентот на користење од најмногу до најмалку употребувани (Табела 13).

*Табела 13*. Методи кои најмногу се користат во изведувањето на предметот Логика




Најголемиот дел од професорите (со исклучок на два неодговорени прашалника во овој сегмент) се изјасниле дека во наставата користат и ИКТ методи, од кои најчесто користени се аудио и видео проекциите, кои ги употребуваат 83,3 проценти од испитаниците, интернет истражувања (66,7 проценти), а користењето на софтверите и платформите за електронско учење е е застапено со најмал процент (5,6 проценти).

Овие податоци го сугерираат заклучокот дека во средношколската настава по логика доминираат интерактивните методи (дискусија, работа во група, итн.) што го поттикнуваат интересирањето и активното учество на учениците во совладувањето на наставните содржини, иако и фронталниот метод, што исто така е еден од фундаменталните методи во пренесувањето на логичките содржини, е релативно широко застапен. Од друга страна, забележително е ниското ниво на користење на можностите на современата информатичка технологија и новите форми на електронско учење, кои во иднина би можеле поинтензивно и посистематски да се поттикнуваат, исто како и самостојните активности на учениците при анализа на текстови и документи и пишување есеи – форми што се особено соодветни за вежбање и унапредување на логичко-аргументациските капацитети во расудувањето со средствата на природниот јазик.

Во однос на материјалите што самите наставници ги користат за подготовка на часовите по Логика, според одговорите на испитаниците може да се заклучи дека како извор доминира постојниот учебник, кој како основна литература го користат 95 проценти од испитаниците. Дел од професорите (45 проценти) користат и други учебници, било средношколски учебници од соседните земји (Хрватска, Србија), било универзитетски учебници од логичките дисциплини што се користат во наставата на Институтот за филозофија и другите групи на Филозофскиот факултет. Значајно место во подготовката на наставата, кај 55 проценти од испитаниците заземаат и електронските извори – интернет сајтови, CD-а, едукативни софтвери/платформи, додека примарната литература се користи од 15 проценти од испитаниците. Десет проценти од анкетираните наставници посочиле дека освен логичката, користат и математичка и информатичка литература, или друг тип извори, како, што е на пример, филмската продукција.

Според овие податоци, може да се забележи позитивен тренд кај средношколските наставници за проширување и збогатување на теориската и педагошката база за подготовка на наставата по Логика, и покрај постоењето на учебник што соодветствува на наставната програма, а една од главните цели на проектот во чии рамки беше спроведена оваа анкета е да придонесе кон зацврстувањето и продлабочувањето на тој тренд. Од друга страна, може да се констатира сразмерно низок процент на испитаници кои примарната литература ја вклучуваат во материјалите за подготовка на наставата, така што во иднина би можело да се посвети повеќе внимание врз зголемувањето на обемот и достапноста на изворните текстови од најзначајните логичари од историјата и современоста што би им биле на располагање на наставниците и на учениците во наставата по логика во средните училишта.

Ситуацијата во поглед на процентната распределба на видовите часови предвидени за предметот Логика во учебната година е прикажана во Табела 14.

*Табела 14*. Распределба на видови часови за предметот Логика




Сугерираниот процент на часови за слободен избор, кој е многу близок до тој на часовите предвидени за повторување на материјалот, упатува на претпоставката дека наставниците му даваат значајно место на овој тип часови, што, од своја страна, дополнително ја потенцира потребата од обезбедување алтернативни извори и типови материјали што би можеле да користат, меѓу другото, и при реализацијата на часовите за слободен избор.

Според резултатите од одговорот на прашањето за методите со кои го проверуваат знаењето на учениците, најмногу се користи методот на усни одговори, кој го практикуваат 90 проценти од испитаниците. Понатаму, според застапеноста, следуваат методите на усни презентации, дебати и тестови на знаење, кои ги користат 65 проценти од испитаниците. Изработувањето на ученичките проекти како начин на проверка е практикувано од 55 проценти од анкетираните, а 45 проценти од нив ги користат наставните ливчиња и домашните задачи за оваа цел. Користењето на есејот како метод на проверка на знаењата се среќава кај 30 проценти од испитаниците, а еден испитаник/испитаничка на понудените методи во прашалникот го додал и методот практична работа на вежби. Ваквите резултати покажуваат дека и покрај доминацијата на методот на усните одговори, застапен е широк дијапазон и на други методи, што е во функција не само на систематското проверување на стекнатите знаења туку и на поттикнување на разновидните интелектуални капацитети на учениците и што секако треба и понатаму да се стимулира и унапредува како педагошки пристап.

Последниот корпус прашања во анкетата се однесуваше на потребата за дополнување на постојниот учебник како главен извор и материјал за

средношколската настава по логика со други наставни материјали. Во овој сегмент, може да се констатира мошне висок степен на хомогеност на добиените одговори, во смисла на укажувањето на постоење потреба од проширување на корпусот релевантни наставни материјали, како во содржинскиот, така и во педагошкиот сегмент. Така, 95 проценти од испитаниците сметаат дека покрај учебникот, треба да се изготви и прирачник за наставници, 84,2 проценти сметаат дека на крајот на учебникот треба да се изработи поимник, 100 проценти сметаат дека постојниот учебник треба да се придружи со хрестоматија – избор на изворни текстови од најзначајните логичари, и 95 проценти сметаат дека покрај учебникот треба да се изготви и работна тетратка.

### *2.1.2.7. Дополнителни коментари*

Во графата за дополнителни коментари, забелешки и предлози на средношколските професори по логика, беше забележано дека логиката треба да се изучува не само во општествено-хуманистичките насоки, туку и во математичките гимназии, дека некои наставни содржини во постојната програма не се соодветни, дека во програмата треба да се вклучат повеќе теми за примената на логиката во аргументацијата и за поврзаноста помеѓу логиката и реториката, дека треба да се обезбеди поголем опсег на достапна литература за подготовка и за реализација на средношколската настава по логика, како и посоодветен превод на учебникот по логика за учениците и наставниците што наставата по логика ја реализираат на албански јазик.

### *2.1.2.8. Заклучоци*

Врз основа на анализата на податоците од прашалниците што се однесуваат на средношколската настава по предметот Логика, би можеле да се сугерираат следниве заклучоци:

1) Постојното, релативно ограничено место на предметот Логика во наставните планови за средно образование не соодветствува на големото значење и улога што овој предмет ја има во оспособувањето на учениците за издржано, систематично, критичко и креативно мислење применливо во сите области и за развивање на клучните интелектуални компетенции неопходни за продуктивен и одговорен професионален и граѓански живот. Во таа смисла,

се препорачува **поширока застапеност** на предметот Логика, кој треба да биде присутен не само во програмите од општествено-хуманистичкото подрачје, туку и во оние од природонаучното, а особено од математичкото подрачје. Исто така, според мислењето на 90 проценти од испитаниците, предметот Логика, наместо изборен треба да биде **задолжителен** во средното образование. Имено, како што покажува и неговата широка корелација со другите наставни предмети, логичките поими, принципи и инструменти се применуваат во сите подрачја на човековата рационалност, па, според тоа, солидните знаења од овој предмет можат да ги унапредат постигнувањата на учениците и во сите други дисциплини, и да им бидат мошне корисни интелектуални орудија во кое и да било подрачје во кое ќе се усовршуваат во понатамошните фази од образованието.

3) Во поглед на целите на наставната програма, може да се констатира дека постојната наставна програма по предметот Логика е првенствено ориентирана кон стекнување знаења за основните логички поими, операции и законитости, а потоа и кон разбирањето на начинот на кој тие се применуваат во другите научни дисциплини и во секојдневната комуникација, но и кон развивањето и поттикнување на способноста за самостојно критичко мислење, аргументирање и водење издржан дијалог. Според резултатите од анкетата би можело да се заклучи дека изборот и организацијата на тематските целини во предметната програма и во учебникот во релативно висок степен и на избалансиран начин ги остваруваат целите на предметната програма. Евентуалната надградба на предметната програма во поглед на целите би можела да се движи во насока на потенцирање на важноста на **развивањето и на останатите интелектуални вештини со универзална применливост**, како што се генералните способности за **анализа**, **синтеза** и **вреднување** при справувањето со информации од различен обем и карактер, интелектуалната **независност** и **креативност**, но и оспособувањето за следење на современите текови на логичката мисла и нејзината примена.

4) Според резултатите од анкетата, во поглед на поединечните тематски целини, учениците покажуваат најголемо интересирање за тематската целина Изведување и докажување на исказите, а во истата тематска целина покажуваат и највисок степен на совладување на наставните содржини. Со оглед на фундаменталноста на овој сегмент од аспект на современото сфаќање на логиката, ваквата констатација дава можност во идната надградба на предметната програма да се прошири и продлабочи овој сегмент и да се

вклучи поголем обем на **содржини од современата симболичка логика** што се вградени и во основата на модерната компјутерска технологија, а за сметка на некои содржини што учениците ги изучуваат по другите предмети (на пример, лингвистичките и социолошките аспекти на јазикот и комуникацијата). Од друга страна, во согласност со укажувањето на дел од испитаниците, поголем фокус треба да се стави и на содржините од областа на **аргументацијата и реториката**, односно на примената на логичките принципи и механизми во расудувањето со средствата на обичниот јазик, особено преку практични примери од различни типови комуникација.

5) Во врска со општиот степен на совладување на наставните содржини според Блумовата таксономија, анкетата покажа дека, според мислењето на испитаниците, постои недоволен степен на совладување во поглед на **способноста за анализа, синтеза и евалуација на информациите** од изучуваните содржини. Со оглед на важноста на ова највисоко ниво од Блумовата таксономија, кое се надградува над нивоата на репродуцирање, разбирање и примена на наставните содржини, потребно е во иднина да се развијат соодветни педагошки стратегии и да се подготват материјали врз основа на кои систематски би се работело врз развивање на ова рамниште од интелектуалните компетенции на учениците, кои се неопходна претпоставка за **критичкото и креативно мислење** во која и да било област.

6) Според резултатите од анкетата, една од најургентните задачи во насока на унапредувањето на средношколската настава по логика, која би ја олеснила и би ја подобрила како подготовката на наставниците за часовите, така и самата реализација на наставните активности и самостојната работа на учениците, е подготовка на **дополнителен наставен материјал** во форма на **прирачник за наставници**, **работна тетратка** и **хрестоматија** со извори текстови на логичарите, кои би претставувале надополнување на постојниот учебник. Во изработката на овие материјали би било пожелно да се вклучат не само авторите на постојната наставна програма и учебникот, туку и поширок круг на универзитетски и средношколски професори по логика и методика на наставата по филозофските предмети (евентуално, и експерти од областа на педагогијата и педагошката психологија), со цел да се обезбеди не само теориска, туку и практична релевантност и сообразеност на содржините на наставните материјали со форматот и нивото на средношколската настава по логика. Исто така, за средношколските професори би било исклучително значајно да се направи **достапна и друга логичка литература** што не може

да се најде на интернет – на пример, интегралните верзиите од учебниците и други наставни материјали што се користат во наставата логика во други земји, особено оние од соседството. Во перспектива, при евентуално следно издание на постојниот учебник, или конципирање на нови учебници, би можеле да се земат предвид препораките на наставниците за надградба на актуелниот учебник во насока на проширување на практичната димензија на сознанијата, збогатување со примери и материјал за вежби, извесна редукција на содржините што се повторуваат во другите предмети и адаптација на стилот за нивото на средношколската настава по Логика, како и изработка на поимник на клучните логички поими и категории, како интегрален дел од учебникот.

### 2.1.3. ЕТИКА

#### *2.1.3.1. Структура на примерокот*

Анкетата која беше спроведена во рамките на овој проект, опфати 21 испитаник, во соодноc 76,2% жени и 23,8% мажи. Возрасната структура на испитаниците се движи од 25 до 60 години, при што најголем број се од категоријата од 30 до 40 години (33,3%) и од категоријата од 50 до 60 години (38,1%). При ова, од претходното може да се извлече и апострофира сознанието дека во последната декада незначителен или непостоечки е процентот на непосредно дипломирани студенти по филозофија, вработени како средношколски професори.

Просечното работно искуство на испитаниците е 12 години. Поголемиот дел од нив (78,9%) се од други градови од Македонија, а тројно помалку (21,1%) се од Скопје. При ова треба да се нагласи дека поради малиот одзив на професори кои предаваат на албански јазик (во случајот со предметот Етика, сите 21 испитаник наставата ја реализираат на македонски јазик) не можат да се изведат поткрепени заклучоци во врска со изведувањето настава по Етика на албански јазик.

### *2.1.3.2. Статусот на предметот во средношколскиот курикулум и фондот на часови*

Во овој дел од анкетата дури 66,7% од анкетираните сметаат дека онака како што е поставена нашата програма по овој предмет, истата предвидува и реално е тоа предвидување за реализација на содржините на наставната програма. Но, она што е најпарадигматично е генералниот став од 76,2% од испитаниците, кои потенцираа дека треба да се зголеми фондот на часови по овој предмет, особено заради нужната потреба од зголемување на проблемскиот дел во наставата, доколку сакаме да ја постигнеме најважната цел од изучувањето на овој предмет (која по релевантност е оценета во прашалникот како најзначајна) - стекнување вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава.

### *2.1.3.3. Цели на наставната програма по предметот и нивно остварување во рамки на програмата и во учебникот*

Согласно со доминантните цели кои што предметната програма по предметот Етика треба да ги оствари, испитаниците истите ги рангираа на следниов начин според значајност (1 – најзначајна, 8 – најмалку значајна цел) (Табела 15):

*Табела 15*. Цели што треба да ги оствари предметната програма по предметот Етика

| | **Цели** | **Просек** |
|---|---|---|
| **1.** | Стекнување вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава | 2,8 |
| **2.** | Оспособување за самостојно и креативно мислење | 3,4 |
| **3.** | Развивање и поттикнување критичко мислење | 3,8 |
| **4.** | Стекнување знаења | 4,6 |
| **5.** | Развивање способности за самоиспитување | 4,8 |
| **6.** | Поттикнување духовна самостојност и отвореност за други гледишта | 4,9 |
| **7.** | Развивање способност за издржан и толерантен дијалог | 5,8 |
| **8.** | Развивање и поттикнување на дискурзивно мислење | 5,9 |

Од овие резултати може да се заклучи дека како најзначајни цели на предметот Етика, според мислењето на испитаниците, се издвојуваат: стекнување на вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава; потоа оспособување за самостојно и креативно мислење; како и развивање и поттикнување критичко мислење; и стекнување знаења. Во исто време, според мислењето на испитаниците евидентно е ниското рангирање на остварувањето на способноста за издржан и толерантен дијалог, како и развивањето и поттикнување на дискурзивното мислење.

Уште повеќе, кога овие резултати ќе ги поврземе со резултатите од прашањата за нивото на кое секоја од тематските целини од која се состои предметната програма ја исполнува секоја од наведените цели (од скала од 1-5; 1 – најмал, 5 – најголем степен) ја добиваме генералната оценка од 3,64 за II година и високата оценка од 4 за III година во однос на споредбата на посакуваната состојба на постигнување на целите и реалната состојба со нивното постигнување со актуелната програма. При ова треба да се потенцира дека и во двата случаи, иако просечната оценка е висока, распределбата на оценките не соодветствува на посакуваното рангирање изразено во одговорите на прашањето претставени во претходната Табела.

Во поглед на прашањето дали целите на предметните програми се остваруваат со актуелните учебници (за II и за III година) по предметот Етика, мислењата на испитаниците се поделени на следниот начин: 55,6% одговориле потврдно, 22,2% проценти одговориле негативно, а 22,2% проценти сметаат дека постојниот учебник за II година делумно ги остварува целите на предметната програма. Слични се процентите и во однос на учебникот за III година: потврдно одговориле 57,1%, негативно 28,7%, додека делумно сметаат 14,2% од испитаниците.

Кога ќе се соберат процентите на испитаници кои одговориле негативно и делумно и во двете години, се добива резултат од нешто околу 50% испитаници кои сметаат дека и покрај тоа што изборот и организацијата на тематските целини во предметната програма е на релативно висок степен и на избалансиран начин ги остваруваат целите на предметната програма, сепак постои несогласување на рангот на некои цели кои испитаниците сметаат дека треба повеќе да бидат остварени. Оттука, би можело да се заклучи дека се потребни промени во учебниците кои повеќе треба да ги нагласат целите кои

високо се рангирани од страна на испитаниците, а во наставата не успеваат да ги остварат на потребното ниво.

### *2.1.3.4. Корелација на содржините од предметот со други наставни предмети*

Резултатите на прашањето од кој/и друг/и предмет/и учениците покажуваат најмногу предзнаења на часовите по Етика се прикажани на Табела 16.

*Табела 16*. Покажани предзнаења од други предмети на часовите по предметот Етика




Од резултатите може да се забележи дека и покрај тоа што е очекувано најмногу да доминираат предзнаењата од општествените и хуманистичките науки, сепак предзнаењата од природните науки не се во голема мера занемарени.

## *2.1.3.5. Интересирањето за наставните содржини и степенот на нивно совладување од страна на учениците*

Резултатите од прашањето за која тематска целина учениците најмногу се интересираат (со рангирање на темите од 1-6; 1 – најмногу, 6-најмалку) во II година, се прикажани во Табела 17.

*Табела 17*. Тематски целини за кои учениците најмногу се интересираат на предметот Етика во II година




Од самите резултати може да се види дека учениците најмногу се интересираат за тема „Љубов“, а најслаб интерес прикажуваат за темата „Работна етика“.

Во однос на тематските целини во III година, испитаниците сосема поинаку ги рангирале темите, кои се претставени во Табела 18.

*Табела 18.* Тематски целини за кои учениците најмногу се интересираат на предметот Етика во III година




Според резултатите евидентна е зголемената заинтересираност за практичката етика и темите кои се поврзани со вредноста на самиот живот.

Истото може да се потврди и преку резултатите добиени како одговор на прашањето до која мера учениците ги совладуваат наставните содржини според Блумовата таксономија. И во II и во III година, резултатите покажаа дека во просек од 3,5 за II година, односно 3,4 за III година, сите теми заедно, но и секоја засебно се на третото ниво (од највисока можна оцена 4) на оваа таксономија, имено на ниво на *примена*. Сепак, во II година се забележуваат „благи“ разлики кои укажуваат дека темите „Љубов“ и „Здравствена етика“ го надминуваат оваа ниво и тежнеат кон нивото *анализа, синтеза и вреднување*, додека на ниска граница на *примена* се „Етиката и моралот“, како и Политичка етика“. Во III година пак, темите „Градбени елементи на етиката“, потоа „Вредноста на животот“, а во корелација со неа и темите од „Биоетика“ и „Социјална етика“, благо доминираат над просекот, додека пак темите „Вовед во етиката“ и „Економска етика“ се на најниската граница од вреднувањето. Во овој контекст, доколку се споредат овие резултати со резултатите од претходното прашање за интересот на учениците за тематските целини, може да се заклучи дека овие теми не се посебно интересни и затоа потешко ги усвојуваат. За останатите теми, оценките за нивото на заинтересираност и усвојување се совпаѓаат.

### *2.1.3.6. Методи, средства и начини за подготовка и реализација на наставата, проверка на знаењата на учениците и потреба за дополнување на постојните материјали*

Евидентно е нагласувањето на неколку елементи во делот на материјалите со кои се реализира оваа наставна програма. Иако постои висока ставка од 85% од наставници кои го користат само учебникот во реализирањето на целите на наставната програма, со средна просечна вредност од 3,5 во однос на исполнувањето на поставените цели од страна на тематските целини, симптоматична е причината зошто речиси само половина од нив сметаа дека целите на самата наставна програма и во II и во III година средно образование е можно да бидат постигнати преку учебникот и само преку учебникот. Оттука, не треба да чуди што на второ место е примарната литература со 60%, и на крај електронските извори со 50%. Што се однесува до друга секундарна литература, само 35% од испитаниците ја користат истата во вид на избор на етички текстови, етички речник, стручна литература, како и прирачници.

Во прилог на ова говорат и методите преку кои наставата се реализира. Поточно, дискусијата највисоко котира, со просек од 1,3 како најрелевантна за изведување на наставната програма, а дури потоа следуваат дебатата и анализата на случај.

*Табела 19*. Методи кои најмногу се користат во изведувањето на предметот Етика




Сумарно, доминираат интерактивните (дискусија, дебата) и послободно структурираните методи со што се негува слободата и креативноста, иако силно е застапен и фронталниот метод со просек од 6,5 како начин за поефективно пренесување на наставните содржини.

И во двете години од изучување на овој предмет, наставниците кои користат ИКТ во наставата, во најголем процент од 76,1 користат интернет истражување, како и аудио/видео презентација/проекција, но многу малку софтвери/платформи за e-learning, што само ја нагласува потребата од поинтензивно и посистематско користењето на можностите на современата информатичка технологија и новите форми на електронско учење.

Во поглед на процентната распределба на видовите часови предвидени за предметот Етика во учебната година, според резултатите од анкетата најголемиот дел, 50,5%, треба да биде посветен на часови за предавање, 20,24% на часови за повторување и 29,25% на часови за слободен избор.

Резултатите од одговорот на прашањето за методите со кои се проверува знаењето на учениците се прикажани во Табела 20.

*Табела 20*. Методи на проверување на знаењето по предметот Етика




Последниот корпус прашања во анкетата се однесува на потребата за дополнување на наставните материјали потребни за реализација на наставата и во двете години. Висок е процентот на изјаснети во делот на потребата од изготвување на прирачник за наставници (90,4%), изготвување на поимник во учебникот (95,2%), како и во изготвување на хрестоматија (100%), т.е. избор на изворни текстови од етичари со што би се поткрепиле ставовите и аргументацијата кога се анализира случај, текст или документи, а оттука и можноста за играње улоги и креирање на услови за бура од идеи кога се презентираат различните гледишта во етиката.

### *2.1.3.7. Заклучоци*

Она што е најпарадигматично во однос на 21 испитаник со просечно 12 годишно работно искуство, е генералниот став кој е изразен низ 66,7%, дека онака како што е поставена нашата програма по овој предмет, истата предвидува доволен број часови, и реално е тоа предвидување, за реализација на содржините на наставната програма. При ова, дури 76,2% од испитаниците потенцираа дека притоа треба да се зголеми фондот на часови по овој предмет, особено заради нужната потреба од зголемување на проблемскиот дел во наставата, доколку сакаме да ја постигнеме најважната цел од изучувањето на овој предмет (која по релевантност е оценета во прашалникот како

најзначајна) - стекнување вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава.

Уште повеќе, евидентно е нагласувањето на неколку елементи во делот на материјалите со кои се реализира оваа наставна програма. Иако постои висока ставка од 85% од наставници кои го користат само учебникот во реализирањето на целите на наставната програма, со средна просечна вредност од 3,5 во однос на исполнувањето на поставените цели од страна на тематските целини, симптоматична е причината зошто речиси само половина од нив сметаа дека целите на самата наставна програма и во II и во III година средно образование е можно да бидат постигнати преку учебникот и само преку учебникот. Во прилог на ова говорат методите преку кои наставата се реализира. Поточно, дискусијата како метод највисоко котира, со просек од 1,3 како најрелевантна за изведување на наставната програма, а дури потоа следуваат методите дебата и анализа на случај.

Токму затоа и висок е процентот на изјаснети во делот на потребата од изготвување на прирачник за наставници, изготвување на поимник во учебникот, како и во изготвување на христоматија, т.е. избор на изворни текстови од етичари со што би се поткрепиле ставовите и аргументацијата кога се анализира случај, текст или документи, а оттука и можноста за играње улоги и креирање на услови за бура од идеи кога се презентираат различните гледишта во етиката. Оправдување на овој став се наоѓа и во 35%, односно 30% од испитаниците кои засега користат секундарна литература, односно други учебници во реализацијата на наставната програма. Уште повеќе, и усните одговори и испрашувања и презентации се со степен од 95,2% и 85,7% во однос на проверката на знаењето кај учениците.

## 2.1.4. ЕСТЕТИКА

### *2.1.4.1. Структура на примерокот*

Анкетата која беше спроведена во рамките на овој проект, опфати 7 испитаници, во сооднос 71,4% жени (5) и 28,6% (2) мажи. Возрасната структура на испитаниците се движи од 30 до 60 години при што од 30-40 години – 1 еден испитаник или 14,2%; од 40-50 години – 3 испитаници или 42,9%; од 50-60 години – 3 испитаници или 42,9%, при ова евидентно е дека најголем

број испитаници припаѓаат на категоријата од 40 до 50 години (42,9%) и на категоријата од 50 до 60 години (42,9%). Оттаму, можеме да заклучиме дека кадарот е во т.н. зрела возраст и дека во последната декада скоро и да нема вработувања на непосредно дипломирани студенти по филозофија како средношколски професори!

Иако бројот од седум испитаници е мал, тој статистички е сигнификантен – бидејќи предметот „естетика" во средните училишта се изучува само во специјализираните средни училишта, како средното музичко училиште (едно во Скопје – МБУЦ и само неколку други во Р. Македонија), како и во средно стручното училиште во Скопје (насока – козметички техничар) и неколкуте сродни училишта во внатрешноста. Затоа добиените резултати можеме да ги сметаме за релевантни и применливи во однос на заклучоците кои произлегуваат од анализата.

Инаку, просечното работно искуство на испитаниците е 12,1 година. Поголемиот дел од нив (71,4%) се од други градови од Македонија, а помалиот број се од Скопје (28,6%). Од нив тројца се наставници во средните музички училишта (42,9%), додека другите четворица припаѓаат на средно стручните училишта (57,1%). При ова треба да се нагласи дека поради малиот одзив на професори кои предаваат на албански јазик (во случајот со предметот Естетика, сите 7 испитаници наставата ја реализираат на македонски јазик) не можат да се изведат поткрепени заклучоци во врска со изведувањето настава по Естетика на албански јазик.

### *2.1.4.2. Статусот на предметот во средношколскиот курикулум и фондот на часови*

Во овој дел од анкетата индикативно е дека сите испитаници (100%) сметаат дека предвидениот број на часови е доволен за да се реализираат наставните содржени од предметната програма. Но, она што е најинтересно е дека приближно е еднаков бројот на оние што сметаат дека треба да се зголеми фондот на часови (42,9%) со оние што сметаат дека тој треба да остане ист (57,1%), додека сите се согласуваат дека фондот на часови не треба да се намалува (100%) Ова нè води до заклучокот дека бројот на часови е соодветно определен и дека тој не треба се зголемува или намалува.

### *2.1.4.3. Цели на наставната програма по предметот и нивно остварување во рамки на програмата*

Согласно доминантните цели кои што предметната програма по Естетика треба да ги оствари, испитаниците нив ги рангираа според значајност (1 – најзначајна, 8 – најмалку значајна цел) на начин прикажан во Табела 21.

*Табела 21.* Цели што треба да ги оствари предметната програма по предметот Естетика

| | Цели | Просек |
|---|---|---|
| **1.** | Преку различни естетички пристапи да се формираат сопствени естетски вредности, чувства и доживувања | 2,7 |
| **2.** | Оспособување за самостојно и креативно мислење | 3,3 |
| **3.** | Стекнување на вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава | 4,2 |
| **4.** | Развивање на сопствена креативност во творењето | 4,3 |
| **5.** | Стекнување знаења од областа на естетиката | 4,4 |
| **6.** | Развивање и поттикнување на критичко мислење; | 4,5 |
| **7.** | Поттикнување на духовна самостојност и отвореност за други гледишта | 6,2 |
| **8.** | Развивање на способност за издржан и толерантен дијалог | 6,4 |

Од овие резултати може да се заклучи дека како најзначајни цели на предметот Естетика, според мислењето на испитаниците, се издвојуваат следниве цели: (1) преку различните естетички пристапи да се формираат сопствени естетски вредности, чувства и доживувања (просек – 2,7); (2) оспособувањето за самостојно и креативно мислење (просек – 3,3); додека, безмалку, подеднакво се вреднуваат како средишни вредности: (3) стекнувањето на вредности нужни за развој на свесна и одговорна личност и граѓанин кој промислува, делува и создава (просек – 4,2); (4) развивањето на сопствена креативност во творењето (просек – 4,3); и (5) стекнувањата на знаења од областа на естетиката (просек – 4,4). Од друга страна, најниско се вреднуваат:

(6) поттикнувањето на духовна самостојност и отвореност за други гледишта (просек – 6,2) и развивањето на способноста за издржан и толерантен дијалог (просек – 6,4).

Уште повеќе, кога овие резултати ќе ги поврземе со резултатите од прашањата за нивото на кое секоја од тематските целини од која се состои предметната програма ја исполнува секоја од наведените цели (од скала од 1-5; 1 – најмал, 5 – најголем степен) ја добиваме генералната оценка од 3,5.

Во поглед на прашањето дали е потребно постоење на специјализиран учебник по предметот Естетика, сите што одговориле на ова прашање (100%) сметаат дека е нужно потребно постоењето на соодветен учебник по предметот Естетика. Од семинарот со фокус-групата по *естетика* скоро сите наставници го истакнаа како нужно постоењето на ваков учебник кој многу би им помогнал во изведувањето на наставата по предметот Естетика во средните музички училишта. Овде треба да се истакне дека двајца испитаници не одговориле на ова прашање, веројатно зашто за предметот Естетика во средно стручното училиште (насока – козметички техничар) постои учебник кој е соодветен на програмата и е од доменот на практичната естетика!

Оттука, нужно се изведува ***заклучокот*** **дека е потребно, под итно, Министерството за образование и Бирото за развој на образованието да иницираат конкурс за подготовка и пишување на учебник по предметот Естетика врз основа на постојната програма за IV година за средно музичкото образование**, кој откако ќе заврши, во со закон утврдената процедура, би се отпечатил и дистрибуирал до наставниците и учениците за да можат во наставата да се остваруваат резултати на потребното ниво и за може да се подобри реализирањето на самата наставна програма. Дотолку повеќе што предметот Естетика е еден од предметите предвидени во државната матура, а таа, за жал, со години се изведува без постоење на соодветен учебник за средношколците, но, за среќа, врз основа на залагањето на самите наставници, резултатите од државната матура се со години на прифатливо ниво, со средна вредност помеѓу 3,5 и 4.

### *2.1.4.4. Корелација на содржините од предметот со други наставни предмети*

Резултатите од прашањето од кои други предмети учениците покажуваат најмногу предзнаења на часовите по Естетика се прикажани на Табела 22.

*Табела 22*. Покажани предзнаења од други предмети на часовите по предметот Естетика




Од резултатите може да се забележи дека најмногу доминираат предзнаењата од општествените и хуманистичките науки, додека предзнаењата од природните науки се во голема мера занемарени, што е и разбирливо со оглед на фактот дека средните музички училишта, како и стручното училиште за образовен профил козметички техничар, најмногу се насочени кон практичната дејност и кон музичката уметност, ликовната уметност и воопшто кон уметностите и убавината.

## *2.1.4.5. Интересирањето за наставните содржини и степенот на нивно совладување од страна на учениците*

Според одговорите на прашањето за која тематска целина учениците најмногу се интересираат (со рангирање на темите од 1-6; 1 – најмногу, 6- најмалку), испитаниците ги рангирале темите на начин прикажан во Табела 23.

*Табела 23*. Тематски целини за кои учениците најмногу се интересираат на предметот Естетика




Од самите резултати може да се види дека учениците најмногу се интересираат за темата „Вкусот и оценката“ и „Уметничко дело“, а најслаб интерес прикажуваат за темата „Што е уметноста?“.

Во однос пак на прашањето за кои проблемски теми учениците најмногу покажуваат интересирање за дискусија, на прво место се наоѓа темата „Уметничкото и естетското доживување“ (100%), потем следуваат „Креативноста“, „Уметноста како игра“ и „Уметникот како творец“ (сите по 60%)

додека на последното место се наоѓа темата „Битието и појавата на уметничкото дело“ (0%). Ова покажува дека интересот на учениците е далеку поголем во однос на процесот на рецепцијата и доживувањето на уметноста (музиката), а помал во однос на класификациите и спекулативните анализи на битието на уметничкото дело.

Ова може делумно да се потврди и преку резултатите добиени како одговор на прашањето до која мера учениците ги совладуваат наставните содржини според Блумовата таксономија. Резултатите покажаа дека вкупниот просек изнесува 3,1, односно дека повторно најдобро се оценува темата „Вкусот и оценката“ која е на прво место со средна вредност од 3,4, додека на најниската граница од вреднувањето е „Историјата на естетичките идеи“ со просечна вредност од 2,8. Интересен е фактот дека распонот на совладување на наставните содржини статистички се движи во мал распон од 2,8 до 3,4 што покажува дека скоро сите содржини се безмалку подеднакво совладливи.

### *2.1.4.6. Методи, средства и начини за подготовка и реализација на наставата, проверка на знаењата на учениците и потреба за дополнување на постојните материјали*

Евидентно е нагласувањето на неколку елементи во делот на материјалите со кои се реализира оваа наставна програма. Иако постои висока ставка од 100% од наставници кои користат книги од областа на естетиката (што е разбирливо поради непостоењето на учебник по естетика), сепак, мошне висока е ставката и за користење на електронски извори (интернет сајтови, CD-a, едукативни софтвери/платформи – 85,7%). Ова говори дека наставниците се насочени кон дополнителни извори на информации и кон сопствена креативност во подготовката за реализација на наставната програма.

Во прилог на ова говорат и средствата преку кои наставата се реализира. Аудио/видео презентација/проекција 100%, но и Интернет истражувањата – 71,4%, како и Power-point презентацијата – 14,3%. Ова говори за висок степен на користење на ИК технологии во наставата што, секако, е за поздравување. Овој факт ја нагласува потребата од натамошно засилување на користењето на можностите на современата информатичка технологија и на новите форми на електронско учење со кои се постигнуваат подобри резултати.

Од друга страна, кога станува збор за тоа кои методи најмногу се користат во предавањето на предметот Естетика, се утврдува дека највисоко

котираат „дискусијата", „работата во групи", „фронталниот метод", „бурата на идеи" и „есејот"– со просек од 71,4% како најрелевантни за изведување на наставната програма, а дури потоа следуваат дебатата и „истражувањето (ученичките проекти)" – 57,1%, додека најмалку се користи „играта на улоги"– 14,3%.

Сумарно, доминираат интерактивните (дискусија, работата во групи и бурата на идеи) и послободно структурираните методи со што се негува слободата и креативноста, иако подеднакво силно се застапени и фронталниот метод и есејот како начини за поефективно пренесување на наставните содржини.

Во поглед на процентната распределба на видовите часови предвидени за предметот Естетика во учебната година, според резултатите од анкетата најголемиот дел, 50% треба да биде посветен на часови за предавање, 26% на часови за повторување и 24% на часови за слободен избор.

Резултатите од одговорите на прашањето за методите со кои се проверува знаењето на учениците се прикажани во Табела 24.

*Табела 24*. Методи кои најмногу се користат во изведувањето на предметот Естетика



Последниот корпус прашања во анкетата се однесува на потребата од воведување на учебник по Естетика, кој е нужно потребен за успешно реализирање на наставата, но и за изготвување на прирачник за наставниците кој би произлегувал од овој учебник. Висок е процентот на испитаниците кои се согласуваат со овие барања и потреби (80%), при што се смета дека овој учебник треба да биде одлично дизајниран и со многу колор илустрации (85,7%) – што е разбирливо зашто станува збор за учебник од областа на естетиката и на уметностите. Висок е процентот на изјаснети во делот на потребата од изготвување на прирачник за наставници (80%), изготвување на поимник во учебникот (80%), како и во изготвување на хрестоматија (100%), т.е. избор на изворни текстови од естетичари, композитори, музичари и уметници со што би се поткрепиле ставовите и аргументацијата кога се анализираат зададените теми, а оттука и можноста за играње улоги и креирање на услови за бура од идеи кога се презентираат специфичните гледишта од областа на естетиката. Згора на тоа на прашањето дали е потребно предметот Естетика покрај училиштата за средно музичко образование, да се воведе како *задолжителен* предмет и во училиштето за средно уметничко образование, сите испитаници во целост (100%) се согласуваат дека тоа, навистина, *е потребно и нужно*. Исто така, едногласно се предлага (100%) предметот Естетика, да се воведе и како *изборен* предмет и во гимназиите, а во рамките на дополнителните коментари, забелешки и предлози во врска со темите од овој прашалник испитаниците со право потенцираат дека е потребна „помош“ од страна на надлежните институции во контекст на реализирањето на предметот Естетика а најмногу во контекст на потребата од постоење на учебник по предметот Естетика за средните музички (и уметнички) училишта.

## 2.2. ФОКУС-ГРУПИ

Со цел да се надополни квантитативната анализа спроведена преку анкетата со квалитативно истражување, на семинарот за наставници беа спроведени 4 фокус-групи, соодветно за секој предмет. Преку фокус-групите на понепосреден начин беше спроведена структурирана дискусија за клучните

содржини на предметните програми[11]. Во продолжение следуваат резултатите од секоја фокус-група одделно.

### 2.2.1. Фокус-група - Филозофија

**Цел:** Евалуација на предметната програма по предметите **Филозофија (задолжителен предмет)** и **Филозофија (изборен предмет)**.

**Структура**: 9 учесници; двајца модератори и еден студент кој го снимаше/прибележуваше одговорите; одржана во библитеката на Институтот за филозофија.

**Целта** на оваа фокус-група во рамките на семинарот од проектот беше да се споделат најважните впечатоци, проблеми, предизвици и идеи за нивно можно решавање во врска со предметот Филозофија како задолжителен и како изборен.

**Главните теми** беа содржините на предметните програми по обата предмета – **проблемите на преобемноста на материјалот и несоодветната позиционираност на предметите**.

Така, сите учесници забележаа дека подобро би било Филозофија да се изучува барем две години (посочувајќи го примерот со Р. Бугарија, но свесни дека пет години изучување би биле неизводливи). Изучување во две години е подобро затоа што нуди поголема систематичност во пристапот на материјата. Сегашната програма е таква што се очекува преобемен материјал да се совлада во многу кратко време. Додатен проблем е што се работи за материјал што им е сосема нов на учениците, за кој немаат соодветна терминологија, затоа што содржи теми и проблеми со кои тие за прв пат се среќаваат.

Начини на кои би можело ова да се изведе:

Кога Филозофија би се изучувала како задолжителен предмет две години, по два часа неделно, би имало доволно време за тематските единици и проблемите соодветно да се распоредат, за да се постигне систематичност во изучувањето.

Дел од учесниците предложија ова да се изведе, така што во првата година на изучување (трета година од средното училиште), ќе се примени

---

[11] Види: Прилог бр. 5.

историски пристап со по три часа неделно, а во втората година на изучување (четврта година), проблемски пристап со по два часа неделно, за учениците да имаат време да развијат способност за аргументација, за размислување и разговарање за филозофските проблеми.

Сепак, најголем број од учесниците сметаат дека треба да се постапи обратно: со оглед на тоа што проблемот со совладувањето на терминологијата и постапното запознавање со филозофските проблеми би се елиминирал, доколку прво се слуша проблемски пристап кон филозофијата, а потоа историски пристап, предлагаат решение во кое прво ќе се слуша една година проблемски пристап (учениците ја совладуваат терминологијата, основните концепти, поимниот и категоријалниот апарат, основните проблеми во посебните филозофски дисциплини), а потоа, следната година, историски пристап (учениците ги применуваат концептите во совладувањето на филозофските ставови, системи, автори и школи низ историјата на филозофијата). Ова, се согласија учесниците, би било поинтересно за учениците, бидејќи тие би препознавале концепти од одредена проблематика и нивните решенија во одредени етапи од историјата на филозофијата, што би го поттикнувало нивното критичко, креативно и дискурзивно мислење.

Ваквата поставеност – една година проблемски пристап и една година историски пристап ќе овозможи постепено, неоптоварено и широкоопфатно запознавање со филозофијата, а со тоа и градење на поимен апарат, способности за аргументирање, креативно и критичко мислење, соработка, слобода и одговорност, како и други вештини и интелектуални доблести, што во тој случај би кореспондирале со целите на предметите, што во сегашниот распоред е речиси невозможно.

Сите учесници се согласија во врска со постоењето на проблемот на паралелното изучување на задолжителниот предмет со историскиот пристап, и изборниот предмет со проблемскиот пристап. Ова значи дека учениците кои одбрале Филозофија како изборен предмет, во првото полугодие слушаат за автори, традиции и проблеми кои во задолжителниот предмет на ред доаѓаат дури во второто полугодие (на пример – во изборниот предмет се учи за проблемот на битието, и се споменуваат ставовите за битието кај Декарт, Лајбниц и Спиноза, а овие автори се изучуваат дури во второто полугодие), што предизвикува конфузија и несигурност кај учениците. Кога историјата на филозофијата би се изучувала цела година <u>после</u> проблемскиот пристап кон филозофијата, учениците би биле подготвени со категоријалниот апарат и

начините на филозофското мислење, и би можеле да ги разбираат во контекстот на историскиот развој на филозофијата, но и да ги применуваат во конкретните проблеми од животот и светот, што сега е невозможна задача.

Материјалот е конфузен, има премногу информации (од сосем нов вид и претходно несретнати при изучувањето на другите предмети), има време само да се нафрлат факти и информации што нема да бидат задржани во способност за анализа и синтеза. Повеќето учесници забележуваат видлива збунетост кај учениците поради преобемноста и преголемата комплексност поради краткото време на изучување на филозофијата. Во четврта година, покрај ова, учениците се зафатени со подготовките за државната матура и не се мотивирани да совладуваат толку обемен материјал, иако тој материјал ги подготвува за правилно мислење, донесување заклучоци, за праведно и одговорно однесување итн. Ако само трескавично се учат информациите, тогаш се губи од вид поентата на предметот – да ги оформи учениците во свесни и разумни индивидуи со способност за критичко мислење, анализа и синтеза и други вештини за снаоѓање во интелектуалните и секојдневните сфери.

Додатни забелешки на дел од учесниците беа дека материјалот во историскиот дел треба да се распореди така што темите што на учениците им се најинтересни да се изучуваат потемелно. Премногу се обрнува внимание на средновековната филозофија, премалку на современата. Исто така, поради тоа што фокусот е на историскиот развој (во задолжителниот предмет), недостасува поголема концентрација на теми релевантни за денешницата, и општо, за битието луѓе – теми од етиката и естетиката.

Изборниот предмет, покрај проблемот на дискрепанца во материјалот со задолжителниот, страда и од недостаток на материјали за учење. Учениците немаат како да учат, да се потсетуваат на проблемите разгледувани на часовите, а со тоа не можат задоволително да се подготвуваат за конзистентно совладување на содржините. Поради недостатокот од материјали, на часовите се скока од содржина на содржина, и не постои конзистентност во рамките на учењето – разлики се јавуваат од клас до клас, од училиште до училиште, во зависност од тоа кој професор како одбрал да се снаоѓа во самостојното снабдување на учениците со квалитетни и соодветни материјали за учење.

Што се однесува до фондот на часови, проблемската Филозофија би било доволно да се работи два часа неделно, а со оглед на обемот на историскиот дел од филозофијата би требало да се работи повеќе од три часа

неделно, а најдобро четири часа (ако, пак, се крати програмата за да биде доволно да се опфати сиот материјал во три часа неделно, треба да се внимава да се задржат и прошират релевантните делови за учениците).

**Следна тема** беше **проблемот на учебниците** (македонски и албански јазик).

Учебникот по кој се изведува наставата не е ни по еден стандард изработен за средношколци, забележаа сите учесници: има премногу непотребни информации, обемни лекции од по десет страници кои предизвикуваат одбивност кај учениците. Решение би било да се напише нов учебник, дури би било пожелно и да има поголем избор на учебници како што има во Србија, Бугарија и сл.

Во учебниците треба да се вметне живописност, повеќе бои и слично, да се намали обемот и да се селектира она што е најважно да се изучува, и тоа да биде понудено на достапен јазик, со обрнато внимание на потребата од совладување на терминологијата и на концептуалниот апарат на филозофијата.

Учебникот по кој се изведува наставната програмата на албански јазик, забележаа неколку учесници, не соодветствува со предметната програма: некои делови кои ги има во предметната програма, недостигаат во учебникот. Ова претставува проблем за наставниците, кои самите (и повторно, неконзистентно, и со варирање од наставник до наставник, од клас до клас), да ги пополнуваат тие празнини. Покрај ова, на државната матура прашањата се во согласност со програмата, што значи има прашања што не се опфатени од материјалот од учебникот. Како можно решение би било да се преведе веќе постоечкиот учебник по филозофија на македонски јазик, или, ако тој се менува, да се преведе, за сите да учат по иста програма и ист учебник.

Неколкумина забележаа дека и во учебникот на албански јазик, покрај тоа што недостасуваат наставни теми потребни и за матурата, недостасуваат современите филозофи, чие вметнување би можело да се изврши на сметка на дел од средновековната филозофија.

Сите се согласија дека кога станува збор за учебникот по филозофија, треба да се обрне внимание материјалот да се изучува постапно, а не да се протрчува низ темите, да се обрне внимание кои теми им се интересени на учениците, и тие да бидат пообемни отколку што се сега, и да се обрне внимание на бројот на часови потребен да се постигне сето тоа на систематичен начин што нема да ги одбива учениците, туку ќе ги привлекува и поттикнува.

Особено треба да се обрне внимание, повторно беше нагласено, на потребата од основна терминологија и поимен апарат, за предметот и информациите воопшто да имаат полза.

На **темата** околу прашањето за тоа **колку од поставените цели во предметната програма се исполнуваат**, односно околу тоа **дали вештините наведени во целите на програмата може да бидат остварливи во реалноста** (на пример, од ученикот се очекува да биде способен да промислува, да знае критички да размислува, да анализира?), сите учесници се согласија дека поради преобемноста на материјалот и бројот на часови, учениците учат само фактички податоци, знаат само да интерпретираат туѓи ставови, не доаѓаат до степен на самостојни анализа, синтеза и примена на споредените ставови и проблеми во конкретни случаи/теми.

Можно решение, со оглед на тоа што и дел од професорите не умеат правилно да аргументираат, ниту, доколку имаат знаења, имаат време да им ги пренесат на учениците, е дополнителна обука на професорите за правилно аргументирање. Сите учесници се согласија дека највисока цел е да се достигне филозофска култура, преку развиток на критичка мисла, умеење правилно да се анализира текст и говор, и праведно и со почит да се соработува. Беше забележано дека она што сакаме да го постигнеме како општество е неизводливо без тие темелни знаења во врска со поимниот апарат, аргументацијата, одговорноста, и темелните доблести на личноста и на дејствителот во општеството. Презривото „не филозофирај!“, употребувано кога во јавната (а и приватната) сфера некој сака да замолчи некого кој изнесува одредени аргументи треба да се замени со охрабрувачко и гордо „филозофирај!“, затоа што само така ќе има свесни индивидуи, подготвени за разговор, способни да се соочат со непознатото, со разликите, подготвени да учат, да распознаваат, правилно да заклучуваат, точно да се изразуваат, и морално правилно да постапуваат, и да успеваат во нивните интелектуални опфати и општо, во сите аспекти на човекувањето.

Додатни **теми**/забелешки се однесуваат на **логистичките проблеми со матурскиот испит, недоволноста на часовите по слободен избор и примената на современите технологии** во совладувањето на предметот Филзофија.

Во врска со матурскиот испит, проблем е што понекогаш ,,клучот" од одговорите на прашањата на матурата е погрешен. Прашањата за матурата на албански јазик се преведени буквално, со што не се целосно точни, и пре-

дизвикуваат конфузија кај учениците кои полагаат. Часовите по слободен избор би требало да бидат претстава на суштината на тоа што значи да се изучува филозофијата: слобода, одговорност, избор, индивидуалност и само-унапредување. Проблемот е што невозможно е да се изведуваат, поради преобемноста на материјалот. Доколку се скрати од материјалот, ќе има повеќе време за часовите по слободен избор, но ќе страда совладувањето на предвидените содржини. Сите учесници сметаат дека изборните часови дозволуваат повеќе слобода за професорот, и треба да се користат за она што им е најдостапно и интелектуално најпредизвикувачко и најкорисно на учениците. Со оглед на тоа што во методите на наставната програма овие можности се предвидени, би било одлично доколку би можело да се применуваат и во пракса: понекогаш да се излегува од монотоноста на училницата, да се посетуваат изложби и други културни настани (театар, кино), да се гледаат филмови што поттикнуваат на филозофско размислување, и, доколку учениците пројавуваат интересирање, да се оформуваат и филозофски секции.

Во време на пост-вистина, лажни вести и стварност во која често тешко се разликува вистината од сатиричното прикажување, особено е важно кај учениците да се развива интернет-освестување, односно да се сензибилизираат за проценување на тоа што е вистинита информација, што лага, што претставува извртување на фактите, а што нивна интерпретација. Ова значи учениците да се оспособат за критичка анализа на информациите од светот што ги опкружува, за да умеат да градат информирани, но автономни ставови околу прашањата што нè засегаат. Неколкумина предложија дека за да се формира критичка дистанца кон она што учениците го читаат, односно да се оспособат да оценуваат кои информации им се потребни, вистинити, подложни на анализа и слично, треба на учениците да им се дава домашна задача за користење на извори од интернетот. Така, може да биде домашна задача да се истражи на интернет за некој конкретен филозоф, и да се совлада точното наведување на извори што биле користени (како и да се совлада разликувањето меѓу прифатливи и неприфатливи извори, степените на релевантност, објективност и слично).

**Најважните работи што се научија од оваа Фокус-група**:

Заедничкиот став на сите учесници за преобилноста на материјалот по предметот Филозофија (задолжителен).

Ставот на учесниците за дискрепанцата во материјалот по задолжителниот предмет и по изборниот предмет (материјалот што се изучува во првото полугодие по изборниот предмет се изучува дури во второто полугодие на задолжителниот предмет, што предизвикува конфузија кај учениците кои немаат соодветни познавања).

Можно решение: да се совлада терминологијата, поимниот апарат, начините на филозофско мислење и главните проблеми во филозофијата, а потоа главните ставови на филозофите, школите и епохите во историскиот пристап кон филозофијата, така што Филозофија ќе се изучува како задолжителен предмет во две учебни години, почнувајќи со проблемски пристап и продолжувајќи со историски пристап. Така ќе има доволно време за систематично и темелно изучување на материјалот на начин достапен на учениците.

Терминологијата и проблемите на филозофијата им се сосема нови на учениците, кои не се сретнале со нив на другите предмети, затоа, треба да се обрне внимание на темелно изучување, а не само нафрлање на информации и најповршно учење на основните факти. Во програмата и во учебникот да се обрне внимание на потребата од совладување на филозофската терминологија, поимен и категоријален апарат, за потоа да се совладуваат главните проблеми на филозофијата, и ставовите на клучните мислители и школи. Поентата на филозофијата, покрај совладувањето на знаењата, е да ги оспособи учениците правилно да размислуваат, да донесуваат заклучоци, да аргументираат, да соработуваат, добро да постапуваат и да бидат свесни, ангажирани, одговорни индивидуи. Ваквата поставеност на предметите и преобилноста на материјалот не дозволува овие цели да бидат постигнати.

Материјалот треба да се „осовремени“.

Учебникот треба да не биде толку обемен, со толку долги лекции со премногу информации, туку достапен за учениците, со тоа што прво ќе им ја нуди соодветната терминологија, а потоа сите корисни информации од предметот. Повеќе слики, сликовни и схематски прикази може да помогнат, наместо премногу сув текст. Материјалот во учебникот треба да биде постапно изложен, за да може постепено и кохерентно да се научи, а не да се протрчува низ темите, без постигнување на подлабоки знаења.

Зацртаните цели од предметната програма не се исполнуваат во ваквата ситуација на преобилност на материјалот и поставеноста на задолжителниот и изборниот предмет.

**Што беше неочекувано?**

Проблемот на недостасувачките тематски единици во учебникот по албански јазик.

Проблемите со прашањата на матурата (застапени прашања што ги има во програмата, не и во овој учебник).

Неконзистентноста во снабдувањето со материјали поради недостигот на какви било официјални материјали за Филозофија (изборен предмет) и потребата секој наставник да се снаоѓа самостојно и неповрзано со заедницата.

Немањето на можност за често организирање на часови по слободен избор, поради преобилноста на материјалот и малиот фонд на часови.

**Кои ставови беа особено корисни?**

Споделениот став за потребата Филозофија да се изучува во две години, и тоа прво низ проблемски пристап, а потоа историски пристап.

Неможноста целите на предметот да се исполнат во ваквата поставеност, но очекувањето дека со посистематично и потемелно изучување, овие цели би се исполнувале.

Неопходноста од осовременување на програмата, воведување на современи теми и автори, како и фрлање на повеќе акцент на прашања и проблеми од етиката и естетиката.

Потребата од нов учебник, и превод на тој нов учебник на албански јазик, за сите да учат од ист материјал, веќе кога полагаат иста државна матура.

Потребата од обука на наставниците околу способноста за аргументација, која, кога материјалот би се распоредил во две години, би можела соодветно да им се пренесе како вештина/способност на учениците.

“Не филозофирај!“ како навреда треба да се разбива во приватната и јавната сфера, и да се преиначи во „филозофирај!“, за да се градат свесни, чесни индивидуи способни точно да мислат, правилно да аргументираат и да се изразуваат, почитувајќи ги другите.

### 2.2.2. Фокус-група – Логика

**Цел:** Евалуација на предметната програма по предметот **Логика**.

**Структура**: 6 учесници; еден модератор и еден студент кој ги снимаше/прибележуваше одговорите; одржана во амфитеатар 4 на Филозофскиот факултет.

**Целта** на оваа фокус-група во рамките на семинарот од проектот беше да се споделат впечатоците од предметната програма, и проблемите, предизвиците и идеите за нивно можно решавање во врска со предметот Логика.

**Главните теми** беа **содржината на предметната програма**, **поставеноста на предметот**, **статусот на предметот Логика** и **општо, корпусот филозофски предмети**, и предностите и недостатоците на **учебникот**.

Од аспект на **содржината на предметот**, учесниците се согласија дека материјалот е преобемен за предвидениот број на часови, особено што голем дел од времето се одделува на совладување на терминологијата, со која учениците во ОХ подрачје се немаат соочено сѐ до четврта година. Половина од учесниците сметаат дека материјалот мора да биде претрчуван, поради преголемата амбициозност на програмата. Неколку учесници сметаат дека иако програмата ги опфаќа сите потребни теми и целини (и премногу, земена во практичен контекст на бројот на часови, комуникацијата на часовите и слично), треба да се направи рокада меѓу материјалот за дел од првото и дел од второто полугодие. Имено, материјалот од второто полугодие зафаќа теми поважни за запознавање на учениците со суштинските прашања од логиката отколку тој во првото полугодие. Ова не би било проблем кога овие клучни делови не би биле замислени за изучување во пролетта, кога учениците се подготвуваат за полагање на државната матура (поради што и полугодието е пократко).

Дел од учесниците сметаат учениците само ги учат на памет основните поими, логички категории и т.н., што не е лошо по себе, но проблем е што има време само за постигнување на тоа ниво.

Содржините што корелираат со други предметни програми (во смисла на други наставни предмети), треба да се задржат, за да може да се направи корелација и дистинкција, но дел од поклопувањата земаат премногу време, а суштински логичките подрачја остануваат недоволно темелно изучувани.

Еден учесник смета дека тематската целина за Јазикот и комуникацијата треба да се ревидира.

Решение на проблемот со поставеноста на материјалот позначаен за учениците во второто полугодие е она што веќе еден учесник го прави: да се направи рокада, и да се осигура дека сиот материјал ќе биде предаден и совладан на време, и тоа, позначајните теми од областа на логиката уште на почетокот на годината.

Решение на проблемот со терминологијата во брзото совладување на обемниот материјал би можело да биде користењето на работна тетратка, што би го дополнила градивото од учебникот и материјалот покриен на часовите.

Во врска со **поставеноста на предметот Логика**, неколку од учесниците потенцираа дека и самите ученици бараат тој (како и предметот Филозофија) да биде достапен во повеќе години, а не само во една.

Предметот Социологија, имаат впечаток учесниците, се наметнува над Логика и Филозофија, со што уште повеќе нивното место и општ статус се редуцираат на нешто „помалку важно".

Учесниците сметаат дека предметот Логика треба да се изучува задолжително во сите гимназии (како до пред петнаесетина години), и да биде задолжителен во стручните средни училишта што оспособуваат профили на кои би им бил извонредно корисен. Покрај ова, во гимназиите треба да се нуди во повеќе од една година, што го потврдува искуството од работата со учениците. Апсурдно е предметот да се нуди во само едно потподрачје од општествено-хуманистичката насока, затоа што логиката ја дава основата на главниот дел од предметите од природно-математичките насоки).

Во врска со **статусот на предметот Логика и општо, корпусот филозофски предмети**, учесниците од искуство тврдат дека кај учениците постои очигледно интересирање за филозофијата, но дека се соочуваат со следниве проблеми: општото мнение во општеството е дека „со филозофија (и логика) нема работа", па не се смета за корисен и добар избор; избирањето на насоките во средните училишта често оди „под притисок на блиските", па така, со оглед на силното лобирање за напредување во информатичко—технолошки кариери десетина години station наназад, големи групи ученици заедно одбираат природно-математички насоки (поттикнувани и од самите училишта); родителите не се во тек со тоа што се изучува во општественохуманистичките насоки, па безбедно им е да ги насочуваат своите деца на природно-математички насоки. Учесниците се свесни за интересирањето на

учениците за филозофија, што и искуствено се потврдува преку огромниот број на ученици што го одбираат предметот Филозофија за државна матура. Тинејџерската возраст на учениците совршено одговара со силното интересирање за проблемите од филозофијата и логиката, и штета е таквата искрена заинтересираност да не биде поттикнувана (туку, напротив, потиснувана и тоа од различни позиции). Покрај ова, веќе беше споменато, учесниците забележуваат растечко интересирање, затоа што со години добиваат коментари од учениците дека би сакале повеќе години да се изучува и Филозофија и Логика.

Иако проблемот на предностите и недостатоците на **учебникот** по предметот не е предмет на ова истражување, неминовно се наметнува во дискутирањето на предизвиците на предметната програма, затоа ќе бидат наведени главните забелешки. Според неколку од учесниците, овој учебник е подобар од претходните, во него е опфатено се што е суштинско за изучување на логиката на ова ниво, и се е добро систематизирано, и прецизно изложено. Сепак, учесниците сметаат дека треба да се поедностави терминологијата. Значи, како концепт е во ред, но терминологијата е премногу стручна и ја отежнува комуникацијата на часот, затоа што прво треба да се совлада поимниот апарат, и едвај останува простор за сето останато.

Дел од учесниците сметаат дека учениците не го прифаќаат учебникот поради терминологијата токму поради сложената терминологија. Еден од учесниците забележа дека поради тоа, за време на предавањата често го користи и учебникот од Јонче Јосифовски.

За учениците полесно да го разбираат и научуваат материјалот од учебникот (и општо, од предметната програма), неколку учесници предлагаат вториот дел од учебникот да се надополни со работна тетратка со вежби, и да се воведат што е можно повеќе примери, за материјалот да им стане што е можно подостапен за совладување. Еден од учесниците забележа дека подобро е да има учебник напишан од автори кои имаат искуство со работа со ученици, сметајќи дека преголемата амбициозност упатува на недоволно разбирање на контекстот на изучување на предметот (кога, со колку часови, претходната подготвеност на учениците, нивната возраст, корелацијата со нивните други знаења и т.н.). Еден од учесниците забележа дека прецизноста на учебникот и не е корисна доколку не помага во полесно совладување на материјалот, за што се потребни повеќе примери што ќе им го доближат материјалот на учениците.

Можно решение на сите овие проблеми, веќе кога се работи за добар учебник за кој не се смета дека треба да биде заменет, е додавање на учебно помагало, како тетратка за вежби, или работна тетратка, со што ќе се надминат, покрај проблемите на преголемата амбициозност на вториот дел, и проблемите со непознатата терминологија, и со недостигот од примери.

Додатни **теми**/забелешки се однесуваат на употребата на новите технологии во изучувањето на предметот, особено од аспект на вежбање на наученото; позитивните и негативните страни на таквите едукативни софтвери, и проблемот на непостоење на советник за филозофските предмети во Бирото за развој на образованието.

Електронски апликации што може да помогнат во изучување на логиката би можеле да бидат корисни (како што се покажуваат корисни во изучувањето на странските јазици и математиката, на пример), но учесниците забележуваат дека голем дел од младите се далеку пооспособени за работа со новите технологии од наставниците, и дека ова може да создава проблеми во комуникацијата; и дека поради таквата оспособеност може да се јави проблемот со употребата - или апликациите би им биле здодевни и бескорисни, или толку користени, што учениците би ги занемариле другите сфери на изучувањето и примената на предметот. Сепак, учесниците се согласуваат дека како и по другите прашања во врска со технологијата, и ова има и добри и лоши страни, и дека технологијата може да биде извонредно корисна, доколку ние ја контролираме неа, а не таа нас. Остануваат поделени мислењата на учесниците за примена на апликации за учење, токму поради амбивалентноста на технолошкиот развој.

Општиот статус на филозофијата и логиката во општеството се должи и на недоволната заштита што предметите од филозофскиот корпус ја имаат институционално ниво, односно на клучното место за нивно позиционирање, одржување и подобрување. Фактот што со години нема советник за филозофските предмети во Бирото за образование е поразителен. Може да се каже дека тоа го одразува општиот општествен став за филозофијата и логиката - дека се непотребни, не допринесуваат на пазарот на трудот и слично, но ова не е точно, затоа што позицијата што треба да ги штити и подобрува овие предмети треба да биде првиот бедем за нивна заштита, и уште повеќе, за нивно истакнување како суштински за развојот на личноста, мислењето, граѓанскиот ангажман и автентично човекување. Учесниците сметаат дека ова одамна

требало да биде надминато како проблем, но се надеваат во што побрзо решавање.

**Најважните работи што се научија од оваа Фокус-група**:

Општо програмата ги опфаќа сите теми и проблеми од логиката корисни за нивото на изучување, но се чини преобилна поради амбициозноста на темите, сложеноста на терминологијата, поставеноста на посложениот и логички порелевантен материјал во второто полугодие, наместо во првото, и високото ниво на јазикот во учебникот, кој инаку е добро конципиран, прецизно формулиран и широкоопфатен.

Овие проблеми би можеле да се надминат со примена на рокада – материјалот од второто полугодие да дојде во првото полугодие, и материјалот од учебникот да се надополни со уште едно учебно помагало, како работна тетратка/тетратка за вежби.

Самите ученици реагираат на недоволниот број на години на изучување на Филозофија и Логика, што значи, и Логика и Филозофија би требало да се нудат во две години од средното образование.

Логика треба да се изучува како задолжителен предмет во сите насоки на сите гимназии, како до пред петнаесетина години (апсурдно е да се изучува само во општествено-хуманистичките насоки, кога логиката е во основата на сите науки што доминираат во природно-математичките насоки), и во сите стручни училишта што подготвуваат ученици за профили што исто така ја имаат логиката во нивната основа.

Постои растечко интересирање за корпусот филозофски предмети кај учениците, отежнато од бројни фактори (ненудењето на предметите во курикулумот, немањето свест за важноста на овие дисциплини, немањето економска исплатливост, притисок во последните десетина години да се инсистира на информатичките технологии, и други).

Треба да се изработи и примени придружно учебно помагало за полесно совладување на материјалот од учебникот.

**Што беше неочекувано?**

Впечатокот на големата заинтересираност на учениците за корпусот филозофски предмети, наспроти сите фактори кои водат спротивно на исполнување на таквата заинтересираност.

Сосема малата застапеност на Логика во наставните програми (само во една насока од општествено - хуманистичко подрачје), наспроти поголемата застапеност во минатото (на пример, во сите класови во гимназија, пред поделувањето во подрачја).

**Кои ставови беа особено корисни?**

Добрите аспекти на учебникот и потребата да се дополни со учебно помагало од типот на работна тетратка/вежбанка.

Учениците самите реагираат на недоволната застапеност на филозофските предмети, што значи дека тие треба повеќе и пошироко да се застапат.

Сепак, постојаното лобирање, со години, да се одбираат природно-математичките насоки оди на штета на изучувањето на овие дисциплини (иако, ако се земе природата на природно-математичките насоки, би се очекувало Логика да биде вклучена во наставните програми).

Наставниците се чувствуваат незаштитено и запоставено поради немањето соодветен советник за корпусот филозофски предмети во Бирото за развој на образованието.

### 2.2.3. Фокус-група – Етика

**Цел:** Евалуација на предметната програма по предметите **Етика (II година)** и **Етика (III година)**.

**Структура**: 10 учесници; еден модератор и еден студент кој ги снима/прибележува одговорите; одржани во Предавална 8 на Филозофскиот факултет - Скопје.

**Целта** на оваа фокус-група во рамките на семинарот од проектот беше да се споделат најважните впечатоци, проблеми, предизвици и идеи за нивно можно решавање во врска со предметите Етика за II и за III година.

**Главните теми** беа **наставната програма**, нејзиното **надополнување,** т.е. **осовременување, позиционираноста на предметот Етика** во однос на другите предмети кои се изучуваат, и особено, **содржините на наставните програми** по двата предмета – **(не)соодветноста и преобемноста на материјалот (учебникот)**.

Од аспект на **концептот на наставната програма**, иако учесниците се согласија дека програмата по предметите, начелно, е во ред, сепак се јавуваат недостатоци како резултат на долгогодишното неосовременување, и поради устроеноста на програмата така што не ја претставува етиката како клучна за развојот на учениците, ниту како корисна дисциплина за изучување.

Наместо прецизно да се поставаат рамки според кои ќе помогнат во тоа учениците да се развиваат во автономни личности, во насока на откривање, прифаќање и примена на еден релативно добро изграден систем на вредности со кој ќе се водат, изучувањето на етиката се сведува на проучување на збир на материјали кои треба само да се совладаат во изучувањето на оваа дисциплина. Кон ова придонесува и фактот што програмите за предметите не нудат прецизни насоки за работа, со што се отвора простор за импровизација, што не секогаш значи и креативност во работата и учењето.

Поголемиот дел од учесниците сметаат дека она што е дадено во наставните програми и за двата предмета не нуди презентирање и изучување на етиката како нешто што е корисно за учениците. Ова пак, според нивното искуство, им дава за право на некои директори на училиштата да не го даваат предметот Етика како изборен, наоѓајќи оправдување во ставот дека се работи за ученици кои се тинејџери и не прифаќаат насочување, со што изучувањето на етиката ни би можело да им понуди ништо корисно. Со оглед на тоа што поентата на изучување на предметот Етика е токму во тоа да понуди насочување во моралните дејства и одлуки, во формирање и одржување на систем на вредности, и на примена на вредностите и правила во ситуации од животот, учесниците сметаат дека ова треба да се промени.

Можно решение на претставената некорисност на предметот, и на потребата од етичко насочување на учениците би било овозможувањето на работа во помали паралелки за да постои можност за индивидуална работа со учениците, која би била збогатена со поттикнување на емпатијата, гледање на филмови со етичка содржина и учествување во дебати за проблемите што се јавуваат. Ова би можело да биде надополнето со менторска работа, за да се истакне важноста на етиката во индивидуалниот развој на учениците во нивната формативна возраст.

Во врска со втората главна тема за која се разговараше на оваа Фокус-група, **поставеноста на етиката во однос на другите предмети**, учесниците го споделуваат ставот дека етиката треба да се учи во сите четири години од средното образование, или, во најмала рака, дека секој ученик мора барем

една година да учи етика. Затоа етиката треба да се воведе како задолжителен предмет во барем една година, или барем како изборен, но за сите четири години. Погрешно е акцентот да се става само на изучување на јазици и на изучување на природните науки, со што хуманистичките науки се ставаат на најдолно скалило. Природните науки, развојот на технологијата, сите елементи на современиот свет наоѓаат решенија за проблемите од нивните импликации во етиката. Во овој контекст, според дел од учесниците, ставот за повеќегодишно изучување на Етиката во средното образование е оправдан и со сознанието дека средните училишта се многу различни меѓу себе во однос на квалитетот на самите ученици и нивните капацитети за учење, но и однесување. Оттука, и нивото на разбирање и усвојување на материјалот е во директна релација со крајната цел - оспособување на активни, информирани, одговорни, слободни и толерантни граѓани, односно формирање на разумни, одговорни индивидуи свесни за нивната позиција во заедницата и во животот.

Сепак, најголем дел од времето беше посветено на **учебниците и другите наставни помагала** за изведување на наставата, тема што, иако не е во сферата на истражување на овој проект, неминовно се наметнува во дискусијата за подобрување на изучувањето на предметите. Затоа, како и во случајот со предметот Филозофија, ќе бидат наведени неколку клучни точки.

Речиси сите учесници го посочија добриот пример со учебниците од Р. Хрватска, во однос на слободата во изборот на учебниците што се користат во реализацијата на наставните програми, затоа што на тој начин се нудат различни концептуални рамки и приоди кон наставните целини поставени во програмите. Учесниците на релативно млада возраст, која носи со себе поголема креативност, особено реагираа на проблемот на идејното пакување на учебниците и пристапот кон наставните целини, односно на проблемот со несовременоста на учебните помагала.

Во дискусијата која се отвори во однос на нивото на кое се напишани и двата македонски учебника за II и III година, со особен интерес од сите учесници беше потенцирано дека тоа е веќе надминато и здодевно. Покрај депласираноста на понуденото (и очекувано од учениците) ниво, се јавува и проблемот на неразбирливоста на материјалот, односно, поскоро, неговата несоодветност за возраста (неразбирливост во смисла на тоа дека нејасно е зошто е понуден на таков начин).

Одреден број на учесници во фокус-групата сметаат дека учебниците не се соодветни за возраста на учениците, односно дека материјалот во истите

учебници се користи и во основните училишта (во шесто одделение) и во средните училишта. Едновремено, тие сметаат дека поради ограниченоста, учебниците не нудат начин на кој предметот и предавањата по предметот би биле интересни. Законски, наставниците мора да се придржуваат до учебникот и материјалите во нив, иако тие не го дозволуваат наставниците да зборуваат за етичките проблеми на денешницата. Придржувањето до програмата од учебниците ги спречува наставниците да разговараат со учениците за актуелните теми од општеството, со кои се соочуваат и во јавната и во приватната сфера (на пример, прашања за ЛГБТ заедницата, за сексуални и репродуктивни права, за проблемите на моралноста во глобализираниот свет, за разликите во културите и слично). Проблем е и што во предмет кој во својата суштина подразбира поттикнување на дијалог, на авторефлексија, и на споделување на ставови, концепции и решенија, во вака поставената програма, и понуденото од учебниците, не се предвидува разговор на наставникот со учениците, во врска со проблемите со кои учениците се соочуваат.

Можно решение на дел од овие проблеми би била промената на техниките и методите при предавањата, односно поттикнувањето на тоа учениците да се повикуваат и на лични искуства, односно да се охрабруваат учениците да споделуваат проблеми со кои се соочиле (или се соочуваат) во нивните животи, затоа што на тој начин учениците се најопуштени. Имено, учениците бараат повеќе пракса отколку теорија; затоа, со новите генерации треба да има и соодветни нови учебници и нови наставни методи со кои ќе се менува работата на наставниците. Во оваа насока, ставот се надополнува и со искуството на други наставници кои сметаат дека учениците повеќе бараат да видат и научат практично, отколку само да слушаат теорија. Се додава и дека учебниците за II и за III година повеќе се сконцентрирани на етиката во светот, а не на објаснување на етичките поими и што тие значат во секојдневниот живот. Во најблага верзија кажано, според еден од учесниците, учебниците ги опфаќаат општите идеи потребни за изучување на етиката, но учениците бараат повеќе разговор за темите. Покрај ова, конфузија создава тоа што во учебниците има премногу повторување од лекција во лекција.. Токму затоа и големото инсистирање на промена на учебниците или барем најмалку што може да се стори е промена на одредени делови, кои се однесуваат на преповторување на тематските целини од втора во трета година, но и на преповторувањето на материјалот од една во друга тематска целина.

Оттука, дополнително, се отвори прашањето и за користењето на работни тетратки и/или дополнителна литература. Поголемиот број на учесници во фокус-групата, согласно нивното искуство, истакнаа дека водењето на вежбите на часовите го прават преку приложување на лично искуство, но и преку користење на прирачници кои самите ги бараат на интернет и пробуваат дополнително да ги внесат во предавањата. Ова создава неконзистентност во употребата на материјалите и осмислувањето на вежбите, што значи и дискрепанција меѓу совладаниот материјал во различните класови и училишта. Токму затоа, најголем дел од учесниците инсистираат на можноста да се изготви и даде конкретен материјал по предметот Етика од МОН и БРО, во кој би биле вклучени и интересни анегдоти со кои ќе ги објаснуваат етичките поими.

**Најважните работи што се научија од оваа Фокус-група**:

Општата конципираност на предметните програми предизвикува перцепција на некорисност на предметот, а не пак клучност во формирањето на учениците во свесни и ангажирани индивидуи и граѓани.

Можно решение: да се промени оваа перцепција, така што: управниот кадар на училиштата ќе го нуди предметот поентузијастично; работата ќе биде во помали групи/паралелки, за да се овозможи индивидуален пристап кон учениците, и на тој начин да се покаже суштината на предметот: развој на систем на вредности кај учениците, поттикнување на емпатија, толерантност, одговорност, клучни вредности на морални дејствители и граѓани.

Сознанијата од етиката и клучните вредности важни за функционирањето во денешницата што се добиваат со разгледување на прашања од моралот мора да се стават на исто рамниште (иако, технички, се истовремено и подлежечки и поставени над) со другите природно-математички и јазички дисциплини, само така ќе се разбира развојот на светот и ќе се држи чекор со новите проблеми што се појавуваат со општествените текови, развојот на технологијата, и другите главни морални прашања на современието. Решението би било Етика треба да се изучува барем една година како задолжителен предмет, а да се нуди како изборен предмет во сите четири години на средното образование.

Учебниците треба да се осовременат, нивото да соодветствува на возраста на учениците, информациите да бидат релевантни и актуелни, со што ќе бидат корисни во животот и во развојот на учениците. Изучувањето на ети-

ката подразбира разговор, соработка, споделување на проблеми, теми, идеи и решенија, повеќе акцент треба да се стави на тој аспект од наставата. Во програмите и во учебниците треба да се вклучи можноста за повеќе дискусија, за реферирање на животни ситуации, и, особено, примена на етичките знаења во животните проблеми.

**Што беше неочекувано?**

Проблемот на перцепцијата и третманот на предметот, особено, во некои случаи од управата на училиштата. Ставот дека тинејџерите (учениците во втора и трета година) се во возраст во која не дозволуваат да им се влијае е спротивен на поентата и суштината на предметот Етика, и општо на воспитно-образовниот процес, кој треба да води кон подобрување, кон откривање на нови знаења и можности, и насочување на учениците да бидат свесни и корисни индивидуи и одговорни и ангажирани граѓани.

Проблемот на неконзистентноста на конципирањето и одржувањето на вежбите, поради непостоењето на работни тетратки.

**Кои ставови беа особено корисни?**

Во текот на наставата треба да се говори повеќе од лични искуства и да се охрабруваат учениците, затоа што на тој начин тие се најопуштени (а со тоа и најангажирани).

Учебниците ги опфаќаат општите идеи, но учениците бараат повеќе разговор за темите. Во учебниците има премногу повторување од лекција во лекција што буди забуна кај учениците.

Општата слика за предметот е погрешна, треба да се промени ваквата перцепција – ставот дека Етиката не може да помогне во осмислувањето не моралното дејствување е сосем во спротивност со етиката и поентата на образованието во формативната возраст.

### 2.2.4. Фокус-група – Естетика

**Цел:** Евалуација на предметната програма по предметот **Естетика**.

**Структура**: 7 учесници; еден модератор и еден студент кој ги снима/прибележува одговорите; одржани во Естетичка лабораторија.

**Целта** на оваа фокус-група во рамките на семинарот од проектот беше да се споделат најважните искуства и предизвици, но и идеи за за поквалитетна настава по предметот Естетика.

**Главните теми** беа **наставната програма**, и особено **непостоењето на соодветен материјал** за изведување на квалитетна настава по предметот Естетика.

Во рамките на фокус-групата за предметот Естетика, најпрво се дискутираше за наставната програма на предметот и тоа прво во кожарско – текстилната струка, и козметичките насоки во стручните училишта. При оваа дискусија, наставниците од овие училишта се произнесоа дека учениците без потреба учат преголем материјал по хемија, историја итн., а притоа немаат можност за изучување на предметите како историја на уметноста и естетика. Затоа, учесниците инсистираат на задржување на овие предмети, со евентуална промена на името на предметот за насоката козметички техничар во „Применета естетика“ (со оглед на целта и содржината на предметот). Наставната програма по Естетика во музичките средни училишта страда од застареност и непостоењето на соодветни придружни материјали. Затоа, учесниците го ставија акцентот на потребата од пронаоѓање начини за подобрување на програмата и наставата, особено од аспект на материјалите за работа.

Материјали недостасуваат не само за професорите, туку и за учениците, а поголем дел од нив полагаат матура, што значи дека имаат потреба од материјали по кои ќе се подготвуваат. Во оваа смисла, како што потенцираа дел од учесниците, во реализацијата на наставната програма се препуштени сами на себе: сами да подготвуваат материјал во форма на мали скрипти со претходно селектирана содржина, согласно она што самите тие сметаат дека треба да се изучува по предметот. Ова предизвикува неконзистентност во пристапот, а со тоа и разлики во подготвеноста на учениците. Така, според исказот на учесниците, во скриптите што самите ги спојуваат, има вклучено и лекции или целини за кои сметаат дека се суштински за предметот, извадени од дела од различни извори. Наставниците самите работат на нивните сопствени скрипти поради сѐ поголемото интересирање за материјалот по предметот, очигледно во последните генерации. Ова интересирање е добар знак за насоченоста на учениците, но треба да му се пристапи со конзистентен пристап на широкоопфатен и актуелен материјал, што уште повеќе ќе им го поттикне интересирањето.

Во оваа смисла, како што беше потенцирано, застареноста на наставната програма и недостигот од учебник според кој се реализира, отвора можности за покреативни, но индивидуални решенија во изведувањето на наставата. Според поголемиот дел од учесниците во оваа фокус-група, креативните решенија за задржување и поттикнување на големото интересирање на учениците за предметот се изведува преку посети на различни музеи, што претставува нешто што е есенцијално за предметот (како што е и одредено во методите на самата програма). Но, како што констатираа учесниците, ова, од друга страна, е и пречка, затоа што во одредени градови освен постоењето на театар, нема други културно - уметнички центри, па оттука наставниците се препуштени сами на себе да организираат настани. Повторно, ова е одличен начин за работа на предметот, но е оставено на индивидуалниот ентузијазам, и предизвикува импровизации, потенцирајќи ја нееднаквоста во можностите во различните културни средини.

# 3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ

## 3.1. Генерални заклучоци што се однесуваат на секој предмет поединечно

### 3.1.1.Филозофија

Во продолжение следуваат главните заклучоци и препораки за теориска и практична надградба за предметните програми по задолжителниот и изборниот предмет Филозофија.

1. Бројот на часови предвидени за изучување на филозофијата (и како задолжителен и како изборен предмет) во една учебна година се покажа дека е релативно доволен за спроведување на содржините во предметната програма. Оваа ситуација блиску кореспондира со бројот на часови предвидени за изучување на филозофијата во останатите земји, освен во Р. Бугарија, каде се одвоени многу повеќе часови (гледано од аспект дека се изучува 5 години) во средношколскиот курикулум. Сепак, поголем дел од мислењата на испитаниците од фокус-групите покажаа дека **изучувањето на филозофијата треба да се реализира во две учебни години**. Еден предлог наведен во фокус-групата, за кој се сложија повеќемина, сугерира **изборниот предмет Филозофија да добие статус на задолжителен предмет во сите гимназиски насоки**. Соодветниот редослед би бил прво филозофијата да се проследи низ проблемскиот пристап, а потоа низ историскиот пристап. Така, препораката е во III година да се изучува т.н. „проблемска филозофија“, а во IV година т.н. „историска филозофија“. На тој начин ќе се надмине и дискрепанцијата што се јавува во материјалот по задолжителниот предмет и по изборниот предмет (материјалот што се изучува во првото полугодие по изборниот предмет се изучува дури во второто полугодие на задолжителниот предмет, што предизвикува конфузија кај учениците кои немаат соодветни познавања).

2. Според компаративните анализи, речиси во сите национални курикулуми (освен во Р. Србија), предметот Филозофија се спроведува и во стручните училишта. Во таа насока е и нашата препорака - **предметот Филозофија да се воведе и во стручните училишта**.

3. Надградбата на предметната програма во поглед на целите би можела да се движи во насока на **потенцирање на важноста на развивањето и поттикнување на толерантен дијалог, развивање и поттикнување на дискурзивното мислење и поттикнување на духовна самостојност и отвореност за други гледишта**, цели за кои испитаниците посочија дека најмалку се остваруваат. И покрај тоа што просечниот степен на совладување на наставните содржини за сите наставни целини и за двата предмета е релативно висок, сепак загрижува тоа што многу малку тематски целини се доближуваат до нивото на нивна *анализа, синтеза и вреднување* (највисокиот степен на совладување на материјалот според Блумовата таксономија**). Треба да се инсистира на контекстуализација на наученото, примена на информациите, способности за примена на совладаниот материјал во примери од понатамошното учење, рефлексијата во разни сфери од животот, и општо комуникацијата во стварноста**. Учениците треба да учат не само информации, туку, многу поважно, да анализираат, синтетизираат и применуваат во контекст.

4. **Содржините на задолжителниот и изборниот предмет треба да се „осовременат“**. Филозофијата е дисциплина која треба да одговори на прашањата кои го мачат современиот човек и затоа треба соодветно да ги третира. Во спротивно ќе се затвори во историцизмот, а учениците нема да бидат оспособени за аргументиран и информиран дијалог за важни прашања поврзани со нивната реалност. Поопсежно да се обрне внимание на **филозофија на науката, филозофија на политиката, филозофија на јазикот, филозофија на правото, биоетика, современи теми од областа на естетиката**, итн. Со оглед на тоа што учениците најмногу покажуваат предзнаења од општествените и хуманистичките науки, а предзнаењата од природните науки се релативно занемарени, предложуваме во идната надградба на предметната програма таа да се прошири и продлабочи во овој сегмент и да се вклучат содржини кои ќе реферираат на **филозофските аспекти на достигнувањата во природните науки** (филозофија на науката, филозофија на умот, филозофија на биологијата, итн.).

Во предметните програми на Р. Хрватска, Р. Црна Гора, и Р. Бугарија, на различен начин е оставена **можност да се избере тема која подетално ќе се обработува во текот на учебната година**. Тоа е еден начин на кој би можело подлабински да се навлезе во одредени филозофски проблеми. Треба допол-

нително да се испита дали оваа опција може да се изведе од организациски аспект.

5. Во однос на поединечните содржини, со оглед на одговорите добиени од анкетата, препорачуваме **ревидирање на тематската целина „Средновековна и ренесансна филозофија“** во предметната програма по задолжителниот предмет Филозофија, **и тематската целина „Човекот и творештвото“** во изборниот предмет Филозофија. Исто така, **содржините во уводните тематски целини кај двата предмета треба да бидат ревидирани**. Препорачуваме **тематските единици посветени на просветителската дејност на Св. Кирил, Св. Методиј и Св. Климент Охридски**, како и **тематските единици посветени на значајни локални мислители**, особено во изминатиот век, кои претставуваат специфика само за македонската предметна програма, **да не се изземаат** од содржината.

6. **Користењето на можностите на современата информатичка технологија** и новите форми на електронско учење треба поинтензивно и посистематски **да се поттикнуваат**.

7. Прилично едногласни одговори испитаниците на анкетите дадоа во врска со прашањата за **подготовка на примарни наставни материјали (учебник за изборниот предмет Филозофија) и дополнителни наставни материјали (прирачник за наставници, работна тетратка и хрестоматија)**. Оттука, силно препорачуваме нивна изработка. За подобрување на подготовката на наставниците за наставата исто така е важно и да се изработат **интернет платформи** на кои можат да се најде **поголем фонд на дополнителна литература** за овие предмети, особено на македонски јазик. Во однос на експлицитната препорака за **употреба на методот работа во групи** од страна на Државниот просветен инспекторат, сугерираме **реевалуација** на ваквите препораки имајќи предвид дека природата на секој посебен предмет детерминира кои методи се најуспешни при неговата реализација.

8. И покрај тоа што евалуацијата на актуелниот учебник не беше предмет на ова истражување, сепак беа добиени корисни информации кои би послужиле во некое идно истражување.

Според резултатите од анкетата се заклучува дека **учебникот по задолжителниот предмет Филозофија делумно не ги исполнува целите поставени во предметната програма**, состојба која задолжително треба да се коригира. Високиот степен на остварување на целите на предметната програма и релативно нискиот степен на кој учебникот поттикнува да се

остварат овие цели, покажува дека наставниците вложуваат голем дополнителен напор за да ги остварат поставените цели. И покрај отсуството на учебник по изборниот предмет Филозофија, целите поставени во предметната програма по овој предмет повисоко се остваруваат од целите поставени кај програмата за задолжителниот предмет Филозофија. Ова ја покажува неопходноста од постоење добро осмислен учебник.

Учесниците во фокус-групите, засновајќи го своите мислења на своето искуство, и предложија следниве препораки: **содржините во учебникот** по задолжителниот предмет Филозофија **треба да не бидат толку обемни,** со толку долги лекции со премногу информации, туку достапни за учениците, со тоа што прво ќе им се нуди **соодветната терминологија**, а потоа сите корисни информации од предметот; **повеќе слики, сликовни и схематски прикази** може да помогнат, наместо премногу сув текст; материјалот во учебникот треба да биде **постапно изложен**, за да може постепено и кохерентно да се научи, а не да се протрчува низ темите, без постигнување на подлабоки знаења. Поради обемноста на содржините, се појавува немање на можност за **често организирање на часови по слободен избор**.

Особено горливи се проблемите со **учебникот на албански јазик**. Недостасуваат тематски единици предвидени во предметната програма, понатаму, не постои соодветна хронологија во наставните единици и постојат многу нејасни и несоодветни поим. Даден е предлог, **учебникот што се користи во спроведување на наставата на македонски јазик, да се преведе и на албански јазик**.

### 3.1.2. Логика

Сумирањето на сознанијата од сите активности спроведени во рамки на проектот (компаративна анализа на програмите, анкета со средношколските професори и фокус-групата) во врска со предметната програма по Логика и со начинот на нејзиното реализирање, ги сугерира следниве прелиминарни заклучоци:

1) Во поглед на **постојното место на предметот Логика** во наставните планови за средното образование, може да се заклучи дека тој е значително помалку присутен сега, кога се изучува како изборен предмет во четврта година во општествено – хуманистичкото подрачје од гимназиското образо-

вание, отколку пред петнаесетина години, кога бил изучуван како задолжителен во сите гимназии. Ставовите на средношколските наставници недвосмислено ја сугерираат потребата **од промена на постојниот статус на предметот од изборен во задолжителен за сите насоки на гимназиското образование, и во сите стручни училишта и што подготвуваат профили во кои логичките вештини имаат значајно место** (на пример профили на економисти, правници, биротехничари итн.). Имено, логиката е предмет што ги оспособува учениците за издржано, систематично, критичко и креативно мислење применливо во сите области и за развивање на клучните интелектуални компетенции неопходни за продуктивен и одговорен професионален и граѓански живот. Солидните знаења од овој предмет можат да ги унапредат постигнувањата на учениците и во сите други дисциплини, и да им бидат мошне корисни интелектуални орудија во кое и да било подрачје во кое ќе се усовршуваат во понатамошните фази од образованието. Во таа смисла, препораката е Република Македонија да го следи примерот на земјите во кои веќе е обезбеден овој статус на предметот Логика, на пример, на Република Хрватска, Република Србија и Република Бугарија, и да се вклучи во современите образовни текови кои ставаат се поголем акцент на потребата од развој на интелектуалните вештини на критичко и креативно мислење, како едни од најзначајните компетенции во современата доба.

2) Постојната предметна програма, како во поглед на целите, така и во поглед на застапените содржини е оценета како генерално адекватна и конципирана во духот на современите трендови на средношколската настава по логика. Сепак, според резултатите од компаративната анализа и од анкетата на средношколските професори евентуалната идна надградба на предметната програма би можела да стави поголем фокус на содржините од областа на **критичкото мислење, аргументацијата и реториката**, односно на примената на логичките принципи и механизми во расудувањето со средствата на обичниот јазик, особено преку практични примери од различни типови комуникација. Исто така, следејќи го примерот на предметната програма по Логика во Република Хрватска, би можел да се вклучи поголем обем на **содржини од современата симболичка логика** што се вградени и во основата на модерната компјутерска технологија, а за сметка на некои содржини што учениците ги изучуваат по другите предмети (на пример лингвистичките и социолошките аспекти на јазикот и комуникацијата).

3) Актуелниот **учебник** изработен според постојната предметна програма е, општо земено, **добро концепиран, прецизно формулиран и со широк опфат** на најзначајните логички теми и проблеми. Сепак, дел од средношколските професори сметаат дека **сложеноста на логичката терминологија** и **високото ниво** на јазикот и стилот на кој е напишан го **отежнуваат неговото користење** од страна на средношколската популација. Оттаму, сугестијата на најголемиот дел средношколски професори е дека е неопходна **изработка на придружни педагошки материјали** – работна тетратка/тетратка за вежби, прирачник за наставници, хрестоматија, итн. – кои би овозможиле примена, надградување и проширување на сознанијата стекнати од учебникот. Овие материјали би ја поттикнале и продлабочиле и примената на интерактивните методи во наставата. Во поглед на проширувањето на платформата на педагошки материјали и методи, се препорачува да се размисли и за примена на форми на едукативен софтвер кој би ги искористил придобивките на современата информатичка технологија за унапредување на наставата по логика.

### 3.1.3. Етика

1. Општо убедување, согласно развојните тенденции во светското образование, е **предметот Етика да биде задолжителен во сите средни училишта** (во гимназиите задолжителен во минимум 2 години, како и во стручните средни училишта, каде би се развил и применил посебен модел на изучување на професионална етика), **а присутен во сите четири години**. Ова оттаму што, со изучувањето на етиката во сите четири години во средното образование ќе се дозволи широк увод во етичките прашања, а потоа систематично и кохерентно развивање на познанието на етичките ставови, категории и проблеми, со примена врз современите проблеми на човекот, светот и животот.

2. Притоа, согласно заложбите на УНЕСКО, **посветувањето на цела една учебна година на проблеми од биоетиката**, за разлика од осумте часа предвидени во трета година во македонското средно образование, е повеќе од нужно за да се постигне соодветно ориентирање на учениците во рамките на современото општество и негување на биоетичкиот сензибилитет и грижата за живото(т).

